# НАЦРТ ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ (2024 – 2027)

Свети Николе, Ноември 2024

# I. Воведно писмо од градоначалникот

Почитувани,

Стратешкото развојно планирање е без сомневање најбитниот сегмент кој гарантира одржливост и развој на еден субјект. Планирањето е клучната фаза во процесот на управувањето, а од квалитетот на планот зависи севкупниот понатамошен развој на општината.

Моделот на стратешко планирање кој е применет за плански период 2024-2027 г., од општината Свети Николе е усогласен со Методолошките насоки за подготовка на интегрирани локални развојни планови на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), подготвени во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Овој интегриран развоен пристап претставува одличен начин за проектирање на посакуваната иднина и појдовна точка од која општината својот развој го води кон остварување на утврдените цели и во себе ги интегрира искуствата од претходно изработените и актуелни стратешки документи.

Со планот е извршена приоритизација на разновидните развојни приоритети што се утврдени во различните документи кои може да послужат како насока за утврдување на конкретните мерки и проекти што треба да се спроведат во следниов период.

Исправени пред предизвиците како и потребите на жителите на општина Свети Николе, со добро дефинираните приоритети, и согласно со буџетските можности, плански во понатамошниот период ќе се спроведат низа проекти и ќе се подобри севкупното живеење во општина Свети Николе, како општина којашто плански ги спроведува своите активности согледувајќи ги своите реални можности, силните и слабите страни, но и потребите на граѓаните.

Со самиот план ќе се овозможи целосно искористување на потенцијалите на општината Свети Николе со цел подобрување на квалитетот на живот на граѓаните, граѓанскиот сектор и бизнис секторот.

Не чека напорна работа во наредниот период, но уверен сум дека ќе оствариме позитивни резултати со реализација на приоритетните проекти.

Дејан Владев
Градоначалник на општина Свети Николе

# СОДРЖИНА


I. Воведно писмо од градоначалникот ........ 2

II. ВОВЕД ВО ИЛРП ........ 4

2.1 Профил на општина Свети Николе ........ 4

2.2 Цел на ИЛРП на општина Свети Николе ........ 7

III. Методологија за изработка на ИЛРП на општина Свети Николе [2023–2027] ........ 7

3.1 Структура на ИПЛР ........ 9

IV. Вертикална и хоризонтална интеграција на ИЛРП со други развојни политики ........ 10

4.1 Вертикално поврзување ........ 10

4.1.1 Допирни точки на ИЛРП со Глобалните цели за одржлив развој и клучните развојни документи на ЕУ ........ 10

4.1.2 Допирни точки на ИПЛР со националните стратегии ........ 12

4.1.3. Допирни точки на ИПЛР со регионалните стратегии ........ 13

4.2 Хоризонтално поврзување ........ 13

**V. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА** ........ 15

\- **3 СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Економски аспект** ........ 19

VII. Стратешки развојни цели на општината ........ 33

Заштита на животната средина и природата ........ 33

Спорт и рекреација ........ 34

Социјална заштита и заштита на децата ........ 34

Образование ........ 34

VIII. Изјава за развојни приоритети ........ 36

IX. Развојни програми, цели на програмите, мерки, активности и портфолио на проекти ........ 37

X. Буџет на ИЛРП со динамика на финансирање и извори на финансирање ........ 74

XII. План за мониторинг и евалуација ........ 78

Мониторинг и известување ........ 81

# II. ВОВЕД ВО ИЛРП

## 2.1 Профил на општина Свети Николе

Географска положба:

Територијата на Општина Свети Николе се поистоветува со познатата област "Овче Поле", односно таа го зафаќа најголемиот простор на ова поле кое му припаѓа на сливот на Светиниколската река или "Азмак", десна притока на Брегалница.

Како средишен дел на Овче Поле општината се граничи со повеќе општини: Пробиштип, Кратово, Куманово, Петровец, Велес, Лозово, Штип и Карбинци.



Слика 1. Географска локација на општина Општина Струмица

Овчеполската котлина е специфична по своето настанување и морфолошка структура. Таа во целата своја површина не е наполно рамна, затоа нејзината надморска височина изнесува 200 до 400 метри. Најголемата надморска висина не изнесува повеќе од 900 метри. Највисоки места се: Градиште кај Ѓуриште 861 м, Врв – северозападно од село Павлешенци 789, Венец – Северозападно од село Трстеник 762, Свети Јовански рид кај село Богословец 755, Манговица – помеѓу село Горно Ѓуѓанци и село Макреш 741, Голем осој – помеѓу село Макреш и село Орел 734, Челебинско трло – североисточно од село Патетино 731, Камене Страге – пресекот помеѓу село Макреш и село Ранченци и село Немањици и село Патетино 717 и др.

Овче Поле со својата конфигурација и географска поставеност е изложено на континентални и медитерански климатски влијанија. Надморската висина се движи од 238 мнв до 786 мнв. на највисокиот врв на опкружувачките ридести возвишенија. Најголемиот дел од територијата на општината се простира на висина од 250 до 320 мнв. Ова подрачје се карактеризира со сеизмичка активност изложена на дејство и на подалечни земјотреси. Свети Николе спаѓа во епицентралните подрачја со појава на локални земјотреси со интензитет од I до VII степен по MSK скалата.

Просторот на општината Свети Николе зафаќа површина од 480 км2 и се вројува меѓу најголемите општини во Републиката. Но токму поради тоа густината на населеноста не е така голема, односно изнесува 38,5 жители на 1,0 км2.

Во рамките на Општината се наоаат 34 населби но постојани се 32 заедно со централното место Свети Николе (раселени се стара и нова Мездра), а тоа се: Алакинце, Амзабегово, Арбасанци, Богословец, Буриловци, Горно Ѓуѓанце, Долно Ѓуѓанце, Горно Црнилиште, Горобинци, Долно

Црнилиште, Ерџелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Малино Мечкуевци, Мустафино, Немањица, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преод, Ранченци, Сопот, Стануловци, Стањевци, Строиманци, Трстеник.
Во општината Свети Николе е мошне неповолна состојбата на селата според големината на бројот на жителите.

Така во 1994 год. 27 села биле мали, со помалку од 300 жители од кои пак 22 имале дури помалку од 100 жители. Само 2 села се средни по големина и 2 населби се големи со повеќе од 800 жители, што значи дека и во оваа рамничарска општина е нужна пупулациска ревитализација на селата.

Според пописот од 2002 година 24 села се мали со помалку од 300 жители, од кои 18 имаат помалку од 100 жители. Само две села имаат над 800 жители и се поголеми. Загрижувачки е фактот дека осум од селата имаат под 10 жители и две се евидентирани како селски населби, но истите се раселени. Со оглед на рељефната структура најголем број села и тоа 17 се рамнински, 14 се ридски додека нема ниту една планинска населба.

Климатските услови што го карактеризираат овчеполието се следните:

- должина на сончев сјај (сончеви денови 2391 час);
- просечни мразни денови 77 (најизразено во јануари и февруари);
- падавини: просечна годишна количина наврнежи 468мм/м2 и се движи од 333 мм/м2 до 587 мм/м2;
- влажност средногодишна релативна влажност од 67% (максимум во јануари 80% и декември 84 %, а минимум во август 52 % и јули 54%);
- постојани ветрови и тоа:
    а. северен со просечна честост од 188% и постојана брзина од 4,6 мс.
    б. северо- западен ветер со честост од 127% и просечна брзина од 3,9 мс.

Самиот град се простира покрај регионалниот пат Куманово – Штип (од северната до источната страна на градот, а останатаото поврзување се врши со локалниот пат Свети Николе- Овче Поле, поврзувајќи се со регионалниот пат Штип- Велес, потоа преку поврзувањето преку Горобинци – Петровец- Скопје патен правец кој е изграден со карактеристики на локален пат.

Преку урбана средина Свети Николе ги има постигнато позитивните начела за добро урбано поставување на една населба и тоа:

- издвојување на домување со индустрија;
- добра поставеност во однос на ружата на ветрови;
- во однос на течението на речните текови во контекс на домувањето и индустријата;
- релјефната поставеност, зафаќајки ја средната височина, за поставување на една населба;
- сообраќајна поврзаност со поблиските урбани населби и регионот;

Градот Свети Николе согласно постојниот ГУП зафаќа 328 ха и е поделен на неколку зони:

1. Зона на домување;
2. Зона на индустрија;
3. Зона на мало стопанство;

Површината што ја зафаќа ГУП за град Свети Николе е 427 ха од кои припаѓаат на:

- Домување 154, 8 ха;
- Општи функции 84, 5 ха;
- Сообраќај 101, 8 ха;
- Стопански дејности 78,9 ха;
- Сообраќајни објекти 7,0 ха;

Според одредбите од Законот за локална самоуправа, со Општината раководи Градоначалник и Совет на општината, во чиј состав има 15 советници. Општинската администрација е раководена од страна на секретарот на Општина Свети Николе и таа е организирана во 3 Сектори и одделенија во новен состав, како и засебни одделениеја прикажани во органограмот. Во рамките на Општина Свети Николе е и Територијалната противпожарна единица. Официјален јазик со кој општината и администрацијата комуницира со граѓаните и локалните институции е македонскиот јазик.

Табела за вработени во Општина Свети Николе по пол:

| Вработени во општина Свети Николе по пол | Број на жени | Број на мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Вкупно вработени во општинска администрација | 27 | 19 | 46 |
| Раководители на сектор | 0 | 1 | 1 |
| Помошник раководител на сектор | 1 | 2 | 3 |
| Раководители на одделенија | 6 | 3 | 9 |
| Помошно технички персонал | 4 | 3 | 7 |
| ТППЕ | 0 | 11 | 11 |

Во Општина Свети Николе вкупниот број на вработени изнесува 62 лица. Податоците од Табелата покажуваат дека односот на бројот на вработени жени во однос на мажи е незабележлив. Постои само 1 раководител на сектор маж а Раководители на одделение а се во поголем број мажи (33% мажи, 67% жени).



## 2.2 Цел на ИЛРП на општина Свети Николе

Интегрираниот локален развоен план има за цел да ги дефинира предизвиците со кои се соочува општината Свети Николе, како и да предложи начин на којшто тие ќе се надминат и истовремено да ги идентификува и да се надгради на спoредбените предности на општината како основа за долгорочен и одржлив развој

Тоа е возможно бидејќи при неговата изработка се пристапи сериозно, со вклучување на сите локални актери и засегнати страни во еден партиципативен процес, со почитување на претходните циклуси на планирање, преку надминување на секторскиот пристап, со ефикасно искористување на сите локални ресурси заради обезбедување реален долгорочен развој и квалитет на животот на целокупната локална заедница.

Со Интегрираниот локален развоен план се дефинира стратегијата за развој на општината Свети Николе и се дефинираат улогата, одговорноста и обврските на локалната самоуправа во нејзиното остварување, односно се настојува да се дефинира насоката на развојот на Општина Свети Николе за временски период од четири години.

Со ваквиот пристап ќе се постигнат повеќекратни ефекти, а пред сè:

- Вклучување во процесот на сите засегнати страни на локално ниво, преку мобилизирање и мотивирање, заради зголемување на нивото на доверба помеѓу деловниот (бизнис), граѓанскиот (невладиниот) и јавниот сектор, и преку развивање на меѓусебните односи и врски и зголемување на шансите за подобра реализација на утврдените приоритети во планот.
- Добивање верodостојни резултати од извршената социо - економска и SWOT -анализа и обезбедување јасна слика за недостатоците, бариерите но и предностите на општината кои најдобро ќе се искористат при дефинирање на посакуваната состојба.
- Надминување на секторското планирање преку изготвување структурно интегриран мултисекторски план којшто ги третира проблемите интегрирано - од различни димензии (социјални, економски, животна средина, инфраструктура), и е конкретно насочен кон спроведување на активности и проекти во партнерство со локалните засегнати страни.

Успешно имплементирање на Интегрираниот план за локален развој е возможно само преку ефикасно искористување на сите локални ресурси заради обезбедување на реален долгорочен развој и квалитет на живот на целокупната локална заедница.

При изработка на документот се имаше во предвид да се овозможи еднаков пристап до ресурси и можности без оглед на полот, запазувајќи ги начелата на еднакви можности на жените и мажите и на социјалната вклученост.

# III. Методологија за изработка на ИЛРП на општина Свети Николе [2023–2027]

Во Општина Свети Николе во тек е изработка на нова секторска Стратегија за локален развој , последната беше подготвена и спроведена за периодот 2018 – 2022 г. Последен плански изработен документ е УРБАНИСТИЧКА РЕВИЗИЈА ЗА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ како дел од Проектот на УСАИД за „Зајакнување на капацитети за искористување на ресурсите“.

При изработката на овој ИЛРП за Општина Свети Николе 2024 – 2027 беа искористени податоци поврзани со спроведувањето на претходната Стратегија за ЛЕР, сознанијата до кои се дојде низ процесот на партиципативна подготовка на новата Стратегија за ЛЕР на општината Свети Николе како и на Урбанистичката ревизија, т.е. се изврши усогласување на сите овие плански документи. Истовремено, процесот на подготовка на Интерираниот локален развоен развоен

план и на секторската Стратегија за ЛЕР се водеше на комплементарен начин избегнувајќи удвојување на напори и содржини.

Интегрираниот план за локален развој, беше подготвен низ постојана комуникација со тимот на консултанти на УНДП кој испорача техничка помош низ проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој и е дел од пошироката Програмска рамка на УНДП финансирана од Шведската влада,

.

Изготвувањето на Интегрираниот план за локален развој на Општина Свети Николе ги опфати следниве клучни методолошки чекори

| | |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Одлуката на градоначалникот за почеток на подготовка на ИЛП за општината Свети Николе |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Формиран општински тим за развојно планирање сочинет од претставници од организациски единици од општината, и општинскиот координатор за еднакви можности на жените и мажите. |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | Беше подготвена Листа на засегантите страни во општината Свети Николе и истата е приложена како Анекс, на ИЛРП |
| Чекор 4 – Прва проценка на мапираните засегнати страни врз основа на нивниот интерес и моќ | Табелата со првична оценка на интересот и влијанието на засегантите страни е приложена како Анекс, на ИЛРП |
| Чекор 5 – Детална проценка на засегнатите страни кои имаат интерес и моќ во процесот преку структурирани интервјуа | Поврзано со засегнатите страни кои искажуваат интерес и имаат особено влијание врз општинскиот развој беше направена подетална проценка низ засебни состаноци и структуирани интервјуа и табелата со клучните наоди е приложена како Анекс, на ИЛРП |
| Чекор 6 – Подготовка на план за ангажирање на засегнатите страни во процесот на планирање и начини и средства за комуникација | Врз основа на сите претходни наоди поврзани со засегнатите страни беше подготвен План за нивно инволвирање, усогласен со засебниот партиципативен процес на подготвка на новата секторска Стратегија за ЛЕР, и табелата на Планот за инволвирање е приложена како Анекс, на ИЛРП. |
| Чекор 7 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | Беа собрани сите достапни податоци и информации за општината Свети Николе заедно со секторски стратегии, програми и планови на општината и нејзините установи и јавно претпријатие, како и релевантни стратегии програми и планови на регионално и национално ниво. |
| Чекор 8 - Социо-економска и анализа на животната средина | Врз основа на достапните податоци и информации беше подготвена сеопфатна социо-економска анализа и анализа на животната средина која е приложена како Анекс на ИЛРП. Клучните наоди од анализата се интегрирани како засебно поглавје во основниот дел на ИЛРП. |
| Чекор 9 – Формирање и подготовка за работа на тематските работни групи – организирање покани и подготовка за состаноци на работни групи за тематски SWOT анализи | Беа оформени тематски работни групи на засегнати страни на усогласен начин со засебниот партиципативен процес на подготвка на новата секторска Стратегија за ЛЕР. |
| Чекор 10 – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи | Тематските работни групи подготвија тематски SWOT анализи за повеќе сектори и теми.Наодите од тематските SWOT анализи се приложени како Анекс на ИЛРП. Наодите од интегрираната SWOT |

| | |
|---|---|
| | анализа која ја спроведе општинскиот тим за развојно планирање се внесени во засебно поглавје во основниот дел на ИЛРП |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | Во периодот на 2 полчовина од 2024 г. од страна на општинскиот тим за развојно планирање беа подготвени прв и консолидирани нацрти на ИЛРП во кои беа формулирани визијата, стратешките цели, критериумите за приоритизација, приоритетните мерки на програмите, активностите и проектите, буџетот и планот за мониторинг и евалуација на ИЛРП. |
| Чекор 12 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | Консолидиран нацрт на ИЛРП беше презентиран на тематска седница на Буџетски форум на општината Свети Николе или на засебна тематска седница на Форум во заедницата кој се одржа на Декември 2024 г. |
| Чекор 13 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | Пред-финален нацрт на ИЛРП беше разгледан од страна на колегиумот на Градоначалникот и одобрен од страна на Градоначалникот на општината Свети Николе, Декември 2024 г. |
| Чекор 14 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | Пред-финалниот нацрт на ИЛРП беше доставен до Советот на општна Свети Николе и разгледан на седница која се одржа  Декември, 2024 г. |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | Конечна верзија на ИЛРП е достапна на веб страницата на општината Свети Николе https://svetinikole.gov.mk/ |

При сите чекори во методологијата се имаше во предвид да се овозможи еднаков пристап до ресурси и можности без оглед на полот, односно да се запазат принципите за еднакви можности на жените и мажите и социјална вклученост. Принципите за еднакви можности на мажите и на жените се вклучени како едни од основните принципи во ИПЛР. Во тој поглед, термините кои се користат во ИПЛР за лица од машки род или среден род (на пр: „жител", „родител", „лице", итн.) се неутрални и се однесуваат и на жени и на мажи.

## 3.1 Структура на ИПЛР

Интегрираниот план за локален развој на Општина Свети Николе е составен од десет поглавја.

На почеток на ИЛРП е вградено воведно обраќање на градоначалникот на општината. Потоа како делови од првото – воведно поглавје се наведени целите на ИЛРП, опишана е применетата методологија, структурата и институционалната рамка врз која се темели изработката на овој план.

Второто поглавкје се состои од вовед кој се состои од профил на општината и опис на институционалната рамка, како и целта на ИЛРП, односно објаснување на причините на одлуката на општинските власти да го спроведат овој планирачки процес.

После третото поглавје во кое е опшишана методологијата за подготовка на ИЛРП, во четвртото поглавје се обработува вертикалната и хоризонталната усогласеност на Планот со релевантните документи од повисок ранг – меѓународни, национални, регионални, како и со локалните документи. Особено е важно да се напомене дека колку што е  значајна усогласеноста со европските, националните и регионалните релевантни документи, исто толку е важна анализата на локалните документи, бидејќи во содржината на овој документ се инкорпорирани најважните приоритети од сите консултирани локални документи.

Во петото поглавје се презентирани клучните наоди од спроведената социо-економска анализа и анализата на состојбите во животната средина и клучните наоди од интегрираната SWOT-анализа.

Во шестото поглавје, врз основа на претходните анализи, е формулирана развојната визија на општина Свети Николе и за секоја област на надлежност се дефинирани развојните стратешки цели. Во продолжение на планот е направена приоретизација на стратешките цели и врз нивна основа се развиени програми со голем број мерки, активности и проекти, чијашто реализација цели кон надминување на голем број предизвици кои имаат директно влијание врз севкупниот развој на општина Свети Николе и истовремено искористување на спoредбениот развоен потенцијал на општината.

Седмото поглавје ги определува приоритетните развојни стратешки цели на општината, формулирани врз основа на спроведените консултации и анализи заедно со засегнатите страни .

Осмото поглавје ги опфаќа развојните програми на општината за секоја област на надлежност, согласно последниот буџетски циркулар за 2024 година. За секоја област на надлежност се наведени развојните програми, специфичните цели за секоја развојна програма, мерките поврзани со развојната програма, активностите поврзани со секоја развојна програма, а кои немаат финансиски импликации или имаат мали финансиски имликации и на крај се наведени подпрограми/проекти поврзани со секоја развојна програма. На тој начин ИЛРП поблиску се поврзува со буџетскиот процес и структурата на Буџетот на општината.

Во деветото поглавје е опишана динамиката на финансирање и изворите на финансирање на развојните програми, подпрограми/проекти на општина Свети Николе наведени во ИЛРП.

Десетото поглавје се однесува на спроведувањето на ИЛРП и на активностите за мониторинг и евалуација. Посебно внимание треба да се обрне на спроведувањето на развојните планови, бидејќи искуството со минатите развојни планови потврдува дека за доследно спроведен мониторинг и евалуација на резултатите од спроведувањето на развојните планови биле правени сосема малку или никакви напори.

# IV. Вертикална и хоризонтална интеграција на ИЛРП со други развојни политики

При изработката на Интегрираниот локален развоен план на општина Свети Николе, а со цел негова вертикална и хоризонтална усогласеност, беа консултирани и земени предвид Целите за одржлив развој утврдени од страна на Обединетите нации, клучните развојни документи на ЕУ, стратешките развојни документи на национално и регионално ниво, како и секторските развојни документи на општината.

## 4.1 Вертикално поврзување

### 4.1.1 Допирни точки на ИЛРП со Глобалните цели за одржлив развој и клучните развојни документи на ЕУ

Цели за одржлив развој (скратено ЦОР) — е група од 17 цели во врска со меѓународниот развој во иднина. Целите биле утврдени од страна на Обединетите нации и се промовирани како „Глобални цели за одржлив развој“. Тие ги замениле Милениумските развојни цели, чијшто временски период на исполнување завршил на крајот од 2015 година. Целите за одржлив развој

се спроведуваат од 2015 до 2030 година. Се состојат од 169 потцели и 247 показатели за мерење на напредокот кон нивното постигнување.

ИЛРП се поврзува со следниве Глобални цели за одржлив развој:

- Цел 1: Нема сиромаштија да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде;
- Цел 2: Нема глад - да се стави крај на гладувањето, да се постигне безбедност на храната и подобрување на исхраната и да се промовира одржливо земјоделство;
- Цел 3: Добро здравје -да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите од секоја возраст;
- Цел 4: Квалитетно образование - да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите;
- Цел 5: Еднакви можности за мажите и жените - да се обезбеди еднакви можности за мажи и жени во сите сфери на животот, и да се охрабрат жените и девојчињата да остварат свој потенцијал и да учествуваат во сите аспекти на општеството.;
- Цел 6: Чиста вода и санитарни услови - да се обезбеди пристап до и одржливо управување со вода и санитарни услови за сите;
- Цел 7: Обновлива и достапна енергија - да се обезбеди пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите;
- Цел 8: Добри работни места и економија - промовирање на инклузивен и одржлив економски раст, вработување и пристојна работа за сите;
- Цел 9: Иновативност и добра инфраструктура - изградба на прилагодлива инфраструктура, промовирање на одржлива индустријализација и поттикнување на иновации;
- Цел 10: Намалена нееднаквост - намалување на нееднаквоста во и меѓу земјите;
- Цел 11: Одржливи градови и заедници -остварување на инклузивни градови и населби, безбедни, прилагодливи и одржливи;
- Цел 12: Одговорно користење на ресурсите - да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство;
- Цел 13: Преземање мерки за климата - да се преземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание;
- Цел 15: Одржливо искористување на земјата - заштита, обновување и промовирање на одржливото користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустинувањето и спречување на и повлекување на земјишната деградација и спречување на намалувањето на биолошката разновидност;
- Цел 16: Мир и правда - промоција на мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, пристап до правда за сите и изградба на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа;
- Цел 17: Партнерство за одржлив развој -зајакнување на средства за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој

ИЛРП на општината Свети Николе е усогласен со целите на регионалните политики на ЕУ за постигнување рамномерен развој и социјална, економска и територијална кохезија, притоа имплементирајќи мерки кои се однесуваат на растот и вработувањето, противмерки за климатските промени и енергетските прашања и намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост.

По 2020 година, новата кохезиона политика на ЕУ настојува сите држави да учествуваат во зелената и дигиталната транзиција.

Кохезионата политика на ЕУ од своја страна придонесува за зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија на Европската Унија. Таа има за цел да ја поправи нерамнотежата помеѓу земјите и регионите. Таа ги исполнува политичките приоритети на Унијата, особено зелената и дигиталната транзиција. Кохезионата политика е главната инвестициска политика на ЕУ и еден од нејзините најконкретни изрази на солидарност.

Петте главни цели на политиката се:

1) Попаметна Европа, преку иновации, дигитализација, економска трансформација и поддршка на малите и средни бизниси;

2) Позелена Европа без јаглерод, спроведување на Парискиот договор и инвестирање во енергетската транзиција, обновливите извори на енергија и борбата против климатските промени;

3) Поповрзана Европа, со стратешки транспорт и дигитални мрежи;

4) Посоцијална Европа, обезбедувајќи го европскиот столб за социјални права и поддржувајќи квалитетно вработување, образование, вештини, социјална вклученост и еднаков пристап до здравствена заштита;

5) Европа поблиску до граѓаните, преку поддршка на локални стратегии за развој и одржлив урбан развој низ ЕУ.

При подготовката на ИЛРП беа земени предвид и целите на Европскиот зелен договор (ЕЗД) за трансформација на ЕУ во модерна, ресурсно ефикасна и конкурентна економија која планира да биде првиот климатски неутрален континент, обезбедувајќи:

- дека нема да има нето емисии на стакленички гасови до 2050 година;
- економски раст одвоен од користењето на ресурсите;
- дека ниту една личност ниту место нема да биде заборавено.

### 4.1.2 Допирни точки на ИПЛР со националните стратегии

При консултирање на релевантните национални стратешки документи, основна појдовна точка беше дека националните стратегии и останатите документи се во согласност со горенаведените цели и иницијативи на Европската Унија.

При подготовката на ИЛРП на општина Велес особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[9] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf

- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

### 4.1.3. Допирни точки на ИПЛР со регионалните стратегии

*Програма за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година*

Општина Свети Николе му припаѓа на Вардарскиот плански регион и како предмет на анализа се земени документите од овој регион, а првенствено Програмата за развој на Вардарскиот плански регион.

Вредно е да се спомене дека во изработката на овој, како и на другите регионални документи, редовно и во континуитет учествуваат заинтересирани страни од Општина Свети Николе.

ИПЛР на Општина Свети Николе е во согласност со следните цели:

**Среднорочна цел бр. 1**: Унапредување на инфраструктурата во регионот;
**Среднорочна цел бр. 2:** Унапредување на економскиот развој во регионот;
**Среднорочна цел бр. 3:** Заштита на животна средина во регионот
**Среднорочна цел број 4:** Зајакнување на човечките потенцијали
**Среднорочна цел бр. 5** - Задржување на младите во Регионот

## 4.2 Хоризонтално поврзување

[10]https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[11]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[12]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[13]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[14]https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[15]https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[16]https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[17]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[18]https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[19]https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[20]https://finance.gov.mk/
[21]https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

Ако при анализата на меѓународните, националните и регионалните документи зборувавме за директна врска и за напор да се постават цели кои означуваат и овозможуваат одржлив и инклузивен развој, усогласено секаде каде што е тоа можно, при анализата на локалните документи целта беше да се идентификуваат и интегрираат сите поединечни секторски цели кои се наведени во постоечките - тематски развојни документи на општината, во еден стратешки документ.
На тој начин во еден интегриран развоен документ на општината се опфатенинајзначајни и реално остварливи приоритети и Воедно, овој пристап овозможува да се создаде основа за идна подготовка на тематски – секторски стратегии, програми и планови низ кои може да се разработат или доелабораат одредени делови од ИЛРП

Преку следната табела е прикажано кои секторски развојни документи на општината беа предмет на анализа, и како и во кој дел од ИПЛР тие се усогласени:

*Таб.бр.1: Хоризонтална усогласеност*

| РБ | Локален документ | Директна усогласеност со ИПЛР:<br>*(Индиректно, најголемиот дел од целите, мерките и активностите секомпатибилни со ИЛРП)* |
|---|---|---|
| 1 | Стратегија за локален економски развој на Општина Свети Николе 2018 – 2022 | II Стратешка цел: Подобрување на позицијата на Општина Свети Николе во поглед на туризмот<br>Специфична цел 2.1. Поставување на Општина Свети Николе на туристичките мапи<br><br>IV Стратешка цел: Унапредување на локалната економија преку локален економскиразвој<br>Специфична цел 4.1.Подобрувањена локалнатаинфраструктура<br>Специфична цел 4.2.Подобрување на квалитетот на живеењето во Општина Свети Николе<br><br>VI Стратешка цел: Заштита на животната средина во Општина Свети Николе<br>Специфична цел 6.1. Одржливо управување со отпадот и со природните богатства |
| | Стратегија за локален економски развој на Општина Свети Николе 2023 – 2028 | Активностите се компитабилни со ИЛРП<br><br>https://svetinikole.gov.mk/dokumenti/ler/Strategija_LER_2024.pdf |
| | Локален еколошки акционен план на Општина Свети Николе | Активностите се компитабилни со ИЛРП |
| | Социјален план | Активностите се компитабилни со ИЛРП<br>https://svetinikole.gov.mk/wp-content/uploads/2024/07/%D0%A1%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%A1%D0%B2%D0%B5%D1%82%D0%B8-%D0%9D%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%B5-2024-2027-.pdf |

# V. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Свети Николе. На тој начи е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-еконмската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување

*Табела 2: Клучни наоди*

| 1. **СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Демографска анализа** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Постојано намалување на бројот на жители. Постои тенеденција на негативен тренд на природниот прираст на населението.<br>• Учеството на младото население (0 до 19 години) е доста ниско во однос на вкупното насление 18 %, додека учеството на старото население (60 и повеќе години) е дури 30% од вкупното насление што укажува дека во Општина Свети Николе е во процес на длабоко демографско стареење. | • Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на здравјето и квалитетот на живот, намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетен живот;<br>• Поголем број на програми и активности за млади и зголемување на капацитетите за заштита на децата;<br>• Отворање на центри за ран детски развој и сл. со цел зголемен опфат на деца во предучилишни установи;<br>• Овозможување бесплатен дневен престој во установите за згрижување деца за родителите со поголем број на деца проследено и со обезбедување финансиска помош и поддршка за образованието на |

| | |
|---|---|
| | децата кои потекнуваат од повеќечлени семејства.<br>• Отварање на старечки домови |
| Половата структура покажува балансиран однос во општината. | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност, односно еднакви можности на мажите и жените. |
| Негативно миграциско салдо | • Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување.<br>• Преземање конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, подигнување на економските, социјалните услови на повисоко ниво;<br>• Преземање конкретни мерки за подобрување на квалитетот животот во Општината;<br>• Намалувањето на сиромаштијата и обезбедувањето на институционална поддршка за најранливите категории на население вклучувајќи ги жените и младите лица особено во руралните средини. Овие политики и мерки треба да придонесат за менување на монофункционалниот карактер на руралниот простор и збогатување на селската економија преку соодветна на карактеристиките на руралните подрачја дистрибуција на индустриски капацитети (од незагадувачка лесна индустрија, главно од агроиндустрискиот сектор) создадени од домашни и странски инвеститори;<br>• Изградба на социјални станови во подрачја со тренд на депопулација а со цел да им бидат доделени на млади лица и брачни парови по многу поволни цени;<br>• Давање на бесплатни парцели (до 300 m2) со симболични комунални давачки за градба и обезбедена |

| | |
|---|---|
| | инфраструктура во подрачја со специфични развојни потреби – би се опфатиле семејства со месечни примања до 30 000 денари со горна старосна граница од 35 години, млади брачни парови и многудетни семејства но и еднородителски семејства, жртви на семејно насилство, млади кои не се во брачна заедница и други категории согласно спроведена анализа и утврдената состојба во заедницата;<br>• Креирање на работни места особено за најранливите категории на населението, жените и младите;<br>• Обезбедување на подобрен пристап на жените до здравствена заштита пред се амбуланти и гинеколошки ординации во руралните средини; |
| **2.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Пазар на трудот** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| • Голем бројот на невработени лица над 55 години<br>• Голем бројот на невработени со ниско ниво на образование (без образование или со основно образование т.е неквалификувани)<br>• Голем бројо на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година | • Поддршка и прекфалификување на невработените лица.<br>• Проширување на програмите за јавни работи на Општината.<br>• Спроведување активности за олеснување на пристапот на младите кои за прв пат стануваат невработени кон пазарот на трудот (обуки за CV, мотивационо писмо, форуми на работодавачи).<br>• Имплементирање на програми и активности кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа. обуки за CV, мотивационо писмо, форуми на работодавачи).<br>• Информирање за поголема искористеност на мерката 2 Шанса<br>• Имплементирање на програми за обука и тренинг на рабоотната сила. Целта на овие програми треба да биде прилагодување на структурата на понудата на работната сила од аспект на образованието и стручните |

| | |
|---|---|
| | квалификации, на структурата на побарувачката;<br>• Имплементирање на програми кои ќе го стимулираат вработувањето во приватниот сектор, како што е субвенционирање на платите кај новопримените работници, доделување на грантови за самовработување, даночни ослободувања за ново примените работници и сл. Преку овие програми, вработувањето во приватниот сектор треба да се направи поатрактивно од вработувањето во државниот сектор;<br>• Имплементирање на програми за директно вработување во јавниот сектор. Организирање на јавни работи, како што се чистење и одржување на паркови, улици, пошумување и сл. се добра можност најранливите лица да се вработат;<br>• Имплементирање на програми за стимулирање на вработувањето на младите и жените. Овие програми треба да вклучуваат најразновидни тренинзи на невработените млади лица и жените, субвенционирање на платите доколку тие би се вработиле, покривање на трошоците за обука откако ќе се вработат итн.;<br>• Имплементирање на програми за практикантство со цел да се зголеми вработливоста на младите невработени, жените и други ранливи категории од населението и да се превенира недостатокот на вештини кога ќе влезат на пазарот на труд;<br>• Олеснување на искористување на инструментот младинска гаранција (Инфо ден, поврзување со државни институции);<br>• Поблиска соработка со Агенцијата за вработување по однос на спроведување на нивните активни мерки; |

| | |
|---|---|
| | • Подготовка на програми за подобрување на компетенциите за вработување и вработливост на невработените , односно за образование на возрасни во рамките на потребите на пазарот на труд низ соработка со Центарот за стручно образование и обука (спроведување на програми за преквалификација и доквалификација) ; |
| Од невработените лица со посебни потреби најголем дел се од машки пол, како и дека најголем дел се лица без образование или со основно образование т.е неквалификувани а сопред видот на инвалидноста најзастапени се Лица со пречки во развојот (10 лица). | • Воведување на програми и активности за поддршка на лицата со посебни потреби и олеснување на нивното вклучување и пристап на пазарот на трудот.<br>• Формализирање на неформалното вработување кое е особено карактеристично за ранливите категории население како што се: жените, младите, лицата со низок степен на образование и Ромите;<br>• Олеснување на пристапот до пазарот на трудот на ранливите категории на граѓани, особено жените од руралните средини, самохраните мајки и жените без образование или со низок степен на образование; |
| Невработените лица од Општина Свети Николе, како и физичките лица доста малку ги користат сите мерките од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. | Организирање на Инфо денови за самите повици од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. |
| - **3 СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Економски аспект** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Најголем број на активните деловни субјекти имаат од 1 до 9 вработени | • Привлекување на домашни и странски гринфилд и браунфилд инвестиции<br>• Мерки за нефинансиска поддршка на МСП низ обуки и техничка подршка; советување и правна помош; помош во маркетинг активностите и за влез на пазари; и промовирање на поврзување на бизнисите |
| Ниско ниво на претприемничка активност | • Воспоставување општински бизнис акцелератор преку кои на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис а особено жените, младите и лицата со |

| | |
|---|---|
| | попреченост како и други ранливи групи, ќе им се обезбедат сите неопходни информации и ќе се даде поддршка да ја реализираат нивната идеја на подрачјето на секоја општина (може да се влезе и во меѓуопштинска соработка за ваков проект)<br>• Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на ЕЛС, со фокус на жените и младите претприемачи;<br>• Поддршка за основање на социјално претпријатие (ја) со цел да се помогне на најранливите категории |
| Најмногу активни субјекти има во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство, но и дека кај истиот има најголем пад на активни деловни субјекти | Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на елс, со фокус на жените и младите претприемачи |
| Мал број извозно ориентирани претпријатија | • Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на елс, со фокус на жените и младите претприемачи<br>• Развој на општинска економска зона (ако има соодветно земјиште во државна сопственост или низ јавно – приватно партнерство) - Продлабочување на соработката на општините со надлежните органи на државната управа и агенциизa и привлекување на домашни и странски гринфилд и браунфилд инвестиции; |
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини, но слаба обработливост | • Зголемување на обработливата површина преку помош за уредување на имотно-правните односи, создавање услови за производство на необработените површини, како и |

| | |
|---|---|
| | пренамена на дел од пасиштата, на начин кој е комплементарен со мерките за Економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства и Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој;<br>• Интензивирање на соработка со одрачната на МЗШВ и на Агенцијата за поддршка на земјоделците;<br>• Зголемување на обработливата површина преку помош за уредување на имотно-правните односи, создавање услови за производство на необработените површини, како и пренамена на дел од пасиштата, на начин кој е комплементарен со мерките за Економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства и Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој;<br>• Јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства преку олеснување и одредени бенефиции за малите стопанства за зголемување на обемот на работа и економските резултати и преминување во правна форма на субјекти - стопанства, паралелно со приоритизација во мерките Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги;<br>• Поддршка и создавање предуслови за формирање на земјоделски задруги;<br>• Создавање на потребните предуслови и инфраструктура (патна, наводнување, струја и слично);<br>• Зголемување на инвестициите во извори и системи за наводнување и одводнување; |

| | |
|---|---|
| | • Јакнење на структурата на производство и добивање поголема вредност на земјоделското производството;<br>• Формирање на агро-индустриски зони како центри за поттикнување и олеснување на економските активности во земјоделството (низ меѓуопштинска соработка или на ниво на плански регион). Истите треба да бидат воспоставени по примерот со  индустриските зони (посебни зони но и користење на расположливите ресурси кои не се користат во регионот – т.н „brownfield“ инвестиции или во склоп на веќе постојните индустриски зони) со одредени предуслови и бенефиции за инвеститорите; |
| Недоволна туристичка понуда и ниско ниво на туристичка промоција | • Развој на руралниот туризам и спортскиот (лов и риболов) туризам, но и заштита и промоција на културните и другите знаменитости и традиционални обележја;<br>• Мапирање на туристичките потенцијали;<br>• Реконструкција на постоечките планинарски домови и изградба на нови со дефинирање на модел за управување и инвестирање во нив и трасирање и промовирање на официјални планинарски патеки;<br>• Зголемена поддршка за заштита и промоција на традиционалните одлики и производи. |
| Недоволна искористеност на шумските потенцијали | • Воспоставување оперативен систем за превенција и менаџирање на шумски пожари. Во оваа насока, од особено значење е соработката со Центарот за управување со кризи  и Дирекцијаа за заштита и спасување. Дополнително во заштитата од пожарите може да придонесе и мобилизирање на локалните и регионалните заинтересирани |

| | |
|---|---|
| | страни, а особено планинарските друштва, еколозите, претставниците од локалните заедници и др., нивна обука и доброволно учество во превенција и справување со пожари. Дополнително во заштита на шумите може да придонесат мерки за искористување на обновливите извори на енергија и енергетска ефикасност, а посебно преку користење на остатоци од кроење, како и производството на биогас и биогориво; |
| Недоволно развиена база на разделени податоци по пол мажи и жени | • Воспоставување соодветна база на разделени податоци за да може преку темелна анализа да се планира и да се развиваат идни стратегии, политики и мерки за поддршка на жените во земјоделството и руралните средини;<br>• Зајакнување на положбата на жените во руралните подрачја преку промовирање на правото на сопственост на имот и правото да располагаат со ресурси (финансиски и нефинансиски);<br>• Поттикнување и приоритизација на учеството на жените како носители на земјоделски стопанства низ поврзување со мерките за Економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства, консолидација на земјоделското земјиште, но и мерките за правна формализација на индивидуалните земјоделски стопанства и формално вработување на жените;<br>• Градење на капацитетите на жените како претприемачи, но и нивните квалификации и стручност за поголемо учество во формалната/платена работна сила; |
| - **4.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Комунална инфраструктура и планирање** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |

| | |
|---|---|
| <ul><li>Постојат само 8 урбанистички планови за села.</li><li>Мал процент на населените места за кои има урбанистичка планска документација и истата е на ниво на општ акт.</li></ul> | Зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места заради побрз развој на заедницата. |
| ЈКП не ги има превземено сите водоводни системи во населените места не е искористена можноста за проширување на капацитетот на прочистителната станица за вода а со тоа и дистрибуција на третирана вода до рурланите населени места | Согласно закон ЈКП да ги превземе, управува и одржува водоводните системи заради обезбедување на квалитетна вода за пиење. |
| <ul><li>Нефункционирање на Прочистителната станица за отпадни води</li><li>Мала покриеност на населените места со канализациони системи.</li><li>Загрижувачко ниво на испуштање на непрочистена вода.</li></ul> | Изградба на канализациони системи во поголемите останатите места во општината, ставање во функција ПС каде постојат и изградба на нови ПС заради заштита/подобрување на квалитетот на водите со приоритет на Отпадните води на градот и индустриските зони. |
| Недоволна патна мрежа во малите рурални населени места со што отежнат е пристапот на граѓаните, во самите населени места. Оштетеност на дел од постоечката патна инфраструктура. | Изградба на нови улици во руралните средини. Реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените, децата, лицата со посебни потреби и стари лица. |
| **5.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Социјална инфраструктура** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Не постои згрижување на децата во градинки/центри за ран детски развој во руралните средини во општината | Отворање установи за детско згрижување, посебно во руралните средини. |
| Намален број на ученици во основно образование | Задржување на младите во општината преку подобрување на условите за вработување. Потребно е стимулирање на млади бракови и раѓање во помлади години. |
| Намален број на ученици во средно образование | Отворање на стручни насоки во средното училиште за полесен пристап до пазарот на труд. |
| Недоволен број на културни манифестации во општината | Поддршка во одржување на постојните културни, традиционални и фолклорни манифестации и востановување нови манифестации |
| ЈЗУ не пружа медицинска услуга за бремени жени | Обезбедување соодветен кадар и опрема за давање на гинеколошка услога |
| Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на тешка финансиска состојба на семејствата | Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица приматели на социјална помош |
| Недоволна активност на невладините организации | Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели |

| | |
|---|---|
| | согласно надлежностите и приоритетите на општината. |
| Немање на социјални услуги во домот | Воведување на нови социјални услуги |
| Немање на Младински центар | Започнување на процедурата за отварање на младински центар во градот |
| Намален број на женски спортски клубови | Поддршка низ проекти |
| **6.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Загадувањето на почвата се случува поради дивите депонии и непрочистените отпадни води и канали | Неопходна е санација на дивите депонии и изградба на ПС |
| Нема соодветни податоци за концентрации на загадувачки материи во водухот | Потребно е да се воведе соодветен мониторинг и активен однос кон заштитата на воздухот со поставување на барем една мерна станица интегрирана во националната мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот, поднесување на иницијатива. |
| Незаштитени шумски екосистеми | |
| Енергетската ефикасност на објектите е на ниско ниво | Неопходна е редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва. |
| Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | Унапредувае на енергетска ефикасност со субвенционирање. |
| Немање на податоци за загадувачи на воздухот на територија на општина Свети Николе | Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку субвенционирање |
| Немање на алтернативни начини на снабдување со електрична енергија во локалните установи и Општината | Изработка на катастар на загадувачи на амбиенталниот воздух во Општина Свети Николе |
| Немање на документација поврзана со климатските промени и справување со таков вид на ризици | Подобрена енергетска ефикасност на јавните објекти во сопственост на општините, локалните установи и ЈКП. |

При изработката на ИЛРП се користеше SWOT анализата, како најчесто користен партиципативен метод за идентификување на најважните внатрешни фактори и надворешните околности важни за општинскиот развој.
SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

Тематските **SWOT** анализи се изготвени на работилници при изготвување на стратегиските документи. На работилниците учествуваа засегнати страни за изготвување на стратегиски документи, кои се засегнати страни и во овој Интегриран локален развоен план. SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста.

Подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање, а во која е интегрирани и клучните наоди од тематските SWOT анализи.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа на општина Свети Николе*

<table>
<tr><th>СИЛНИ СТРАНИ</th><th>СЛАБИ СТРАНИ</th></tr>
<tr><td>Демографија<ul><li>Со изградбата и пуштање во употреба на Автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип трендот на миграции се намалува</li><li>Бројот на лица со средно образование е зголемен (50% од Вкупното Население на возраст од 15+години) за разлика од населението коешто е без образование, има незавршено образование или има само основно образование. Тоа значи дека општина се одликува со позитивен тренд во развојот на образовната структура, така што денес има значително квалитетна образовната структура на населението.</li></ul></td><td>Демографија<ul><li>Согласно Пописите во 1994, 2002 и 2021 бројот на населението опаѓа кај сите населени места освен Пеширово. Споредбено со Пописот 2021 и Пописот 2002 вкупниот број на население е намален за 3.177 жители.</li><li>Нагло опаќање на бројот на жителите од град Свети Николе за една деценија.</li><li>Растечка миграција на населението</li><li>Зголемен морталитет за сметка на наталитетот односно негативен природен прираст</li><li>Од Пописот 2021 година може да се констатира дека учеството на младото население (0 до 19 години) е доста ниско во однос на вкупното население (18 %), додека учеството на старото население (60 и повеќе години) е дури 30% од вкупното население што укажува дека Општина Свети Николе е во процес на длабоко демографско стареење</li></ul></td></tr>
<tr><td>Локален Економски Развој<ul><li>Успешни фирми извозно ориентирани фирми од прехранбена индустрија и земјоделие</li><li>Овчеполието е познат земјоделско-сточарски регион кој изобилува со почва од повеќе класи, со посебна внатрешна вредност – бонитет, голем број сончеви денови и систем за наводнување. Земјоделството учествува со околу 38 % во структурата деловните субјекти во општината</li><li>Поволни услови за одгледување на житни, индустриски и градинарски култури.</li><li>Зголемување на производството на грозје (количина на КГ по хектар) во последните 3 години.</li><li>Изобилство на археолошки локалитети, од кои најстарите датираат од неолитот.</li><li>Ѓуришкиот масив изобилува со лековити билки и растенија.</li><li>Ридот Богословец и истоименото село се едни од најсниманите предели во историјата на македонската кинематографија.</li></ul></td><td>Локален Економски Развој<ul><li>Постои тенденција на намалување на активните деловни субјекти особено во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство</li><li>Постојат мал број извозно ориентирани претпријатија, претежно ориентирани кон индиректен извоз - лон-систем на производство.</li><li>Недоволна обработливост на земјоделските површини (околу 35%, од кои најголем дел се ораници и бавчи (околу 90% од обработливата површина)</li><li>Непостоење на податоци за бројот на индивидауални земјоделски стопанства, домаќинскства со шума, домаќинства со рибник, колку од земјоделското обработлива површина е во сопственост на индивидуалните земјоделски производители и податоци за структурата на сточниот фонд</li><li>Незавршени геолошко – рударски истражувања во котлината</li><li>Непостоење на податоци и анализа на туристичките потенцијали и поврзаната</li></ul></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Во непосредна близина на Брегалница се наоѓа надалеку познатата „кисела вода" која луѓето уште од многу одамна ја користат за лекување според народната медицина.<br>• Народниот музеј постои неколку децении и го претставува културното наследство на Општина Свети Николе. Содржи археолошка, етнолошка, историска поставка, како и лапидариум и простор за повремени изложби и настани.<br>• „Народен Музеј" Свети Николе има 450 евидентирани и околу 300 позајмени етнолошки предмети. Околу 500 археолошки предмети и околу 150 историски предмети.<br>• Археолошки локалитет Билазора — пајонски град од периодот на раната антика. Денес локалитетот се вика „Градиште" со површина од над 20 хектари.<br>• Бројни цркви и манастири (Храм „Свети Николај Чудотворец", Ѓуришкиот Манастир, итн.)<br>• Бројни традиционални манифестации кои се организираат на локално ниво (Меѓународниот фестивал - Тодорица и Свети Николај)<br>• Голем број на еколошки чисти подрачја и шумасти предели во кои има рановиден дивеч со можност за ловење и развој на ловниот туризам.<br>• Вештачкото езеро Мавровица кое се наоѓа на 9 километри од градот е богато со мрена, крап и сом.<br>• Голем број на традиционални јадења кои не можат да се најдат на друго место во државата.<br>• Постоење на традиционални обичаи и стари занаетчиски работилници | инфраструктура – сместувачки и угостителски капацитети.<br>• Слаба искористеност на туристичките потенцијали<br>• Недоволно развиена туристичка понуда |
| **Комунална инфраструктура**<br>• Соодветна понуда на пазарот за инвестиции за градежно неизградено земјиште за домување во однос на покриеноста со ДУП-ови<br>• Постоење на 3 индустриски зони:<br>- Индустриска зона „Свети Николе<br>- Индустриска зона ,,Овче Поле,,<br>- Зона „Мало стопанство" | **Комунална инфраструктура**<br>• Постојат само 8 урбанистички планови за села. Мал е процент на населените места за кои има урбанистичка планска документација и истата е на ниво на општ акт.<br>• Пречистителната станица за третман на отпадните води не е во функција од 2010 година. |

| | |
|---|---|
| | • ЈКП не ги има превземено сите водоводни системи во населените места не е искористена можноста за проширување на капацитетот на прочистителната станица за вода а со тоа и дистрибуција на третирана вода до руралните населени места<br>• Мала покриеност на населените места со канализациони системи.<br>• Загрижувачко ниво на испуштање на непрочистена вода.<br>• Атмосферската канализација не е застапена на територијата на градот Свети Николе, со исклучок на неколку парцијални решенија на пооделни локации што не ги задоволува потребите за зафаќање на атмосферските води и нивно одведување до водотеците. |
| **Социјална инфраструктура**<br>• Меѓународниот славјански универзитет „Св. Николај“ – е лоциран во општината и работи од 2004 г. Во негов состав се додипломските и последипломски студии на 5 факултети, и тоа: Факултет за економија, Факултет за психологија, Факултет за информатика, Факултет за безбедносно инженерство, Факултет за правни науки, како и 2 института: Институт за инженерска економија и Институт за култура и уметност.<br>• Домот на културата е организатор манифестации кои прераснаа во традиција;<br>• Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“;<br>• Свечена академија по повод Свети Николај;<br>• Плејбек шоу за деца „Ѕвездички“;<br>• Манифестација „Книгата – отворен прозорец кон светот“;<br>• Поетска манифестација „Пролет, љубов, смеа“;<br>• Светиниколско културно лето и Топол културен бран;<br>• Градскиот аматерски мандолински оркестар Свети Николај со своите бројни учества и награди од голем број меѓународни фестивали и концерти, како и Градски аматерски театар „Сцена 71“, се | **Социјална инфраструктура**<br>• Недоволни капацитети за згрижување на деца од предучилишна возраст и во градот, а особено во руралните населби.<br>• Недостаток на кадар за згрижување на деца од предучилишна возраст<br>• Драстично намалување на бројот на ученици во основните и средните, како резултат на миграцијата<br>• Недоволна оптимизација на основните училишта со оглед на тоа што во една паралелка има во просек 13.9 ученици по паралелка, додека ангажираниот наставен кадар во училиштата расте.<br>• Неусогласеност со пазарот на трудот, односно недоволна координација со приватниот сектор во однос на стручното образование<br>• Намалување на бројот на дипломирани студенти со постојано живеење во општината<br>• Недоволен број на културни манифестации во општината<br>• Во општината недостасува постојана специјалистичка здравствена услуга. (На пр. ЈЗУ не пружа медицинска услуга за бремени жени)<br>• Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на тешка финансиска состојба на семејствата<br>• Намален број на женски спортски клубови |

| | |
|---|---|
| културни репрезенти на Општина Свети Николе<br>• На просторот во Овче Поле откриени се и евидентирани 179 археолошки локалитети (Археолошка карта II на Република Македонија)<br>• Функционален дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост, во рамките на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Свети Николе | • Непостоење на Младински центар<br>• Недоволно активен невладин сектор високо зависен од финансиска поддршка |
| **Водовод и канализација, комунални служби:** | **Водовод и канализација, комунални служби:**<br>• Недоизграденост на системот за одведување на комунални и атмосферски води;<br>• Застарена водоводна мрежа;<br>• Недоволно количество на вода за пиење во одредени зони;<br>• Злоупотреба на системот за дистрибуција на вода за пиење како техничка вода и вода за останати потреби;<br>• Недостаток на податоци за количеството на вода која се користи во техничко – технолошки процеси, нејзина повторна употреба и количество и квалитет на отпадни води за секоја инсталација;<br>• Недостиг на податоци за обезбедени дозволи за користење на вода и испуштање на отпадни води кај физички и правни лица што вршат активности на црпење и испуштање;<br>• Неодржување на зоните на отворените канали за одводнување или заштита од поплави кои се преполни со отпадоци, кои како такви негативно влијаат врз животната средина;<br>• Некоординираност со други институции во делот на надзорот и контролата на спроведувањето на обврските за животна средина од страна на субјектите на територијата на Општината;<br>• Непостоење на подземен катастар |
| **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>• Близина до аеродромот во Скопје<br>• Добра поврзаност со главниот град и околните места со новиот автопат Гоце Делчев А4 , два регионални патишта: Р1 и Р2, како и патните правци: А3м од Велес кон Штип и и патниот правец Р1204 од Куманово кон Штип. | **Транспорт, врски и сообраќајни решенија:**<br>• Недоволно развиена патна мрежа во помалите рурални населени места со што отежнат е пристапот на граѓаните, во самите наслени места. Дел од постоечката патна инфраструктура е оштетена.<br>• Повеќе од 20% од патиштата не се асфалтирани или се со коцка |

| | |
|---|---|
| | • Потребна е реконструкција или комплетна замена на мостот кај Отпад бидејќи со помала ширина од коловозот на локалниот пат, како и во дел од руралните населби. |
| **Животна средина** | **Животна средина**<br>• Отсуство на податоци за квалитетот на водите во Општината<br>• Главен извор на загадување се отпадните води од домаќинствата, како и од добитокот и живината кои се чуваат околу куќите<br>• Околу 4% од комуналните отпадни води се пречистуваат во пречистителни постројки;<br>• Можности од поплави заради неуредени речни корита на реките;<br>• Отсуство на предтретман станици како и функционална прочистителна станица за отпадната вода;<br>• Зголемување на еолската ерозија како резултат на уништување на полезаштитните појаси во земјоделските површини;<br>• Недостиг на јавна свет кај жителите;<br>• Предизвици во врска со загадување на воздухот:<br>  ○ Емисија од резиденцијални извори - домашни ложишта;<br>  ○ Емисии од мобилни извори- транспорт;<br>  ○ Фугитивни емисии на загадувачки супстанции во воздухот- испарувања од возила, бензински пумпи;<br>  ○ Емисија на прашина од градилишта:<br>  ○ Индустрија;<br>  ○ Спалување на секаков вид отпад;<br>  ○ Урбанизација и надминување на еколошкиот капацитет;<br>  ○ Природни предиспозиции.<br>• Предизвици во врска со загадување на почвата:<br>  ○ Идентификувани притисоци врз почвите во Општина Сеети Николе Како резултат на движечките сили, се јавуваат следниве притисоците врз почвите, кои се презентираат преку директните антропогени притисоци и импликации врз животната средина и тоа: |

<table>
<tr><td></td><td>
<ul><li style="list-style:none"><ul>
<li>Интензивно земјоделство, користење ѓубрива и пестициди;</li>
<li>Недостиг на ефикасен систем за следење/мониторинг како и податоци за квалитетот на почвата и за степенот на деградација предизвикана од индиректна контаминација од воздухот, водата, сточарските фарми, употребата на пестициди, минерални ѓубрива и сл.;</li>
<li>Недоволна информираност на населението и низок степен на јавна свест во областа на заштита на почвата;</li>
<li>Непокриеност на руралните подрачја со фекална канализациска мрежа, односно загадување на почвата со фекални води;</li>
<li>Климатски промени.</li>
</ul></li>
<li>Предизвици во врска со биодиверзитетот:
<ul>
<li>Како резултат на движечките сили, се јавуваат притисоци врз биодиверзитетот, и тоа:</li>
<li>Континуирана пренамена на јавно зеленило и обработливи површини за сметка на урбан и инфраструктурен раст на општината;</li>
<li>Непочитување на Законот за урбано зеленило;</li>
<li>Недоволно одржување и заштита на постојните и новоподигнатите зелени површини;</li>
<li>Појава на непродуктивно земјиште – напуштени места и парцели затрупани со отпад;</li>
<li>Ниска свест за природното наследство;</li>
<li>Непостоење на зелен катастар;</li>
<li>Неодржливо земјоделство и нецелосна канализациска мрежа во руралните делови;</li>
<li>Загрозеност на зелените површини од сеча и деградација од страна на несовесни граѓани;</li>
<li>Фрагментација на живеалишта.</li>
</ul></li></ul>
</td></tr>
<tr><td>Пазар на труд
<ul><li>Најголем дел од работоспособното население прима  плата или друга надокнада</li></ul></td>
<td>Пазар на труд
<ul><li>Бројот на пензии е висок, како и лицата коишто немаат приход или се издржувани од други.</li></ul></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • кај жените има поголема искористеноста на мерките односно застапени се со 58%. | • Висок број на невработени лица над 55 години<br>• Голем број на невработените со ниско ниво на образование (без образование или со основно образование т.е неквалификувани)<br>• Висок број на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година - 58% од вкупниот број невработени.<br>• Невработените лица од Општина Свети Николе малку ги користат мерките од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот (најчесто користат 5 со 6 мерки) |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Близина до аеродромите во Скопје<br>• Географска положба со поволни климатски, земјоделски и природни карактеристики која овозможува мултифункционален земјоделски развој<br>• Пристапот до фондови за унапредување на сообраќајната инфраструктура<br>• Пристап до меѓународни фондови за развој на МСП, култура, и животна средина<br>• Пристап до техничка и финансиска помош од страна на меѓународни организации (ГИЗ, УСАИД, УНДП, СДЦ, итн.)<br>• Пристап до финансиска помош од националните програми (Пр. Програма за регионален развој)<br>• Достапност на фондови и субвенции за самовработување<br>• Тенденција кон намалување на каматните стапки во комерцијалните банки<br>• Развој на нови технологии и можност за трансфер на технологии<br>• Зголемен интерес за изградба на куќи, изградбата на автопатот Миладиновци - Свети Николе - Штип<br>• Високо ниво на сончеви денови што овозможува значаен добиток на енергија од употреба на фотоволтаици<br>• Субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност<br>• Нови туристички трендови свртени кон природата и здравиот начин на живот | • Политички и економски кризи на светско ниво<br>• Неадекватни програми за образование и непостоење на квалитетни учебници на национално ниво<br>• Недоволна развиеност на свесноста на граѓаните за важноста на развојот и унапредување на електроенергетскиот сектор и неговите можни позитивни влијанија на функционирање на целата општина<br>• Недоволно развиена свест за придобивките на обновливи извори на енергија<br>• Не постоење на конзистентна политика за земјоделски откуп<br>• Ниски примања на здравствените работници на државно ниво<br>• Одлив на здравствените работници во странство<br>• Климатски промени<br>• Општа апатија и незаинтересираност на жителите за работа во локалните компании<br>• Лоша економска ситуација во градот и државата<br>• Заминување на млада квалификувана работна сила во странство |

| | |
|---|---|
| • Растечка меѓународна побарувачка за туризам кој е ориентиран кон природата и органската храна | |

## VI. Изјава за визија на општината

Општина Свети Николе е заедница на градските, приградските и руралните заедници, која ги претставува нивните различни културни потекла, историски особености и потенцијали за развој. Жителите на општина Свети Николе уживаат во здрав начин на живот преку неограничениот пристап до природните убавини, богатото културно-историското наследство, беспрекорната животна средина и висококвалитетните услуги од страна на локалната самоуправа. Општина Свети Николе е прогресивна заедница со одржлив раст и развој, насочена кон поддршка на приватниот сектор и стимулирање на претприемништвото. Нашиот успех е изграден врз силна работна етика и продуктивни работни односи со нашата заедница и регионални партнери.

Општина Свети Николе е современо и квалитетно место за живеење за локалното население во сите сфери на општествениот живот и основен двигател за напреден и одржлив социоекономски и културен развој во регионоти пошироко.

## VII. Стратешки развојни цели на општината

**Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште**
До декември 2027 година, да се развијат сеопфатни урбанистички планови кои вклучуваат регулативи за зонирање, подобрување на инфраструктурата и насоки за користење на земјиштето за поддршка на рамномерен просторен развој и подобрување на квалитетот на животот за сите граѓани, во најмалку 70% од општината. Свети Николе ќе биде препознаено со инклузивни, безбедни и одржливи урбани средини кои ги препознаваат и адресираат различните потреби на жените и мажите, девојчињата и момчињата, како и лицата со попречености.

**Заштита на животната средина и природата**
До 2027 година да се намалат нивоата на загадување на воздухот и водата за 15% преку имплементација на програми за управување со отпад, поставување на 10 нови станици за следење на квалитетот на воздухот и создавање на најмалку 5 дополнителни зелени површини во општината, вклучително и засадување на дрвја.

**Локален економски развој**
Зајакнати капацитети на приватниот сектор од Општина Свети Николе, преку добивање на информации кои ќе придонесат кон остварување подобрен пристап до финансиски и нефинансиски услуги за компаниите од општината, како и обезбедена поддршка и помош во организацискиот развој на компаниите од регионот

Зголемување на локалната вработеност за 10% и намалување на миграцијата за 5% до крајот на 2027 година преку обезбедување финансиски стимулации и поддршка на мали и средни претпријатија, привлекување на нови инвестиции и спроведување на мерки за поттикнување на локалното претприемништво.

**Комунални дејности**

До 2027 година, да се подобрат општинските услуги со надградба на 20% од локалната инфраструктура, вклучително и системи за водоснабдување, управување со отпад и јавен транспорт, и да се обезбеди ефикасно управување со отпадот .

**Култура**

До 2027 година да се обноват и промовираат 5 клучни локации на културно наследство, да се организираат најмалку 10 културни настани годишно и да се зголеми учеството на јавноста во културните активности за 20% преку промоција на локалните традиции и уметничко изразување.

**Спорт и рекреација**

До крајот на 2027 година, да се зголеми пристапот до спортски и рекреативни објекти (обезбедувајќи можности за учество на мажи, жени, момчињата и девојчињата и лицата со попречености) за 30% со изградба на најмалку еден спортски објект или реновирање на најмалку 3 постоечки објекти и воспоставување 5 спортски програми засновани на заедницата за поттикнување на активни животни стилови кај сите возрасни групи.

**Социјална заштита и заштита на децата**

До 2027 година, да се прошират социјалните услуги за да стигнат до најмалку 70% од ранливите групи со отворање  на нови центри за згрижување деца, подобрување на пристапот до услуги за лицата со попреченост и реновирање на постоечки објекти за да се осигура дека ги исполнуваат современите стандарди.

**Образование**

До 2027 година да се подобри квалитетот на образованието преку надградба на инфраструктурата во најмалку 3 училишта, обезбедување професионален развој за најмалку 30 наставници и зголемување на уписот на учениците во образовните програми за 15%.

**Здравствена заштита**

До 2027 година, подобрување на јавното здравје преку зголемување на пристапот до здравствени услуги за 20%, имплементирање на најмалку 3 програми за превентивна грижа насочени кон главните здравствени проблеми и спроведување кампањи за здравствена едукација кои допираат до 70% од населението.

**Заштита и спасување (на доверба и на материјалните добра)**

До 2027 година да се зајакне подготвеноста за катастрофи преку развивање сеопфатни планови за итни случаи, спроведување годишни вежби за обука за персоналот за итни случаи и обезбедување дека најмалку 70% од граѓаните се свесни и ги разбираат протоколите за итни случаи.

**Противпожарна заштита**

До 2027 година, да се подобри заштитата од пожари со надградба на противпожарната опрема, изградба на нови противпожарни станици и зголемување на свеста на заедницата преку редовни работилници за заштита од пожари, со цел да се намалат инцидентите поврзани со пожари за 15%.

**Еднаквост помеѓу мажите и жените**

До 2027 година, да се постигне поголема еднаквост помеѓу мажите и жените во општинското управување со спроведување на чувствителни политики во сите општински одделенија и намалување на разликите помеѓу мажите и жените во вработувањето и образованието за 20%.

## VIII. Изјава за развојни приоритети

Еден од главните приоритети на општина Свети Николе е демографска обнова и задржување на населението. Опаѓањето на населението и зголемената миграција претставуваат сериозен предизвик, поради што неопходно е воведување на политики и програми кои ќе ги поттикнат младите и семејствата да останат и да се населат во општината. Ова вклучува создавање на нови работни места, подобрување на животниот стандард и обезбедување стимулации за млади семејства, со цел да се прекине негативниот тренд и да се постигне позитивен природен прираст.

Со оглед на тоа што унапредувањето на локалната економија е клучно за одржлив развој на општината, потребно е да се поддржат малите и средни претпријатија, особено во земјоделството и прехранбената индустрија, преку финансиски стимулации и организациски развој. Зголемувањето на обработливоста на земјоделските површини и модернизацијата на земјоделските практики ќе ја зголемат продуктивноста и ќе поттикнат извозно ориентирани бизниси.

Надградбата на комуналната инфраструктура е неопходна за подобрување на квалитетот на живот. Ова вклучува реконструкција и проширување на водоводната и канализационата мрежа, ревитализација на пречистителната станица и изградба на атмосферски канализации. Подобрувањето на патната мрежа, особено во руралните населби, ќе ја зголеми достапноста и ќе ги подобри условите за живот и бизнис.

Зачувувањето на природните ресурси и намалувањето на загадувањето се исто така едни од главните приоритети во наредниот период. Имплементацијата на програми за управување со отпад, поставување станици за следење на квалитетот на воздухот и создавање нови зелени површини ќе придонесат за подобрување на животната средина. Зголемувањето на јавната свест за еколошките прашања и промоцијата на обновливи извори на енергија ќе придонесат за одржлив развој.

Развој на туризмот и културата ќе придонесе за искористувањето на богатото културно и историско наследство со цел тоа да стане еден од двигателите на економскиот развој. За таа цел предвидени се обновата и промоцијата на клучни локации, организацијата на културни настани и промоцијата на локалните традиции, кои директно ќе влијаат на привлекување на и ќе го зголемат учеството на јавноста во културните активности.

Надградбата на инфраструктурата во училиштата, професионалниот развој на наставниците и зголемувањето на уписот на учениците ќе придонесат за подобро образование и зајакнување на човечкиот капитал.

Зголемувањето на пристапот до спортски и рекреативни објекти на девојчињата и момчињата, преку реновирање на постоечките спортски сали и воспоставувањето на заеднички спортски програми ќе поттикнат активен стил на ѓивеење кај локалното население. Што директно ќе влијае на подобрување на физичкото и менталното здравје на граѓаните.

Со овој ИЛРП една од приоритетните области е спроведувањето на политики за еднакви можности на мажите и жените во општинското управување и намалувањето на разликите во вработувањето и образованието, како средство за обезбедување на инклузивен и одржлив развој.

Овие приоритети, базирани на анализата на моменталната состојба и потенцијалите на општината, ќе придонесат за остварување на визијата Свети Николе да стане современо и квалитетно место за живеење и двигател на одржливиот социоекономски и културен развој во регионот.

## IX. Развојни програми, цели на програмите, мерки, активности и портфолио на проекти

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2022 и 2023 година и на вкупни расходи по надлежности за 2022 и 2023 година.

Наодите се орезентирани во табелите подолу.

*Табела 4. Приходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| **Приходна сметка** | **2022** | **2023** | **Раст 2023/2022** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | **135858348** | **161720049** | **119** | **35** | **40** | **+5** |
| Донации | **14276443** | **6348317** | 44 | 3.5 | 1.5 | -2 |
| Кредити | **35289702** | **201714** | 0.57 | 9 | 0.05 | -8.95 |
| Самофинансирачки активности | **9751985** | **11451221** | 117 | 2.5 | 2.5 | 0 |
| Дотации | **196558590** | **228771652** | **116** | **50** | **56** | **+6** |
| **Вкупен приход** | **391735068** | **408492953** | **104** | **100** | **100,05** | **0** |

*Табела 5. Расходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| ***Расходна сметка*** | ***2022*** | ***2023*** | ***Раст 2023/2022*** | ***Структура 2022%*** | ***Структура 2023%*** | ***% промена на структура*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Основен буџет на општините* | ***135506106*** | ***142894228*** | ***105*** | ***35*** | ***37*** | ***+2*** |
| *Донации* | ***14276443*** | ***6348317*** | *44* | *4* | *2* | *-2* |
| *Кредити* | ***35289702*** | ***201714*** | *0.5* | *9* | *0,05* | *-8.95* |
| *Самофинансирачки активности* | ***9751985*** | ***11451221*** | *117* | *2* | *3* | *+1* |
| *Дотации* | ***196558590*** | ***226164055*** | ***115*** | ***50*** | ***58*** | ***+8*** |
| ***Вкупенприход*** | ***391382826*** | ***387059535*** | ***99*** | ***100*** | ***100,05*** | ***0*** |

*Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2022 и 2022 година*

| **Надлежност** | **2022** | **2023** | **Раст 2023/2022** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Совет на општина | **3298141** | **4162623** | 126 | 0,8 | 1.1 | + 0.3 |
| А1 –Изборни активности | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д- Градоначалник | **10810081** | **10093914** | 93 | 3 | 3 | 0 |
| Е-Општинска администрација | **41927568** | **48524897** | 116 | 11 | **13** | **+2** |
| Ф- Урбано планирање | **5312262** | **6139357** | 115 | 1,4 | 1,6 | +0.2 |
| Г- Локален економски развој | **3006844** | **6056807** | 201 | 0,8 | 2 | +1.2 |
| Ј- Комунални дејности | **90574431** | **47802387** | **53** | **23** | **12** | **-11** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| К - Култура | **12933766** | **16689121** | 129 | 3 | 4 | +1 |
| Л - Спорт и рекреација | **3826283** | **4261886** | 111 | 1 | 1 | 0 |
| М – Програми за развој | **96637** | **179711** | 186 | 0,02 | 0.05 | +0.03 |
| Н - Образование | **168219397** | **181193654** | **108** | **43** | **47** | **+4** |
| Р – Заштита на животна средина и природа | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Т – Унапредување на здравствена заштита | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В – Социјална заштита и заштита на деца | **39033578** | **47215715** | **121** | **10** | **12** | **+2** |
| W– Противпожарна заштита | **12328838** | **14688951** | 119 | 3 | 4 | +1 |
| Q - Заштита и спасување | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| X – Еднакви можности на мажите и жените | **15000** | **50512** | 337 | 0,003 | 0,01 | +0.007 |
| Вкупно | **391382826** | **387059535** | 99 | 100 | 100 | 0 |

Програмите кои се составен дел на ИЛРП на општината Свети Николе се усогласени со општинскиот буџетски циркулар за 2024 година пропишан од министерот за финансии.

## Програма за општинска администрација

## Потпрограма за Информатичка и Комуникациска Технологија (ИКТ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Општинска администрација | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) | Ознака на развојна потпрограма | |

| | |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | • Безбедна и ефикасна инфраструктура;<br>• Проширување и подобрување на инфраструктурата;<br>• Контролирано и безбедно отклонување на проблеми;<br>• Лесно надградлива и флексибилна инфраструктура;<br>• Брзо и ефективно отстранување на дефекти и нивна целосна контрола; |
| Планирани активности | 1. Набавканадесктопкомпјутери<br>2. Набавканамрежнаопрема (свичеви ,рутери,) надградба на постоечка инфраструктура<br>3. Резервни делови за тековноодржување и сервисирање на компјутерите (напојувања, хард-дискови и др.)<br>4. Набавка на мултифункционални принтери и фотокопири<br>5. Резервни делови и сервисирање на принтери и фотокопири<br>6. Набавка на уреди за непрекинато напојувањеИ пренапонска заштитаUPS<br>7. Набавка на опрема за надградба на систем за видео надзор, алармни системи.<br>8. Надградба и оддржување на софтвер за даночно оделение LTAS<br>9. Надградба и одржување на софтвер за одделение за финансии и буџет ЕДУСОФТ<br>10. Надградба и одржување на софтвер КОМУНАданочно<br>11. Набавка на лиценци засофтвер (firewall,windows, office,backup ) |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрена општинска ИТ инфраструктура и зголемување на ефикасноста во работењето<br>Индикатори на успешност<br>• % на подобрена општинска ИТ инфраструктура<br>• % на опслужени мажи и жени, граѓани на општина Свети Николе |
| Ризик и претпоставки | Недостиг на финасиски средства |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 |

| Вкупна вредност | 1.820.000,00 денари | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.820.000 | | | |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Свети Николе | | | |
| Рамноправност и инклузивност(краток опис) | Во сите инфраструктурни интервенции ќе се применува сензитивен пристап, со посебен акцент на создавање услови кои ги задоволуваат потребите на мажите и жените. | | | |

**Програма за урбано планирање**
**Потпрограма за урбанистичко планирање**

| Име на буџетска програма | Програма за урбано планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Потпрограма за урбанистичко планирање | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целта на програма за урбанистичко планирање е да се создадат и реализираат стратегии и решенија за ефикасно и одржливо управување со развојот на урбаните простори. | | |
| Планирани активности | 1. ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место -Урбанистичко архитектонски проекти и ревизија на горе наведените и геодетски услуги<br>2. Геодетски услуги | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Очекуваните резултати на програма за урбанистичко планирање се поврзани со создавање на урбани простори кои се одржливи, функционални и пријатни за живеење. Клучните резултати кои се очекуваат од успешна програма за урбанистичко планирање вклучуваат: | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - Одржлив урбан раст<br>- Ефикасна и одржлива инфраструктура<br>- Подобрен квалитет на животот<br>- Голема отпорност на природни катастрофи<br>- Ефикасно управување и координација на урбаното планирање | | | |
| Ризик и претпоставки | Недостиг на финасиски средства | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 25.525.500,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 5.500.000 | 6.050.000 | 6.655.000 | 7.320.500 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Свети Николе | | | |
| Рамноправност и инклузивност(краток опис) | Во сите планови ќе се применува сензитивен пристап, со посебен акцент на создавање услови кои ги задоволуваат потребите на мажите и жените. | | | |

## Потпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за урбано планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целите на програма за уредување на градежно земјиште се насочени кон создавање на систематски и ефикасни услови за планирање, управување и развој на земјиште, како и обезбедување на одржливи и безбедни простори за градба. | | |
| Планирани активности | 1. Надзор на изведбени работи во инфраструктурата<br>2. Стратегиска оцена за влијание на УП врз животната средина Елаборати за животна средина<br>3. Стручна ревизија на урбанистички планови<br>4. Геомеханички истражувања | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Очекуваните резултати на програма за уредување на градежно земјиште се насочени кон обезбедување ефикасно управување со земјиштето, создавање услови за одржлив развој и подобрување на квалитетот на животот за урбаните и руралните популации. | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | |
| Вкупна вредност | 10.906.350,00 денари | | |

| Име на студија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 2.350.000 | 2.585.000 | 2.843.500 | 3.127.850 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Свети Николе<br>Министерство за култура,<br>Буџет на Република Северна Македонија,<br>Донации | | | |
| Рамноправност и инклузивност(краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Свети Николе, жени, мажи, девојчиња и момчиња | | | |

**Програма за комунални дејности**

**Потпрограма за снабдување со вода – капитални расходи**

| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности | Ознака на буџетска/општинска програма | |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Потпрограма за снабдување со вода – капитални расходи | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целите на Потпрограмата за снабдување со вода – капитални расходи се насочени кон подобрување на инфраструктурата за водоснабдување, со цел обезбедување стабилно и одржливо снабдување со чиста вода за сите корисници, како и создавање услови за подобра животна средина и подобрување на квалитетот на животот на населението. Капиталните расходи обично се однесуваат на инвестициски трошоци за изградба, реконструкција, модернизација и одржување на инфраструктурата за водоснабдување. | | |
| Планирани активности | 1. Реконструкција на водоводна мрежана ул.Орце Николов<br>2. Припремни работи за приклучување на бунари од Горни ливади | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3. Реконструкција на водоводна мрежа на територијата на Општина Свети Николе и оспособување на постоечки бунари за водоснабдување | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Зголемена ефикасност на системите за водоснабдување, подобрен квалитет на водата, одржливост на водоснабдувањето, подобрен пристап до вода за сите населени места, оптимизирано управување со водните ресурси: | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 18.564.000,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 4.000.000 | 4.400.000 | 4.840.000 | 5.324.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Свети Николе | | | |
| Рамноправност и инклузивност(краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Свети Николе, жени, мажи, девојчиња и момчиња во реконструкцијата и подобрувањето на водоводната мрежа и бунарите подразбира осигурување дека сите жители, без разлика на пол, возраст или социјален статус, ќе имаат еднаков пристап до чиста и сигурна вода. Овие активности ќе го намалат времето и трудот што најчесто жените и девојчињата го вложуваат за обезбедување вода, овозможувајќи им поголема слобода за образование, работа и личен развој. | | | |

**Потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности | | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целта на Потпрограмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води е да се обезбедат ефикасни, одржливи и еколошки решенија за управување со отпадните води, со цел да се заштити животната средина, да се подобри јавната здравствена состојба и да се поддржи одржливиот развој на урбаните и руралните области. | | | |
| Планирани активности | 1. Реконструкција на канализациона мрежа во град Свети Николе<br>2. Санација на речно корито на Горубинска река 3 фаза | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрен квалитет на животната средина и јавната здравствена состојба, како и оптимизирање на управувањето со отпадни води. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата, како и проблеми со динамиката на реализација. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/12/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 37.128.000,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 8.000.000 | 8.800.000 | 9.680.000 | 10.648.000 |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот | Во тек |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Свети Николе |
| Рамноправност и инклузивност(краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Свети Николе, жени, мажи, девојчиња и момчиња што подобрувањето на канализационите мрежи и подразбира осигурување дека сите жители, без разлика на пол, возраст или социјален статус, ќе имаат еднаков пристап до ова услуга. |

**Потпрограма за јавно осветлување**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| | ПП/П 10.4 | 1/01/2024 | 4 | 3.865.633 | 832.931 | 916.224 | 1.007.847 | 1.108.631 | 3.865.633 |

Табела ...... : Извори на финансирање

| Потпрограма/ Проекти | Проценета вредност на потпрограмата /проектот | Извори на финансирање (вредности) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примарен општински буџет (сопствени извори на приходи) | Општински Буџет на субвенции - Трансфери од централната власт | Заем | Донација | ИПА/ИПАРД | Донација од приватен сектор | ЈПП | Самопридонес од граѓаните |
| **ПП/П1.1** | 1.820.000 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П2.1** | 25.525.500 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 2.2** | 10.906.350 | **X** | **X** | | **X** | | | | |
| **ПП/П 3.1** | 18.564.000 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.2** | 37.128.000 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.3** | 32.951.100 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.4** | 34.807.500 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.5** | 2.320.500 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.6** | 928.200 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.7** | 2.320.500 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.8** | 147.258.930 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 3.9** | 1.392.300 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 4.1** | 87.979.196 | **X** | **X** | | **X** | | | | |
| **ПП/П 5.1** | 277.411.134 | **X** | **X** | | **X** | | | | |
| **ПП/П 6.1** | 61.864.530 | **X** | **X** | | **X** | | | | |
| **ПП/П 7.1** | 15.036.840 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 8.1** | 913.415.992 | **X** | **X** | | | | | | |
| **ПП/П 9.1** | 1.160.250 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 10.1** | 2.784.600 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 10.2** | 10.784.250 | **X** | | | **X** | | | | |
| **ПП/П 10.3** | 1.392.300 | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 10.4** | 3.865.633 | **X** | | | | | | | |

## XII. План за мониторинг и евалуација

Планот за мониторинг и евалуација на ИЛРП содржи индикатори поврзани со на дефинираните специфични цели за секоја програма од ИЛРП.  Со помош на овие клучни индикатори ќе се следи успешноста на спроведувањето на ИПЛР, односно ќе се овозможи доследна евалуација на постигантите резултати во средина и на крај на планскиот период 2024 – 2027 година за секоја поединечна програма. .

Табела .... : План за мониторинг и евалуација на ИЛРП

| Наслов на програмата | Опис на индикаторот | Извор на податоци | Почетна година со вредност на индикаторот | Целна вредност на индикаторот (2027) | Број на лица корисници (жени/мажи) |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма за општинска администрација | Број на набавени компјутери, мреж на опрема (свичеви ,рутери,), резервни делови за тековно, принтери и фотокопири, уреди за непрекинато напојување, пренапонска заштита UPS, опрема за надградба на систем за видео надзор, алармни системи. | Оделение за јавни набавки | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за урбано планирање | Број на изработени ГУП, ДУП, УП<br>Број на геодетски услуги | | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за комунални дејности | - Должина на реконструирана водоводна мрежа<br>- Должина на реконструирана канализациона мрежа<br>- Должина на санирано речно | | | | 50% мажи 50% жени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | корито на Горубинска река | | | | |
| Програма за култура | - Број на реализирани манифестации, програми и проекти<br>- Број на посетители | | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за социјална заштита | Процент на зголемување на капацитетите на детските градинки | | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за противпожарна заштита | Ниво на опременост на професионалната противпожарна единица; | | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за спорт и рекреација | Број на поддржани спортски манифестации, спортски клубови, спортски здруженија | | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за образование | Број на реконструирани училишта | | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за еднакви можности | - Број на манифестации за одбележување на меѓународни денови за подигање на свеста на жените и мажите<br>- Број на активности за промовирање на претприемништво<br>- Број на поддржани жени претприемнички | | | | 50% мажи 50% жени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - Број на спроведени на активности/ кампањи | | | | |
| Програма за Локален Економски Развој | Број на спроведени мерки за поддршка на претприемништво, енергетска ефикасност и туризам | | | | 50% мажи 50% жени |
| Програма за инспекциски надзор | Број на спроведени инспекциски надзори нво општина Свети Николе<br>-број на утврдени неправилности | ***Одд. за инспекциски надзор*** | ***01.01.2025*** | ***31.12.2025*** | 50% мажи 50% жени |

ИПЛР е динамички документ којшто постојано треба да се следи и да се ажурира (да се менува и да се дополнува по потреба), за да се внесат евентуално новоидентификувани програми и потпрограми/проекти што се во согласност со генралната цел на ИЛРП, стратешките цели по области од локална надлежност и специфичните цели на програмите кои го сочинуваат развојниот план.

Одговорноста за спроведувањето на ИЛРП е споделена меѓу органите на локалната самоуправа.

За спроведување на планот се формира **Координативно тел**о, составено од: координатор, заменик-координатор и вработени лица во Одделението за локален економски развој.

За директно спроведување на програмите и потпрограмитепроектите во нивни рамки се формира **менаџерски тим.** Составот на менаџерскиот тим се надополнува во зависност од потребите на потпрограмата/проектот, односно се идентификуваат и се мобилизираат партнери за спроведување на секоја потпрограма/ проект пооделно.

Менаџерскиот тим ќе биде составен од еден програмски менаџер и 4-5 проектни менаџери. Програмските менаџери можат да бидат вработени во општинската администрација, јавни установи, приватни претпријатија или НВО, а проектните менаџери се службеници од општинската администрација или други локални установи, претпријатија или членови на НВО.
Задачи и обврски на менаџерскиот тим се (основни, но не и конечни):

- Да ги подготви потпрограмите/проектите за секоја година од Планот;
- Да одреди проектен тим раководен од проектен менаџер за подготовка на сите потребни документи и формулари за секоја потпрограма/проект поодделно;

- Да бара и да обезбеди извори на финансирање на потпрограмите/проектите за постигнување на соодветната стратешка цел од областа на надлежност и специфичните цели на програмата во чии рамки се истите развиени;
- При спроведувањето да дефинира контролни мерки за секоја потпрограма/проект пооделно;
- Да врши периодично известување на Координативното тело, Советот на Општината и градоначалникот за спроведување на активностите и
- Да врши мониторинг (следење и контрола) на спроведувањето на Планот, што се однесува на степенот на исполнување на генералната цел на ИЛРП, стратешките цели по области на надлежност, и специфичните цели на програмите во чии рамки се развиени поединечни потпрограми/проекти.

## *Мониторинг и известување*

Системот за мониторинг и известување се базира врз извештаите кои треба да обезбедат информации за постигнатите резултати.

Секоја тековна година од временскиот период на важност на ИПЛР, Менаџерскиот тим (МТ), за секоја стратешка цел поодделно, поднесува извештај до Координативното тело (КТ) квартално (на секои три месеци) за планираните и постигнатите резултати и постигнувањата во однос на индикаторите во тековната година.

Секоја тековна година, МТ и КТ поднесуваат извештај до Советот на Општината и до градоначалникот за постигнатите резултати и планираните проекти во наредниот период. Овој извештај се поднесува 2 пати годишно: во февруари, кога содржи информации за спроведените активности и постигнатите резултати во изминатата година, и во септември, кога содржи информации за тековните проекти, анализа и податоци за индикаторите за тековните проекти и сумирани податоци за целиот изминат период. На овој начин, Советот на Општината и градоначалникот добиваат информации врз основа на кои можат да донесат релевантни одлуки за планот во наредната година.

За да ги подготват извештаите, МТ мора да ги следат индикаторите. За секоја фаза од проектниот циклус, МТ треба да следат по неколку точки на прогрес, односно податоци за планираните и остварените вредности на времетраењето, човечките ресурси, финансиските ресурси и процентот на реализација на активностите.

Извештаите што МТ и КТ ги поднесуваат до Советот на Општината и градоначалникот двапати годишно треба да ги содржат податоците за постигнувањето на стратешките/конкретните цели, и тоа:

- Стратешка/Конкретна цел;
- Планиран индикатор;
- Тековна вредност на индикаторот;

- Планирано време;
- Тековно време;
- Планирани вкупни трошоци;
- Тековни вкупни трошоци;
- Забелешки.

Кварталните извештаи што МТ ги поднесуваат до КТ, покрај податоците за постигнувањето на стратешките/конкретните цели, треба да содржат и податоци на програмско ниво,односно за секој проект поодделно:

- Име на проектот;
- Планирани  индикатори;
- Тековна вредност на индикаторот;
- Планиран обем;
- Тековна вредност на обемот (%);
- Планирано време;
- Тековно време;
- Планирани финансиски средства;
- Тековни финансиски средства;
- Забелешки.

## АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

## СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ

### **Природни услови**

Општината Свети Николе му припаѓа на Вардарскиот плански регион, којшто е централен регион на државата, со површина од 4.042 км2 или 16 % од територијата на Република Македонија. Територијата на Општина Свети Николе се поистоветува со познатата област Овче Поле, односно таа го зафаќа најголемиот простор на ова поле кое му припаѓа на сливот на Светиниколска Река или Азман, десна притока на Брегалница.



*Слика 1: Општина Свети Николе*




*Слика 2: Населени места во Општината*

Како средишен дел на Овче Поле, општината се граничи со повеќе општини:  Пробиштип, Кратово, на потесен дел со Куманово и Петровец, со Велес, Лозово, Штип и Карбинци. Самиот град се простира покрај регионалниот пат Куманово – Штип од северната до источната страна на градот, а останатото поврзување се врши со локалниот пат Свети Николе – Овче Поле, поврзувајќи се со регионалниот пат Штип – Велес, како и новиот автопат Скопје – Миладиновци – Свети Николе- Штип.

Овчеполската Котлина е специфична по своето настанување и морфолошка структура, со својата површина не е наполно рамна и затоа нејзината надморска височина се движи од 200 до 400 метри. Најголемата надморска висина не изнесува повеќе од 900 метри. Највисоки места се: Ѓуриште – 825 м, Градишки Рид над с. Павлешенци – 789 м, Богословец – 756 м, Манговица – 741 м, Голем Осој – 734 м, Било над с. Стањевци – 684 м и др.

Подрачјето е изложено на сеизмички активности и општината спаѓа во епицентралните подрачја со појава на локални земјотреси со интензитет од 1 до 7 степени по MSK скала. Просторот на Општина Свети Николе зафаќа површина од 480 км$^2$ и се вбројува меѓу најголемите општини во Републиката. Токму поради тоа, густината на населението не е голема, односно изнесува околу 31 жител на 1 км2. Во рамките на општината се наоѓаат следниве населби: Алакинци, Амзабегово, Арбасанци, Богословец, Буриловци, Горно Ѓуѓанци, Горно Црнилиште, Горобинци, Делисинци, Долно Ѓуѓанци, Долно Црнилиште, Ерџелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Малино, Мечкуевци, Мустафино, Немањици, Нова Мездра, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преод, Ранченци, Сопот,

Стануловци, Стањевци, Строиманци и Трстеник. Со оглед на релјефната структура, најголем број села, и тоа 18, се рамнински, 15 се ридски и нема ниту една планинска населба.

## КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Овчеполската Котлина, со својата конфигурација и географска поставеност, заедно со Скопската котлина, претставува краен залив до каде што се чувствуваат топлите воздушни струења од Егејското Море по долината на Вардар и претставува посебен термички реон во којшто изразито се манифестира котлинскиот карактер врз температурниот режим. Според наведеното, овие котлини се наоѓаат под незначително медитеранско климатско влијание и под модифицирано континентално климатско влијание и даваат специфична локална клима, строго условена од котлинската топографија.

Карактеристични се големи годишни колебања на апсолутно екстремните температури и колебања на средните месечни температури.

Загреаноста на почвата во летните месеци условува високи температури на воздухот. Високата вредност на топлотниот режим се манифестира и со голема зачестеност на летни и тропски денови, просечно годишно 117 летни и 53 тропски дена. Кај распоредот на врнежите владее значителна нерамномерност, особено во лето.

Климатските услови што го карактеризираат Овчеполието се следните:

- Сончеви денови, изразено преку должина на сончев сјај: 2.391 час/годишно;
- Просечни мразни денови: 77 (најизразено во јануари и февруари);
- Падавици: просечна годишна количина на врнежи 468 мм/м$^2$ до 587 мм/м$^2$;
- Влажност: средногодишна релативна влажност од 67 % (максимум во јануари 80 % и декември 84 %, а минимум во август 52 % и јули 54 %);
- Постојани ветрови:

a) а) Северен ветер со просечна зачестеност од 188 ‰ и постојана брзина од 4,6 м/с, дува скоро преку целата година.

b) б) Северозападен ветер со зачестеност од 127 ‰ и просечна брзина од 3,9 м/с.

Подрачјето на Општина Свети Николе се одликува со зголемена природна вентилација, која делува како позитивен еколошки фактор во прочистување на атмосферата.

Маглата не е толку честа појава, а се јавува од 5 до 25 денови во годината, и тоа најчесто во есенските месеци.

Годишно, овде се јавуваат денови со појава на слана во раните утрински часови, и тоа од септември заклучно со мај, со максимум во декември – просечно 11,6 дена.

## ХИДРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Во хидролошки поглед, овчеполските води припаѓаат на сливот на р. Брегалница. Најголем воден тек претставува Светиниколска Река. Таа се состои од три крака: Мавровица, Карараш (Црн Камен) и Периш. Извориштето на Мавровица се наоѓа во близина на с. Макреш, на надморска височина од 727 метри. Карараш се формира во близина на с. Павлешенци, на надморска височина од 389 метри. Периш извира во атарите на с. Малино и с. Алакинци, на надморска висина на 380 метри. Овие три реки се соединуваат кон средишниот дел на

котлината кај Свети Николе и од таму течат во меридијански правец како Светиниколска Река. Светиниколска Река во Овчеполската Котлина прима неколку притоки. Од левата страна, Буриловска Река со Немашница, од десната страна Горобинска Река (Поток), Кнежевска Река и Ѓузумелска Река. Сите имаат карактер на буици.
Овчеполските реки, во летните месеци јули и август, поради големото испарување и намалувањето на атмосферскиот талог, наполно пресушуваат.
Во котлината нема природно езеро. На реката Мавровица, во местото Алин Дол, изградена е акумулација со површина од 7 км$^2$ со зафатнина од 2.700.000 метри кубни. Акумулацијата се користи за водоснабдување на Свети Николе.
Во Овчеполската Котлина честа е појавата на слаби извори. Нив ги има во многу села и во нивните атари. Овие извори се хранат со вода од мали изданоци формирани во површинските слоеви. Нивните водени жици се слаби. Споменатите извори ги има само во зоните на бреговито земјиште и на котлинските рабови составени од цврсти карпи.
Во групата на појаки извори спаѓаат неколкуте ретки извори на допирот на различните геолошки творби. Такви извори во областа се: Глава и Староселски Извор во атарот на с. Богословец, потоа изворот Три чешми во с. Трстеник, изворот Домузбунар во атарот на с.Горно Црнилиште. Еден таков извор избива и во Свети Николе, северно од градот (покрај Горобинска Река).

**ЗЕМЈИШНА СТРУКТУРА**

Почвената покривка во Република Македонија е мошне хетерогена, со често застапени измени на почвени типови за релативно мали растојанија. Според геолошките и геоморфолошките карактеристики, утврдени се различни почвени и пејсажни единици. Најзастапени типови почва се чернозем, рендзина и смолница, на површина од 8243,2 ха, потоа смолница, регосол и лептосол на 6294,89 ха, како и смолница, циметна шумска почва и регосол на 4635,78 ха.
На површина од 1.408,6 ха застапена е и флувијатилна и мочурливо - глејна почва. Мочурливото земјиште се јавува како резултат на топографијата (природната дренажа на дождовни води од околните возвишенија, како што се Преотски Рид и Побиен Камен), а исто така и поради водонепропустливите слоеви кои се формирале во еоценските седименти.
На сосема мала површина од 1226,95 ха, во Овче Поле има појава на засолени почви со белузлава боја, на кои поради солта многу тешко успева каква било вегетација.

**МИНЕРАЛНИ ВОДИ**

Истражувања на минерални и термоминерални води во Овчеполието досега не се извршени. Постојат индиции дека минерални води има во атарот на село Богословец, во близина на река Брегалница, потоа во атарот на село Строиманци во месноста Киселица, како и во атарот на село Мечкуевци, во месноста Смрдливец. Се претпоставува дека термоминерални води има и во атарот на село Ѓузумелци, во месноста Топли Дол, и во атарот на село Горно Ѓуѓанци, во месноста Благи Дол.

**ПРИРОДНИ (РУДНИ) БОГАТСТВА**

Покрај шумите и водите, од природните богатства најзначајни се рудните богатства. Појавата на рудните богатства бездруго се условени од геолошко-тектонската еволуција на Овчеполската Котлина. Меѓутоа, геолошко-рударските истражувања во котлината сè уште не се

завршени. Присутни се енергетски извори, односно каустобилити (јаглен, парафински шкрилци, нуклеарни суровини), наоѓалишта на метали и неметали, каде што до скоро се експлоатираше азбест. Трети, пак, служат како извор на градежен материјал којшто е присутен низ повеќе локалитети, особено Ѓуриште и село Макреш. Чакали и песоци се експлоатираат во атарот на село Горобинци.

**ФЛОРА И ВЕГЕТАЦИЈА**

Во Овчеполската Котлина, најбујни тревни видови на пасиштата се: Haynaldia villosa, Chrysopogon gryllus, Aegilops neglecta, Brachypodium pinnatum, Koeleria splendens, Bromus squarosus и Avena barbata. Овде се среќаваат голем број ливадски видови печурки за јадење, како што се ливадскиот, полскиот и големиот шампињон (Agaricus arvensis, A.campestris и A.macrosporus), ливадарката (Marasmius oreades), големата и малата пувка (Calvatia utriformis и Bovista plumbea), сончарките (Macrolepiota mastoidea и Macrolepiota procera), ветрогоновата габа (Pleurotus eryngii), но и некои отровни видови, како што се Беж строфарија (Stropharia coronilla) и Panaeolus papilionaceus.

**ФАУНА**

Фауната на овие простори е богата со животински видови благодарение на изобилството со храна. Во однос на цицачите, најголем дел од видовите поврзани со ова живеалиште се типични за урбани и рурални средини. Такви се: источноевропски еж (Erinaceus concolor), европски крт (Talpa europea), брезова куна (Martes foina), домашен глушец (Mus domesticus), домашен стаорец (Rattus rattus), шарен твор (Vormela peregusna), азиска (социјална) волухарица (Microtus guenthneri) и др. Покрај овие карактеристични видови, на просторот се среќава и лисицата (Canis vulpes), волкот (Canis lupus), куната (Martes sp.), јазовецот (Meles meles), дивата свиња (Sus scropha) и дивиот зајак (Lapus capensis).

Од херпетофауна, односно влекачи, најчесто се среќаваат медитеранска желка (Testudo graeca), македонска гуштерица (Lacerta erchardii), ждрепка (Elaphe quatorlineata) и поскок (Vipera ammodytes), како и следниве влекачи: Зелен Гуштер (Lacerta viridis), Голем зелен гуштер (Lacerta trilineata), Жолт смок (Coluber jugularis caspius), Тенок стрелец или змија-џитка (Coluber najadum), Леопардов смок (Elaphe situla), Змија-рибарка (Natrix tessellate), Elaphe quatuorlineata и др.

Од водоземците (жаби) почести се: гаталинката (Hyla arborea), краставата жаба (Bufo spp.), балканската поточна жаба (Rana graeca) и др.

Во Светиниколско, и пошироко во Овче Поле, можат да се видат разни видови птици – ќосот (Turdus merula), врапчињата (Passer domesticus и Passer montanus), сколовранецот (Sturnus vulgaris). Некои од нив веќе им припаѓаат на ретките видови, како на пример: суриот орел (Aquila Chrysaetos), белоглавиот мршојадец или картал (Gyps Fulivus), белоноктата ветрушка (Falko Naumani), кањата или мал египетски мршојадец (Neophron percnopterus), орелот змијар (Circaetus Galicus), ’рѓестиот гливчар (Buteo Rufinos), гаќестиот сокол (Falko Biarmicus), сивиот сокол (Falko Перегринус), обичниот глувчар (Buteo Buteo), обичната ветрушка (Falko Tinunculus).

Тука присутен и најважен е орелот крсташ или царскиот орел (Aquica Helica), како и розевиот сколовранец (Pastor rosaeus), големата чучулига (Melanocorypha calandra), чурулинот (Burhnus oedicnemus), мала дропља (Otis tetrax). Во локалитет што се наоѓа во близина на с. Немањинци, на површина од 2 ха, е откриен геолошки профил во палеогената флишна серија, во која хоризонтот на песочници е богат со фосилна флора и фауна. Фауната е маринска, типична за горен еоцен, додека флората укажува на постоење на тропски климатски услови. Има битно научно-истражувачко и едукативно значење, особено од причина што е компаративен со други наоѓалишта во Средна Европа и Динаридите. Предложен е за заштита во категоријата Споменик на природата.

### ШУМИ И ЖИТНИ КУЛТУРИ

Тополите се значаен пејсажен елемент во состав на крајречните биотопи, а се користат и за заштита од налети на ветер во полињата. Полезаштитните појаси се подигнати во период 1950 – 1960 година, со цел да го заштитат полето и да влијаат врз подобрување на климатските услови. Најголем дел од нив се простираат на 350 метри надморска височина.

Насадите од багрем се застапени на релативно мали површини и нивната главна употреба е за заштита од ерозија. Карактеристични доминантни дрвенести видови во заедницата на бела и кршлива врба (Saliceum albae fragilis) се белата врба (Salix alba) и кршливата врба (Salix fragilis).

Дабови стебла (Quercus pubescens) се наоѓаат од десната страна на патот Свети Николе – Ѓуриште, во селото Трстеник. Стеблата се високи, првото 18 м, второто – 3,70 м и третото – 20 м, со обем на градна висина на деблото од 3,20 м, 2,60 м и 3,70 м. Ова е Споменик на природата, предложен за заштита, со дендролошка и образовна намена.

Од житните растенија, освен пченицата, како најчести видови житни култури се јавуваат јачменот, пченката и ’ржта. Парцелите посеани со пченица се со различна големина и вообичаено доминираат ниви и помали полиња. Одделните пченични полиња се блиску едни до други или се заменуваат со градини, лозја и житни полиња.

Некои ниви се разделени со различни видови овошни дрвја и грмушки, меѓу кои Багремот, Боболка, црница или дудинка (Morus spp.), Дуња (Cydonia oblonga), Круша (Pyrus spp.) и Орев (Juglans regia) се најчести.

### ГРАДИНИ

Поради поволните климатски услови, одгледувањето зеленчуци е важна земјоделска активност. Градините најчесто се во приватна сопственост и имаат мала или средна големина. Главни култури се различните видови зеленчук (зелка, пиперка, домат, компир, итн.) Многу често, пченичните култури се употребуваат за засадување на втора култура. Најчесто, по жетвата, се садат  зелка и  компири. Ова значи дека градините се многу често привремени биотопи и се менуваат со пченичните полиња во истата година. Може да се спомenат и ливадите со луцерка, како најчесто растение.

## <u>**Демографски развој**</u>

### НАСЕЛЕНИЕ И СТРУКТУРА

Според пописот од 1994 година општината имала вкупно 18.528 жители, од нив најголемиот број живеат во градот или 13.292. а на селското население паѓаат 5.236 жители,

Според пописот на население, домаќинства и станови во РМ од 2002 година, вкупната популација во Општина Свети Николе изнесува 18.497, во градот живеат 13.746 жители и во селските средини 4.751 жител.

Според Пописот на населението, домаќинствата и становите во Македонија во 2021 година, вкупната популација во Општина Свети Николе изнесува 15.320, во градот живеат 11.728 жители и во руралните средини 3.592 жители.

Според пописот 2002 евидентирани се 5.698 домаќинства и 7.157 станови на територијата на општина Свети Николе. Споредбено според пописот 2021 евидентирани се 5.120 домаќинства и 6.812 станови на територијата на Општина Свети Николе.
Од податоците се гледа дека нагло е опаднат бројот на жителите од град Свети Николе за една деценија.

| Општина Свети Николе | Попис, 1994 год. | Попис, 2002 год. | Попис, 2021 год. |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 18528 | 18497 | 15320 |
| Град Свети Николе | 13292 | 13746 | 11728 |
| Алакинци | 13 | 5 | 3 |
| Амзабегово | 557 | 543 | 428 |
| Арбасанци | 4 | 1 | – |
| Богословец | 2 | 4 | 1 |
| Буриловци | 13 | 14 | 1 |
| Горно Ѓуѓанци | 11 | 3 | 3 |
| Долно Ѓуѓанци | 219 | 174 | 88 |
| Горобинци | 890 | 820 | 602 |
| Делисинци | 1 | 9 | 2 |
| Ерџелија | 1047 | 1012 | 852 |
| Кадрифаково | 180 | 163 | 150 |
| Кнежје | 71 | 86 | 57 |
| Крушица | 31 | 22 | 5 |
| Макреш | 2 | – | – |
| Малино | 68 | 45 | 20 |
| Мечкуевци | 18 | 15 | – |
| Мустафино | 564 | 517 | 400 |
| Немањици | 282 | 201 | 75 |
| Орел | 63 | 45 | 9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Павлешенци | 122 | 77 | 26 |
| Патетино | 6 | 6 | – |
| Пеширово | 244 | 247 | 256 |
| Преод | 40 | 44 | 25 |
| Ранченци | 67 | 38 | 25 |
| Сопот | 102 | 89 | 58 |
| Стануловци | 4 | 2 | – |
| Стањевци | 82 | 61 | 47 |
| Строиманци | 3 | 8 | 1 |
| Трстеник | 52 | 41 | 24 |
| Горно Црнилиште | 358 | 345 | 373 |
| Долно Црнилиште | 120 | 114 | 61 |

***Таб. Споредба на податоци за бројот на население од Пописот во 1994 и во 2002 година и 2022 (извор: ДЗС, ВЕБ страна на Општина Свети Николе)***

Од табелата може да се види динамиката на бројот на насленеието во Општина Свети Николе согласно Пописите во 1994, 2002 и 2021 година каде може да се увиди дека споредбено со претходните пописи бројот на населението опаѓа кај сите населени места освен Пеширово. Споредбено со Пописот 2021 и Пописот 2002 вкупниот број на население е намален за 3.177 жители.

Причините за ваквата негативна динамика на бројот на населението, произлегуваат од повеќе причини: постојаните миграции на населението, зголемениот моратлитет за сметка на наталитетот однсно негаривен природен прираст, како и од драстичните промени во општествениот, политичкиот и економскиот систем.

| Свети Николе - морталитет | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Умрени и умрени доенчиња во 2022 год. | 240 | 134 | 106 |
| Умрени и умрени доенчиња во 2021 год. | 248 | 130 | 118 |
| Умрени и умрени доенчиња во 2020 год. | 238 | 126 | 112 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Умрени и умрени доенчиња во 2019 год. | 223 | 119 | 104 |

***Табела Мореталитет (Извор: Подаотоци од Соопштение за Морталитетот; ДЗС)***

| Свети Николе - Наталитет | Вкупно | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| Родени деца, живородени во 2022 год. | 121 | 62 | 59 |
| Родени деца, живородени во 2021 год. | 110 | 68 | 42 |
| Родени деца, живородени во 2020 год. | 136 | 64 | 72 |
| Родени деца, живородени во 2019 год. | 128 | 66 | 62 |

***Табела Мореталитет (Извор: Подаотоци од Соопштение за Наталитетот; ДЗС)***

| Свети Николе - Разлика: Наталитет - Моратлитет | Вкупно | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 2022 | -119 | -72 | -47 |
| 2021 | -138 | -62 | -76 |
| 2020 | -102 | -62 | -40 |
| 2019 | -95 | -53 | -42 |

***Табела Разлика Наталитет – Морталитет Општина Свети Николе***

Од табелите погоре може да се согледа дека негативниот тренд има природниот прираст на наслението во Општина Свети Николе продолжува и во последните 4 години.

Миграцијата на населенето е исто така голем фактор коишто влијае на движење на населението и најчесто неговата појава е од економски причини, барањето на подобар живот и вработување. Најчеста е миграцијата од Свети Николе кон поголемите и стопанско поразвиените градови како Скопје, но во последниот период е се поизразена миграцијата на населението надвор од државата.

| **Свети Николе** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно доселени** | 97 | 62 | 70 | 78 |
| **Доселени од друга општина** | 63 | 48 | 47 | 57 |
| **Доселени од друго место во иста општина** | 34 | 14 | 23 | 21 |
| **Доселени граѓани во Република Македонија од други држави** | - | - | - | - |
| **Вкупно отселени** | 125 | 152 | 173 | 152 |
| **Отселени од друга општина** | 91 | 86 | 78 | 87 |
| **Отселени од друго место во иста општина** | 34 | 14 | 23 | 21 |
| **Отселени граѓани од Република Македонија во други држави** | - | 52 | 72 | 44 |

***Табела Вкупно доселени и отселени граѓани на Општина Свети Николе (Извор: ДЗС)***

Од Табелата погоре може да се забележи дека со изградбата и пуштање во употреба на Автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип овој тренд на миграции се намалува како и дека има појава на доселување во Свети Николе, исто така може да се забележи и движење на населението внатре во Општина Свети Николе на релација село – град и обратно. Но за жал трендот на отселување на граѓаните од Општина Свети Николе е зголемен на сметка на доселените во Општина Свети Николе. Не постојат подетални податоци во ДЗС за Отселени граѓани на Општина Свети Николе во кои држави но најчесто истото се однесува на отселување во Европа и Северна Америка пред се во Германија, италија, Англија, САД и др.

**Структира на населението во Општина Свети Николе според национална припадност**

| Свети Николе | Пол - ВКУПНО | % | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|
| **Етничка припадност - ВКУПНО** | 15320 | 100,00% | 7841 | 7479 |
| **Македонци** | 14170 | 92,49% | 7256 | 6914 |
| **Албанци** | 10 | 0,07% | - | 10 |
| **Турци** | 57 | 0,37% | 28 | 29 |
| **Роми** | 45 | 0,29% | 16 | 29 |
| **Власи** | 134 | 0,87% | 63 | 71 |
| **Срби** | 33 | 0,22% | 9 | 24 |
| **Бошњаци** | 1 | 0,01% | - | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Други** | 47 | 0,31% | 30 | 17 |
| **Не се изјасниле** | - | - | - | - |
| **Непознато** | 6 | 0,04% | 5 | 1 |
| **Лица за кои податоците се превземени од административни извори** | 817 | 5,33% | 434 | 383 |

***Табела Преглед на населението во Општина Свети Николе според изјаснување на национална Припадност, Попис 2021 година (Извор: ДЗС)***

Од табелата може да се види дека доминира население со македонска национална припадност, додека другите националности се помалку застапени.

**Обем и структура на населението по пол во Општина Свети Николе**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **Република Северна Македонија** | 1.836.713 | 100% |
| | **Свети Николе** | 15.320 | 100% |
| **Мажи** | **Република Северна Македонија** | 911.087 | 49,60% |
| | **Свети Николе** | 7.841 | 51% |
| **Жени** | **Република Северна Македонија** | 925.626 | 50,40% |
| | **Свети Николе** | 7.479 | 49% |

***Табела: Преглед на населението во општина Св. Николе според пол и возрасни групи, Попис2021 година (Извор: ДЗС)***

**Структура на населението во Општина Свети Николе според пол и возрасни групи**

| Свети Николе | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|

| **Возрасна група - ВКУПНО** | 11728 | 5917 | 5811 |
|---|---|---|---|
| **0-4** | 485 | 262 | 223 |
| **5-9** | 506 | 282 | 224 |
| **10-14** | 538 | 267 | 271 |
| **15-19** | 567 | 291 | 276 |
| **20-24** | 569 | 301 | 268 |
| **25-29** | 667 | 360 | 307 |
| **30-34** | 768 | 388 | 380 |
| **35-39** | 775 | 396 | 379 |
| **40-44** | 782 | 410 | 372 |
| **45-49** | 804 | 411 | 393 |
| **50-54** | 853 | 414 | 439 |
| **55-59** | 938 | 462 | 476 |
| **60-64** | 1070 | 553 | 517 |
| **65-69** | 894 | 435 | 459 |
| **70-74** | 679 | 311 | 368 |
| **75-79** | 439 | 213 | 226 |
| **80-84** | 258 | 104 | 154 |
| **85+** | 136 | 57 | 79 |

***Табела: Преглед на населението во општина Свети Николе според пол, Попис 2021година (Извор: ДЗС)***

Од табелите погоре може да се забележи дека во Општина Свети Николе соодносот на машкото и женското население се одржува во рамки на државниот просек од 51% машко спрема 49% женско население. Причините за поголемата застапеност на машкото населениесе должи еднигствено поради мигрирање на женското население поради брак, школување и сл. Доколку се направи согледување на табелата Преглед на населението во според пол и возрасни групи може да се забележи дека единствено над 60 години соодносот на женското насление (1803 – 52%) на сметка на машкото (1673 – 48%) е зголемен за 130 што наведува на фактот дека женската популација во Општина Свети Николе има зголемен животен век.

Што се однесува пак на старосната структура во Општина Свети Николе од податоците од Пописот 2021 година може да се констатира дека учеството на младото население (0 до 19 години) е доста ниско во однос на вкупното насление 18 %, додека учеството на старото

население (60 и повеќе години) е дури 30% од вкупното насление што укажува дека во Општина Свети Николе е во процес на длабоко демографско стареење.

| **Свети Николе** | **Највисок степен на школска подготовка – ВКУПНО** | **Без образование** | **Незавршено основно образование** | **Основно образование** | **Средно образование** | **Високо образование** | **Магистратура** | **Доктрат** | **Непознато** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возрасна група – ВКУПНО** | 13274 | 124 | 748 | 3340 | 6648 | 1949 | 143 | 12 | 310 |
| **15-19** | 737 | 2 | 12 | 505 | 208 | - | - | - | 10 |
| **20-24** | 773 | 1 | 2 | 30 | 629 | 60 | 2 | - | 49 |
| **25-29** | 865 | 3 | 6 | 44 | 492 | 249 | 25 | - | 46 |
| **30-34** | 988 | 3 | 13 | 72 | 490 | 304 | 43 | - | 63 |
| **35-39** | 973 | 5 | 8 | 112 | 565 | 223 | 21 | 1 | 38 |
| **40-44** | 1007 | 2 | 7 | 164 | 628 | 172 | 16 | 2 | 16 |
| **45-49** | 1035 | 3 | 16 | 230 | 629 | 123 | 13 | - | 21 |
| **50-54** | 1153 | 5 | 18 | 265 | 696 | 126 | 11 | 1 | 31 |
| **55-59** | 1225 | 11 | 19 | 286 | 733 | 142 | 6 | 3 | 25 |
| **60-64** | 1344 | 9 | 53 | 438 | 647 | 190 | 2 | 2 | 3 |
| **65-69** | 1135 | 6 | 93 | 439 | 435 | 154 | 3 | 2 | 3 |
| **70-74** | 888 | 3 | 119 | 374 | 270 | 119 | 1 | - | 2 |
| **75-79** | 570 | 17 | 148 | 194 | 152 | 57 | - | 1 | 1 |
| **80-84** | 368 | 18 | 154 | 123 | 46 | 27 | - | - | - |
| **85-89** | 169 | 24 | 65 | 52 | 26 | 2 | - | - | - |
| **90-94** | 38 | 11 | 13 | 9 | 2 | 1 | - | - | 2 |
| **95-99** | 6 | 1 | 2 | 3 | - | - | - | - | - |

| 100+ | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

***Табела: Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, пол, возраст, Општина Свети Николе, Попис , 2021 )Извор: ДЗС)***

Од рабелата погоре може да се забележи дека бројот на лица со средно образование е доста зголемен (50% од Вкупното Население на возраст од 15+години) за разлика од населението коешто е без образование има незавршено образование или има само основно образование. Тоа значи дека општина се одликува со позитивен тренд во развојот на образовната структура, така што денес има значително квалитетна образовната структура на населението.

**КЛУЧНИ НАОДИ на секторската анализа – Демографски аспект**

| ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ | ПОТРЕБИ И НАСОКИ |
|---|---|
| Бројот на жители постојано се намалува.<br>Постои тенеденција на негативен тренд на природниот прираст на населението.<br>Во општината учеството на младото население (0 до 19 години) е доста ниско во однос на вкупното насление 18 %, додека учеството на старото население (60 и повеќе години) е дури 30% од вкупното насление што укажува дека во Општина Свети Николе е во процес на длабоко демографско стареење | Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на здравјето и квалитетот на живот, намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетен живот.<br>Поголем број на програми и активности за млади и зголемување на капацитетите за заштита на децата.<br>Приоритен фокус треба да биде намалувањето на сиромаштијата и обезбедувањето на институционална поддршка за најранливите категории на население вклучувајќи ги жените и младите лица особено во руралните средини.<br>Овие политики и мерки треба да придонесат за менување на монофункционалниот карактер на руралниот простор и збогатување |

| | |
|---|---|
| | на селската економија преку соодветна на карактеристиките на руралните подрачја дистрибуција на индустриски капацитети (од незагадувачка лесна индустрија, главно од агроиндустрискиот сектор) создадени од домашни и странски инвеститори |
| Половата структура покажува балансиран однос во општината. | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност, односно еднакви можности на мажите и жените. |
| Негативно миграциско салдо | Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување.<br>Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, подигнување на економските, социјалните услови на повисоко ниво.<br>Конкретни мерки за подобрување на квалитетот животот во Општината.<br>Креирање на работни места особено за најранливите категории на населението, жените и младите<br>Поголем број на програми и активности за млади и зголемување на капацитетите за заштита на децата.<br>Приоритен фокус треба да биде намалувањето на сиромаштијата и обезбедувањето на институционална поддршка за најранливите категории на население вклучувајќи ги жените и младите лица особено во руралните средини. Овие политики и мерки треба да придонесат за менување на |

| | |
|---|---|
| | монофункционалниот карактер на руралниот простор и збогатување на селската економија преку соодветна на карактеристиките на руралните подрачја дистрибуција на индустриски капацитети (од незагадувачка лесна индустрија, главно од агроиндустрискиот сектор) создадени од домашни и странски инвеститори.<br>Зголемување на јавниот траспорт од руралните подрачја кон градот со цел полесна пристапност на жените во услугите од здраствена заштита.<br>Згоелемен опфат на деца во предучилишни установи пред се руралните населби (отварање на детски градинки во руралните средини). |

## **Пазар на трудот**

Во Општина Свети Николе, соглано пописот од 2021 бројот на вкупно работоспособно население изнесува 13.274 од кои 6.758 мажи и 6.516 жени.

Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, Попис 2021.

| Свети Николе | Работоспособно население - ВКУПНО | | | Активно население - ВКУПНО | | | Активно население - вработени | | | Активно население - невработени | | | Вкупно неактивно население | | | Непознато | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол - ВКУПНО | М | Ж | Пол - ВКУПНО | М | Ж | Пол - ВКУПНО | М | Ж | Пол - ВКУПНО | М | Ж | Пол - ВКУПНО | М | Ж | Пол - ВКУПНО | М | Ж |
| **Возрасна група - ВКУПНО** | 13.274 | 6.758 | 6.516 | 6.356 | 3.447 | 2.909 | 5.605 | 3.033 | 2.572 | 751 | 414 | 337 | 6.683 | 3.178 | 3.505 | 235 | 133 | 102 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **15-19** | 737 | 382 | 355 | 91 | 56 | 35 | 62 | 42 | 20 | 29 | 14 | 15 | 633 | 318 | 315 | 13 | 8 | 5 |
| **20-24** | 773 | 400 | 373 | 424 | 244 | 180 | 352 | 205 | 147 | 72 | 39 | 33 | 329 | 153 | 176 | 20 | 3 | 17 |
| **25-29** | 865 | 475 | 390 | 650 | 360 | 290 | 559 | 312 | 247 | 91 | 48 | 43 | 195 | 107 | 88 | 20 | 8 | 12 |
| **30-34** | 988 | 515 | 473 | 760 | 389 | 371 | 658 | 333 | 325 | 102 | 56 | 46 | 195 | 105 | 90 | 33 | 21 | 12 |
| **35-39** | 973 | 497 | 476 | 750 | 366 | 384 | 670 | 326 | 344 | 80 | 40 | 40 | 198 | 116 | 82 | 25 | 15 | 10 |
| **40-44** | 1.007 | 531 | 476 | 803 | 399 | 404 | 717 | 347 | 370 | 86 | 52 | 34 | 182 | 114 | 68 | 22 | 18 | 4 |
| **45-49** | 1.035 | 539 | 496 | 813 | 428 | 385 | 749 | 395 | 354 | 64 | 33 | 31 | 212 | 104 | 108 | 10 | 7 | 3 |
| **50-54** | 1.153 | 585 | 568 | 837 | 447 | 390 | 739 | 390 | 349 | 98 | 57 | 41 | 288 | 125 | 163 | 28 | 13 | 15 |
| **55-59** | 1.225 | 632 | 593 | 786 | 436 | 350 | 692 | 390 | 302 | 94 | 46 | 48 | 414 | 179 | 235 | 25 | 17 | 8 |
| **60-64** | 1.344 | 707 | 637 | 422 | 307 | 115 | 387 | 278 | 109 | 35 | 29 | 6 | 899 | 384 | 515 | 23 | 16 | 7 |
| **65+** | 3.174 | 1.495 | 1.679 | 20 | 15 | 5 | 20 | 15 | 5 | - | - | - | 3.138 | 1.473 | 1.665 | 16 | 7 | 9 |

**Табела:** ***Преглед на населението во Општина Свети Николе на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност, по општини, Попис 2021 (Извор: ДЗС)***

Од Податоците во табелата може да се забележи дека бројот на работоспособно население - жени е поголем од мажи како и дека бројот на Активно население - невработени мажи е поголемо од жени што наведува на фактот дека жените се повработени од мажите однсоно полесно се вклучуваат во пазарот на трудот за разлика од мажите.

**Вкупно работоспособно население на возраст од 15 години и повеќе според средства за живеење**

| Свети Николе | |
|---|---|
| Средства за живеење - ВКУПНО | 13274 |
| Плата или друга надокнада по основ на платено работење | 5626 |
| Приход по основ на сопствено производство/услуги | 469 |
| Приход по основ на сопственост и други инвестиции | 70 |
| Пензии | 3262 |
| Социјални трансфери | 461 |
| Заеми | 3 |
| Други извори | 257 |
| Нема приход | 680 |
| Издржувано лице | 1834 |
| Повеќе извори на средства | 612 |

***Табела Вкупно работоспособно население на возраст од 15 години и повеќе според средства за живеење, Општина Свети Николе, Попис 2021 (извор: ДЗС)***

Од податоците во табелата може да се види дека најголем дел од работоспособното население се со плата или друга надокната но загрижува и бројот на пензии коишто е доста висок, како и лицата коишто немаат приход или се изддржувани од лица.

**Активно население, кое врши занимање , според дејноста.**

| Свети Николе | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Вработени според секторите на дејност - ВКУПНО | 5605 | 3033 | 2572 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 562 | 427 | 135 |
| Рударство и вадење на камен | 10 | 9 | 1 |
| Преработувачка индустрија | 2074 | 840 | 1234 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 28 | 26 | 2 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 94 | 81 | 13 |
| Градежништво | 335 | 320 | 15 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 642 | 335 | 307 |
| Транспорт и складирање | 172 | 153 | 19 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 134 | 75 | 59 |
| Информации и комуникации | 84 | 37 | 47 |
| финансиски дејности и дејности на осигурување | 54 | 22 | 32 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 4 | 2 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стручни, научни и технички дејности** | 177 | 92 | 85 |
| **Административни и помошни услужни дејности** | 134 | 82 | 52 |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 390 | 279 | 111 |
| **Образование** | 327 | 121 | 206 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 234 | 51 | 183 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 56 | 31 | 25 |
| **Други услужни дејности** | 69 | 36 | 33 |

***Табела: Активно население, кое врши занимање , според дејноста, пол и по општни, Попис 2021***

Од табелата може да се види дека најголем број отпаѓа на Преработувачка индустрија каде е и поголем бројот на жени 1234 наспроти мажи 840.

**Структура на категоријата невработени лица во општина Свети Николе**

| Свети Николе | Град | Село |
|---|---|---|
| 912 | 553 | 359 |

***Табела Преглед на невработени лица со состојба на 31.08.2023 година (Извор: Веб страна на АВРСМ)***

Од табелата може да се види дека најголем број отпаѓа на невработени лица во Град но истиот така не е ниска и бројката на лица кои с еневработени од село.

**Преглед на невработени лица според возрасна структура**

***Табела: Преглед на невработени лица според возрасна структура со состојба на 31.08.2023 година (Извор: Веб страна на АВРСМ)***

| Свети Николе | Вкупно | | од 15 до 19 години | | од 20 до 24 години | | од 25 до 29 години | | од 30 до 34 години | | од 35 до 39 години | | од 40 до 44 години | | од 45 до 49 години | | од 50 до 54 години | | од 55 до 59 години | | од 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 912 | 413 | 17 | 7 | 72 | 41 | 78 | 43 | 78 | 41 | 80 | 38 | 66 | 32 | 72 | 38 | 92 | 50 | 146 | 68 | 211 | 55 |

Од табелата може да се види дека е голем бројот на невработени лица над 55 години изнесува - 39%.

**Преглед на невработени лица според школска подготовка**

| Свети Николе | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 912 | 413 | 388 | 182 | 82 | 28 | 351 | 149 | 6 | 1 | 80 | 50 | 5 | 3 | 0 | 0 |

***Табела: Преглед на невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.08.2023 година (Извор: Веб страна на АВРСМ)***

Од табелата може да се види дека е огромен бројот на невработените со ниско ниво на образование (без образование или со основно образование т.е неквалификувани) – 43 % од вкупниот број на невработени.

**Преглед на на невработени лица според време на чекање на вработување**

| Свети Николе | | под 1 месец | | од 1 до 5 месеци | | од 6 до 11 месеци | | од 12 до 17 месеци | | од 18 до 23 месеци | | 2 години | | 3 години | | 4 годи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Ж |
| 3 | 4 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 2 |
| 912 | 413 | 71 | 39 | 195 | 98 | 120 | 51 | 57 | 28 | 54 | 28 | 85 | 45 | 100 | 49 | 65 | 2 |

*Табела: Преглед на невработени лица според време на чекање на вработување со состојба на 31.08.2023 година(Извор: Веб страна на АВРСМ)*

Од табелата може да се види дека е огромен бројот на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година - 58% од вкупниот број невработени.

**Преглед на невработени инвалидни лица според школската подготовка и вид на инвалидноста со состојба 31.12.2022 година**

| според школска подготовка | | | | | | | | според вид на инвалидноста | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Свети Николе | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Пречки во видот | | Пречки во слухот | | Пречки во говорот | | Телесна инвалидност | | Лица со пречки во развојот | | Лица со повеќе видови инвалидност | |
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 21 | 6 | 15 | 5 | 2 | 1 | 4 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 10 | 3 | 2 | 0 |

*Табела: Преглед на невработени инвалидни лица според школската подготовка и вид на инвалидноста со состојба 31.12.2022 година (Извор: Веб страна на АВРСМ)*

Од табелата може да се види дека од невработените лица со посебни потреби најголем дел се од машки пол, како и дека најголем дел се лица без образование или со основно образование т.е неквалификувани а сопред видот на инвалидноста најзастапени се Лица со пречки во развојот (10 лица).

**Реализација на Активни мерки согласно Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022,2021 и 2020 година.**

| Назив на мерка од ОП2022 | Реализиран опфат на невработени лица | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| ***1 ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (претприемништво)*** | **18** | 10 | 8 |
| 2.1Субвенционирање на плати | **20** | 7 | 13 |
| 2.2 Вработување и раст на правни субјекти | **1** | 0 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.2(б) Стручни обуки според барање на работодавачите | **1** | 1 | 0 |
| 4. Обуки за напредни ИТ вештини | **5** | 3 | 2 |
| ***5. ПРАКТИКАНСТВО*** | **20** | 13 | 7 |
| ***6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ- Јавни работи*** | **11** | 4 | 7 |
| 7.1 Општинско-корисна работа | **10** | 0 | 10 |
| 8) Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции (пилот мерка) | **1** | 0 | 1 |
| **Вкупно програми и мерки за вработување** | **87** | **38** | **49** |

***Табела:Реализација на Активни мерки согласно ОП 2022 година- Општина Свети Николе (Извор: АВРСМ)***

| **Назив на мерка од ОП2021** | **Реализиран опфат на невработени лица** | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **1 ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (претприемништво)** | **28** | 19 | 9 |
| 2.1Субвенционирање на плати | **38** | 23 | 15 |
| 3.1 Обука на работно место за познат работодавач | **4** | 1 | 3 |
| 3.3 Обуки за побарувани занимања | **1** | 0 | 1 |
| 4.1 Обуки за напредни ИТ вештини | **6** | 2 | 4 |
| **5. ПРАКТИКАНСТВО** | **7** | 1 | 6 |
| 6.2 Јавни работи | **11** | 2 | 9 |
| 7.1 Општинско-корисна работа | **8** | 0 | 8 |
| **Вкупно програми и мерки за вработување** | **103** | **48** | **55** |

***Табела:Реализација на Активни мерки согласно ОП 2021 година- Општина Свети Николе (Извор: АВРСМ)***

| Назив на мерка од ОП2020 | Реализиран опфат на невработени лица | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени |
| ***1 ПОДДРШКА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ (претприемништво)*** | **23** | 15 | 8 |
| 2.1Субвенционирање на плати | **22** | 8 | 14 |
| 2.2 Вработување и раст на правни субјекти | **4** | 3 | 1 |
| 3.1 Обука на работно место за познат работодавач | **8** | 4 | 4 |
| ***5. ПРАКТИКАНСТВО*** | **16** | 2 | 14 |
| 6.2 Јавни работи | **4** | 2 | 2 |
| 7.1 Општинско-корисна работа | **18** | 0 | 18 |
| **Вкупно програми и мерки за вработување** | **95** | **34** | **61** |

***Табела:Реализација на Активни мерки согласно ОП 2020 година- Општина Свети Николе(Извор: АВРСМ)***

Од табелите погоре може да се согледа дека невработените лица од Општина Свети Николе, како и физичките лица доста малку ги користат сите мерките од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот (најчесто користат 5 со 6 мерки), како и дека кај жените има поголема искористеноста на мерките односно застапени се со 58%.

**ПЕНЗИОНЕРИ**

Согласно статистичките податоци добиени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување бројот на пензионери на територија на Општина Свети Николе е следниов:

| | **Вкупен број на пензионери** | **Корисници на инвалидска пензија** | **Корисници на семејна пензија** | **Корисници на старосна пензија** |
|---|---|---|---|---|
| **2022** | 4210 пензионери | 241 мажи<br>191 жени | 95 мажи<br>748 жени | 1673 мажи<br>1261 жени |
| **2021** | 4218 пензионери | 259 мажи<br>204 жени | 100 мажи<br>791 жени | 1642 мажи<br>1222 жени |
| **2020** | 4104 пензионери | 268 мажи<br>215 жени | 90 мажи<br>797 жени | 1584 мажи<br>1150 жени |

Од табелата може да се види дека најголем дел на корисници на семејната пензија се жени, додека кај корисници на старосната пензија се повеќе мажи, што упатува на фактот што порано традиционално мажите оделе на работа а жените се грижеле за домакинството.

**КЛУЧНИ НАОДИ на секторската анализа – Аспект на пазарот на трудот**

| ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ | ПОТРЕБИ И НАСОКИ |
|---|---|
| голем бројот на невработени лица над 55 години | Поддршка и прекфалификување на невработените лица. |

| | |
|---|---|
| огромен бројот на невработените со ниско ниво на образование (без образование или со основно образование т.е неквалификувани)<br>огромен бројот на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година | Проширување на програмите за јавни работи на Општината.<br>Превентивно да се спроведат активности кој ќе и го олеснат пристапот на младите коишто за прв пат стануваат невработеини кон пазарот на трудот (обуки за CV, мотивационо писмо, форуми на работодавачи).<br>Имплементирање на програми и активности кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа. обуки за CV, мотивационо писмо, форуми на работодавачи).<br>Информирање за поголема искористеност на мерката 2 Шанса.<br>Организирање на јавни работи, како што се чистење и одржување на паркови, улици, пошумување и сл. се добра можност најранливите лица да се вработат. |
| невработените лица со посебни потреби најголем дел се од машки пол, како и дека најголем дел се лица без образование или со основно образование т.е неквалификувани а сопред видот на инвалидноста најзастапени се Лица со пречки во развојот (10 лица). | Воведување на програми и активности за поддршка на лицата со посебни потреби и олеснување на нивното вклучување и пристап на пазарот на трудот.<br>Имплементирање на програми кои се однесуваат на категоријата на лица со посебни потреби. |
| невработените лица од Општина Свети Николе, како и физичките лица доста малку ги користат сите мерките од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. | Организирање на Инфо денови за самите повици од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.<br><br>Имплементирање на програми за обука и тренинг на работната сила. Целта на овие програми треба да биде прилагодување на структурата на понудата на работната сила од аспект на образованието и стручните квалификации, на структурата на побарувачката. (Социјален дијалог – Образование, Приватен сектор, Невработени лица.) |

## Социјална инфраструктура

**Образование**

Образовниот систем во општината Свети Николе се состои од организирано предучилишно, основно и средно образование, исто така постои и Приватна високообразовна установа Меѓународен Славјански универзитет „Свети Николај'.

**Предучилишно образование**

Во Општина Свети Николе функционира Општинска установа – детска градинка „Рахилка Гонева", која работи во два објекти, и тоа:

- Клон 1 Објект на улица „Кочо Рацин" со нето корисна површина од 1.776 м2 и дворна површина од 4.982 м2. Во објектот се сместени деца од јаслена возраст, градинска возраст и деца од училишна возраст до 10 години, во 3 јаслени групи со 48 деца и 10 воспитни групи со 216 деца или вкупно 264.
- Клон 2 Објект на улица Вељко Влаховиќ со нето корисна површина од 1.379 м2 и дворна површина од 4.085 м2. Во објектот се сместени деца од јаслена возраст, градинска возраст и деца во година пред поаѓање во училиште, во 2 јаслени групи со 30 деца и 5 воспитни групи со 96 деца или вкупно 126 деца.

Во тек е изработка изградба и опремување на нова детска градинка во с.Ерџелија, "Рахилка Гонева", која ќе биде со капацитет за згрижување на 60 деца.
Во следната табела се дадени податоци за брјоноста на деца згрижени во ЈОУ Детска Градинка „Рахилка Гонева" Свети Николе

| | **Деца** | **Деца ослободени од партиципација** | **Деца со попреченост** |
|---|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **390** | **0** | **3** |
| М | 216 | 0 | 2 |
| Ж | 174 | 0 | 1 |
| **2021 Вкупно** | **289** | **1** | **2** |
| М | 159 | 0 | 1 |
| Ж | 130 | 1 | 1 |
| **2020 Вкупно** | **427** | **6** | **1** |
| М | 231 | 2 | 1 |
| Ж | 196 | 4 | 0 |

Извор: ЈОУ ДГ Рахилка Гонева

Табела Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки / центри за ран детски развој по пол, општина Свети Николе и години (Извор: ДЗС)

| **Свети Николе** | **2020** | | **2021** | | **2022** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Деца** | **Вработени** | **Деца** | **Вработени** | **Деца** | **Вработени** |
| **Вкупно** | 177 | 66 | 315 | 70 | 375 | 70 |
| **Машки** | 101 | 15 | 172 | 9 | 208 | 9 |
| **Женски** | 76 | 51 | 143 | 61 | 167 | 61 |

Од податоците во табелата може да се види дека бројот на деца од предучилишна возраст е околу 350 дечина, што е и максималниот капацитет на градинката. Но сепак сеуште постои потреба за зголемување на капацитетите како во градот така и во руралните населби. Воедно бројот на деца расте а бројот на вработени останува ист со што постои потреба и од зголемување на потребниот кадар за згрижување на деца од предучилишна возраст.

**Основно образование**

Воспитно-образовниот процес за деца од училишна возраст се одвива во три општински образовни установи: ООУ „Гоце Делчев“, ООУ „Свети Кирил и Методиј“ и ООУ „Даме Груев“, со вкупно 8 подрачни училишта.

Наставата во **ООУ „Гоце Делчев“** е распоредена низ паралелки од 1 – 5 одделение, 6 – 9 одделение во училиште кое се наоѓа во Град Свети Николе и во три подрачни училишта, кои се наоѓаат во село Горобинци, село Црнилиште и село Немањици.

Наставата во **ООУ „Кирил и Методиј“** е распоредена низ паралелки од 1 – 5 одделение, 6 – 9 одделение во училиште кое се наоѓа во Град Свети Николе и во едно подрачно училиште кое се наоѓа во село Долно Ѓуѓанци. Во составот на училиштето постои и една паралелка за ученици со посебни образовни потреби.

Наставата во **ООУ „Даме Груев“,** село Ерџелија, е распоредена низ паралелки од 1 – 5 одделение, 6 – 9 одделение во училиште кое се наоѓа во Град Свети Николе и во четири подрачни училишта кои се наоѓаат во село Мустафино, село Кадрифаково, село Пеширово и село Амзабегово.

*Табела 1 Основни училишта во Општина Свети Николе*

| Училиште Локација | Вид на настава | Број на одделенија | Број на ученици | Број на вработени |
|---|---|---|---|---|
| ЦООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе | Наставата се одвива од 1 до 9 одделение | 13 паралелки - одделенска настава<br>12 паралелки - предметна настава | 495 | Вкупно 83 вработени:<br>22 наставници одделенска настава<br>40 наставници предметна настава<br>2 директор<br>4 стручни соработници (педагог, психолог, дефектолог, библиотекар)<br>1 секретар, 1 благајник<br>14 лица технички персонал |
| ПООУ „Гоце Делчев – Горобинци | Наставата се одвива од 1 до 9 одделение | 5 паралелки - одделенска настава<br>4 паралелки - предметна настава | | |
| ПООУ „Гоце Делчев“ - Црнилиште | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 1 чиста паралелка<br>2 комбинирани паралелки за одделенска настава | | |
| ЦООУ „Свети Кирил и Методиј“ – Свети Николе | Наставата се одвива од 1 до 9 одделение | 35 паралелки по одделенска и предметна настава | 537 | Вкупно 79 вработени:<br>54 наставници одделенска и предметна настава<br>1 директор<br>6 стручни соработници (1 педагог, 1 психолог, 2 дефектолог, 1 библиотекар, 1 социолог, 1 дефектолог – специјален едукатор и рехабилитатор)<br>1 секретар-советник, 1 технички секретар, 1 благајник<br>15 лица технички персонал |
| ПООУ „Свети Кирил и Методиј“ – с. Долно Ѓуѓанци | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | | | |
| ЦООУ „Даме Груев“ – с. Ерџелија | Наставата се одвива од 1 | 5 паралелки одделенска настава | 108 | Вкупно 45 вработени:<br>16 наставници одделенска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | до 9 одделение | 4 паралелки предметна настава<br>1 комбинирана паралелка (4 и 5 одделение) | | 15 наставници предметна настава<br>1 директор<br>3 стручни соработници (1 педагог, 1 психолог, 1 библиотекар)<br>1 секретар,<br>1 благајник<br>8 лица технички персонал |
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Амзабегово | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 1 паралелка – 2 одделение<br>2 комбинирани паралелки (1 и 3 одделение, 4 и 5 одделение) | 26 | |
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Мустафино | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 2 комбинирани паралелки (1, 4 и 5 одделение, 2 и 3 одделение) | 19 | |
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Пеширово | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 2 комбинирани паралелки (3 и 4 одделение, 2 и 5 одделение) | 20 | |
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Кадрифаково | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 1 комбинирана паралелка (од 1 до 5 одделение) | 9 | |

Според податоците од Заводот за статистика може да се увидат следниве податоци кои се однесуваат на Редовни основни училишта, паралелки, ученици и наставници по работно време, по општина, по пол, по учебна години:

| **Свети Николе** | Учебна година | | |
|---|---|---|---|
| | **2019/2020** | **2020/2021** | **2021/2022** |
| **Училишта** | 10 | 10 | 10 |
| **Паралелки** | 89 | 90 | 90 |
| **Ученици-вкупно** | 1280 | 1243 | 1254 |
| **Ученички** | 597 | 595 | 590 |
| **Ученици** | 683 | 648 | 664 |
| **Ученици кои завршиле училиште-вкупно** | 149 | 124 | 162 |
| **Ученички кои завршиле училиште** | 70 | 60 | 72 |
| **Ученици кои завршиле училиште** | 79 | 64 | 90 |
| **Наставници-вкупно** | 159 | 170 | 206 |
| **Наставници-жени** | 129 | 129 | 142 |
| **Наставници-мажи** | 30 | 41 | 64 |
| **Наставници со полно работно време-вкупно** | 110 | 120 | 140 |
| **Наставници со полно работно време-жени** | 98 | 100 | 100 |
| **Наставници со полно работно време-мажи** | 12 | 20 | 40 |

Од самите податоци може да се согледа дека бројот на ученици драстично се намалува, пред се причина за Ова е миграцијата на родителите на децата, за разлика од тоа бројот на наставниците расте со тоа што се јавува потребата за оптимизација на основните училишта имајќи предвид дека просекот е 13.9 ученици по паралелка. А ангажиран наставен кадар во училиштата расте.

Финансирањето во образованието се одвива со средства од сопствено самофинансирање и блок-дотации во согласност со уредбите и методологиите што се применуваат со втората фаза на децентрализација (плати, тековни оперативни расходи, превоз на ученици во основно образование). За дел од оние најнеопходни услови (греење, превоз на ученици), општината издвојува сопствени средства од буџетот.

**Средно образование**

**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН“ СВЕТИ НИКОЛЕ**

Училиштето со решение бр. 01-3296 од 12.09.1961 година на Одборот на Собранието на Општина Свети Николе е основано како гимназија. Во наредните 20 години во градот функционираат две средни училишта стручно и гимназиско.Во 1981 година претрпува измени се формира центар во кој влегува гиманзиското образование заедно со училиштето за квалификувани работници во земјоделието. Името на училиштето е изменето во УЦСНО „Јосип Броз Тито“. Сегашното име на училиштето  е добиено 1993 година. Пререгистрацијата во назив Средно општинско училиште „Кочо Рацин“ е извршена во Централниот регистар по решение 1-77-0 Срг 44/06 од 13.03.2006 година.

Воспитно-образовната работа на училиштето се одвива во две училишни згради во кој за загревање има инсталирано парно на нафта..

Во училишната зграда со седиште на ул. „Кочо Рацин“ бр. 24 се одржува настава за паралелките од гимназиско образование. Оваа зграда располага со 11 училници, 5 кабинети, 3 помошно простории за кабинети, 1 просторија за библиотека, 1 наставничка канцеларија и 7 канцеларии за административно работење. Училниците и кабинетите се опремени со доволен број на клупи и столчиња според бројот на учениците во паралелките. Зградата е со приземје и два ката.

Во дворот на училиштето има асфалтирани спортски терени за ракомет, кошарка и одбојка. За реализација на наставата по спорт и спортски активности, покрај спортските терени, училиштето ја користи спортска сала Цар Самоил, која е во непосредна близина на училиштето.

Во училишната зграда со седиште на ул „Маршал Тито“ бр.21 се одржава настава за паралелките од стручното образование од земјоделско-ветеринарната, машинската и хемиско-технолошката струка. Оваа зграда располага со 16 училници, 3 кабинети, 1 сала прилагодена за спортски активности, 1 просторија за библиотека, 1 наставничка канцеларија, 1 канцеларија за помошен директор, 1 канцеларија за стручна служба и 1 помошна просторија за спортски активности.Во подрумскиот дел на оваа зграда се сместени 3 работилници, 1 магацин и 1 просторија која е адаптирана за потребите на проектот аквапонија.

Во дворот на училиштето има спортски терен, игралиште за ракомет.

Во оваа зграда е стациониран Ученичкиот дом „Кочо Рацин“ кој работи во состав на училиштето. На ден 08.04.1982 година е дадена согласност од страна на Собранието на општина-Свети Николе за отварање на ученички дом при центарот за насочено образование„Јосип Броз Тито“ Свети Николе. Ученичкиот дом кој работи во состав на училиштето има 24 спални соби и капацитет за сместување на 106 ученици и за загревање е инсталирано парно на нафта.

Во учебната 2022/2023 година во ученичкиот дом се сместени 9 ученици. Домот е опремен со комплетна опрема за сместување, престој и исхрана на учениците.Во 2021 година ученичкиот дом кој работи во состав на училиштето е комплетно реновиран.

Во СОУ „Кочо Рацин“Свети Николе учениците имаат можност да се стекнат со образование на следниве струки и профили:

**Гимназиско образование**

- реформирано гимназиско образование-четиригодишно траење
- природно-математичко подрачје А и Б комбинација
- опшествено-хуманистичко подрачје А и Б комбинација
- јазично-уметничко подрачје А и Б комбинација

Поради реформи во средното стручно образование во **Земјоделска ветеринарана струка/сектор земјоделство, рибарство и ветеринаство во учебната 2022/2023 година ќе ги има следните профили*:***

- агротехничар- четиригодишно траење

- o техничар за агроменаџмент-четиригодишно траење
- o техничар за фитомедицина-четиригодишно траење
- o техничар по ветеринарна медицина-четиригодишно траење

Поради реформи во средното стручно образование во **Машинска струка во учебната 2022/2023 година ќе го има следниот профил:**

- o машински техничар за моторни возила-четиригодишно траење

Поради реформи во средното стручно образование **Хемиско-технолошка струка во прва и втора година во учебната 2022/2023 година ќе го има следниот профил:**

- o прехрамбен техничар-четиригодишно траење

Во гимназиското образование во учебната 2022/2023 година има 183 ученици во 12 паралелки по три паралелки во секоја година (прва, втора, трета и четврта година). Во стручното образование во учебната 2022/2023 година има 166 ученика во 16 паралелки и тоа: четири паралелки во прва година, четири паралелки во втора година, пет паралелки во трета година и три паралелки во четврта година. Во учебната 2022/2023 година има вкупно 349 ученици. Наставата во училиштето се одвива на македонски јазик.

Во училиштето во учебната 2022/2023 година има вкупно вработени 76 лица и тоа:

- 1 (еден) Директор
- 2 (два) Помошни директора за настава (помошник директор за настава за гимназиско образование и помошен директор за настава за стручно образование)
- 49 (четириесет и девет) предметни наставници
- 5 (пет) стручни соработници и тоа: еден педагог, еден психолог, два библиотекари и еден социолог
- 4 (четири) административни службеници и тоа: секретар, благајник, технички секретар и сметководител
- 14 (четиринаесет) лица помошно-технички персонал (8 хигеничари, 2 хаус-мајстори, 1 економ-домакин, 1 чувар, 1 возач и 1 ракувач на парни котли-парноложач)
- 1 (еден) воспитувач во ученичкиот дом

Во табелата која следи даваме преглед на наставниот кадар во средните училишта во општината, по пол и по учебни години.

| Учебна година | 2019/2020 | | | 2020/2021 | | | 2021/2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Свети Николе | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи | Вкупно | Жени | Мажи |
| | 54 | 27 | 27 | 54 | 28 | 26 | 51 | 26 | 25 |

***Табеларен приказ на бројноста и половата структура на наставниот кадар во средните училишта во Општина Свети Николе (извор : ДЗС)***

Во табелата даваме преглед на учениците во средните училишта во општината, по пол и по учебни години.

| Учебна година | 2019/2020 | | | 2020/2021 | | | 2021/2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Свети Николе | Вкупно | Ученички | Ученици | Вкупно | Ученички | Ученици | Вкупно | Ученички | Ученици |
| | 372 | 183 | 189 | 386 | 172 | 214 | 355 | 162 | 193 |

***Табеларен приказ на бројноста и половата структура на учениците во средните училишта во Општина Свети Николе (извор: ДЗС)***

Од самите податоци во табелите може да се согледа дека бројот на ученици драстично не се намалува, пред се причина за Ова е миграцијата на родителите на децата, како и барање на профили од средно стручно образование коишто ги нема во СОУ Кочо Рацин. За разлика од тоа бројот на наставниците е без големи промени. Поради тоа потребно е да се земе предвид во наредниот период да се воведат нови наставни насоки и содрќини во СОУ Кочо Рацин, односно да се направи Социјален дијалог со Приватниот сектор со што ќе се направи анализа од потребниот кадар на локално и регионално ниво коишто е потребен на пазарот на трудот.

**Високо образование**

Во Општина Свети Николе во Високото образование функционира Меѓународниот славјански универзитет „Св. Николај“ – Свети Николе и Битола. Оваа високообразовна институција која работи од 2004 година на територијата на Р. Македонија, истата година ги започна и ги активира студиите во Свети Николе со отворање на Факултетот за економија и организација на претприемништво со насоките Менаџмент и Финансии и кредит и со Факултетот за психологија. Денес работи со додипломските и последипломски студии на 5 факултети, и тоа: Факултет за економија, Факултет за психологија, Факултет за информатика, Факултет за безбедносно инженерство, Факултет за правни науки, како и 2 института: Институт за инженерска економија и Институт за култура и уметност. Располага со два кампуси, во Свети Николе и во Битола. Наставниот кадар го сочинуваат асистенти и професори од Македонија, и странство.

Дипломирани студенти според степенот на студии и полот, со постојано живеење во Општина Свети Николе, по години

| | **Вкупно** | | | **Мажи** | | | **Жени** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Свети Николе** | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **Вкупно** | 32 | 42 | 27 | 11 | 14 | 10 | 21 | 28 | 17 |
| **Стручни студии** | 2 | 1 | 2 | - | - | 2 | 2 | 1 | - |
| **Академски универзитетски студии** | 29 | 39 | 25 | 11 | 14 | 8 | 18 | 25 | 17 |
| **Интегрирани студии** | 1 | 2 | - | - | - | - | 1 | 2 | - |

***Табеларен приказ на Дипломирани студенти според степенот на студии и полот, со постојано живеење во Општина Свети Николе, по години***

Од табеларниот приказ може да се види дека се намалува бројот на диплоирани струденти со постојано живеење во Општина Свети Николе, пред се во стручните стиудии затоа треба да се направи анализа и да се поттикнат младите да го продолжуваат своето високо образование во стручните студии.

**Култура, спорт и рекреација**

Културните активности во општината се реализираат преку две институции:

- Дом на културата „Крсте Петков Мисирков“ – Свети Николе и
- ОУ Народен музеј Свети Николе.

Во Домот на културата, како најголема културна институција во општината, работат Народна библиотека со кино, а во рамките на културните активности, во Домот се одвиваат и културно-уметнички дејности од страна на разни организации од полето на: **музика**; **фолклор**; **драмска уметности; литературна и филмска дејност.**

Од 1982 година, во рамките на Домот на културата е интегрирана и Градската библиотека „Гоце Делчев“, културно-образовна институција за вршење библиотечна дејност со богат книжен фонд (за возрасни и за деца) од околу 56.000 книги.

Како центар на сите културни настани во општината и организатор на многубројни содржини и активности, Домот на културата организира и манифестации кои прераснаа во традиција:

- Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“;

- Свечена академија по повод Свети Николај;
- Плејбек шоу за деца „Ѕвездички“;
- Во Месецот на книгата, манифестацијата „Книгата – отворен прозорец кон светот“;
- Поетска манифестација „Пролет, љубов, смеа“;
- Светиниколско културно лето и Топол културен бран.

Културен репрезент на Општина Свети Николе е и Градскиот аматерски мандолински оркестар Свети Николај коишто функционира од 2004 година коишто има бројни учества и награди од голем број меѓународни фестивали и концерти, како и Градски аматерски театар „Сцена 71“ коишто има огромен број на драмски претстави како и гостувања во и надвор од Македонија.

**Општинската установа Народен музеј од Свети Николе**

Општинската установа Народен музеј од Свети Николе постои од 1981 година како Музејско катче во Домот на културата „Крсте Петков Мисирков“. До 1993 година, музејската збирка располагаше со скромен фонд на предмети. Од 1994 година, музејската збирка се трансформира во Народен музеј. Од 2002 година до денес, Музејот е лоциран во поранешната општинска зграда, која со реставрација и реконструкција е преадаптирана за ваква намена. Во 2005 година, Народниот музеј преминува во општинска установа Народен музеј Свети Николе.

Денес Народниот музеј Свети Николе има постојана етнолошка и археолошка поставка. Има 363 етнолошки предмети, 1.284 археолошки предмети и 87 историски предмети. Музејот е сместен во објект во центарот на градот којшто датира од 1924 година, Споменик на културата заштитен со закон. Музејот има приземје, кат и поткровје.

Работното време за посетителите на Музејот е од понеделник до петок, од 09:00 до 16:00 часот, а сабота и недела за организирани групи.

**Археологија**

На просторот во Овче Поле откриени се и евидентирани 179 археолошки локалитети (Археолошка карта II на Република Македонија), од кои како покарактеристични можеме да ги посочиме следниве:

- Најстарите археолошки локалитети: Барутница кај село Амзабегово – ран неолит 5500 години пр.н.е. Руг Баир, с. Горобинци – среден неолит и Алин Дол, с. Немањици – доцен неолит;
- Славков Дол, с. Кнежје – Билазора, Пајонија – рана антика;
- Мечев Брест, с. Долно Ѓуѓанци – римски период;
- Ковчези, с. Долно Ѓуѓанци, светилиште на карпа – хеленистички период;
- Градиште, с. Орел, утврдена населба – железно, хеленистичко и римско време;
- Дудин дол, Св. Николе, населба и некропола – римски период;
- Рудина, Св. Николе, населба – римски период;
- Ѓуришки манастир „Св. Богородица“, населба – среден век;
- Црква „Св. Николај“ – среден век;
- Старо село, с. Немањици, населба и некропола – среден век.

Како споменици на културата регистрирани во Централен регистар за недвижно културно наследство се:

- \- Црква „Свети Никола“ (Гробјанска црква) – с. Буриловци со Решение на РЗЗСК од 02.04.1997 година, црквата е со статус Споменик на културата заштитен со закон;
- Археолошки локалитет Барутница – с. Анзабегово со Решение на РЗЗСК од 25.04.1990 година, локалитетот е со статус споменик на културата заштитен со закон;
- Археолошки локалитет Руг Баир – с. Горобинци со Решение на РЗЗСК од 25.04.1990 година, локалитетот е со статус Споменик на културата заштитен со закон.
- Археолошки локалитет Градиште/Славков дол Билазора – с. Кнежје со Решение на РЗЗСК од 25.04.1990 година е локалитет со статус споменик на културата заштитен со закон. Зафаќал површина од над 20 хектари. Географската доминација во однос на околното

опкружување му наметнува улога на комуникациски репер и раскрсница на патните правци од север кон југ и од исток кон запад, помеѓу границите на тогашна Дарданија, Тракија и Македонија. Античка Билазора, како најголем и најзначаен град на Пајонија, првпат ја споменуваат Полибиј и Тит Ливиј. Тие укажуваат на нејзината стратешка географска позиција и улога на чувар на северната граница на Античка Македонија во одбраната од Дарданците.

- Според стручњаците, два значајни датуми во историјата на Античка Македонија се поврзуваат со градот Билазора: 217 година пр.н.е., кога македонскиот крал Филип V ја обновил нејзината фортификациска мрежа, и 168 година пр.н.е., кога македонскиот крал Персеј, во фазата на подготовки за Третата македонско-римска војна, успеал да договори воена помош од страна на Галите, кои биле стационирани во близина на Билазора.
- Старата општинска зграда – Свети Николе со Решение на РЗЗСК од 16.03.1995 година, има статус споменик на културата заштитен со закон.

**Спортскиот живот во Општина Свети Николе**

Во општината постои еден спортски објект за организирање спортско-рекреативни активности – Спортска сала „Цар Самоил“, фудбалско и ракометно игралиште со површина од 15.324 m2, уште едно фудбалско игралиште и пет мали детски игралишта во градот, 8 детски игралишта заедно со кошаркарски дел во руралните средини, како и двојно тениско игралиште. Во општината е лоцирана е и браната Мавровица, на која е достапен спортскиот риболов, а во општината има и неколку ловишта за спортски лов.

Во Општина Свети Николе активно функционираат повеќе спортски клубови:

- -**ЗС Фудбалски клуб Овче Поле,** којшто се натпреварува во Трета македонска лига – Исток. Клубот е формиран во 1925 година, а своите натпревари ги игра на Градски стадион Свети Николе. Во својата историја клубот долги години има настапувано во Втора македонска фудбалска лига. Во овој клуб своите кариери ги имаат започнато Гордан Здравков – шампион во поранешна СФРЈ со ФК Вардар од Скопје и тренер во Прва македонска фудбалскаЛига и Роберт Петров – интернационалец и поранешен репрезентативец на фудбалската репрезентација на Македонија. Најверните навивачи на ФК Овче Поле се навивачката група „овчари“.
- Исто така функционира и **ФК Овче Поле – Јуниор,** којшто постои од 1999 год. и во чии рамки функционираат следниве секции: почетници (7-9-годишна возраст), петлиња (11-12), пионери (13-14), кадети (15-16), младинци (17-18). Пионерите се натпреваруваат во Пионерската лига на Македонија – Централен Регион, а останатите категории повремено играат пријателски натпревари.
- **Клуб за мал фудбал „Овче Поле 2013,** којшто како клуб во мал фудбал активно се натпреварува во Втора фудбалска лига во Македонија.
- Во ракометот во Машка конкуренција функционираат: **Младински ракометен клуб Кирил Лазаров – 7** како младинска школа за ракомет како и **Градски ракометен клуб Овче Поле 1958 ,** продолжувајки ја традицијата на еден од најуспешните спортови во Свети Николе, коишто се натпреварувал совевремено и во Втората југословенска лига, Во овој клуб своите кариери ги имаат започнато **Кирил Лазаров, Филип Лазаров, Благојче Крстев и други..**

- **Женски ракометен клуб – Свети Николе,** којшто од 2007 година настапува под името ЖРК МСИ – Свети Николе, функционира во четири категории (пионери, кадети младинки и сениорки), со вкупно околу 56 ракометарки. Сениорската екипа со успех се натпреварува во Супер ракометната лига на Македонија – жени истиот ја продолжува успешната приказна за женскиот ракомет коишто годините наназад функционирал преку женскиот ракометен клуб „Овче Поле" кадешто својата кариера ја започнала .
- **КК Овче Поле,** формиран 1978 година, има настапувано и во Прва македонска лига во кошарка и клуб кој по поголема пауза, повторно настапува во Трета кошаркарска лига на РМ. Исто така функционира и КК Овче Поле Јуниор, којшто се натпреварува во младинските лиги при Кошаркарска федерација на Македонија.
- **Шаховскиот клуб Овче Поле**.

Во Општина Свети Николе функционираат и училишните спортски клубови при основните и средното училиште: УСК Овчеполски асови, УСК Спартанец, УСК Лиска Поток, УСК Млади овчеполсци .
Најпознати и најуспешни спортисти од Општина Свети Николе се:

- **Кирил Лазаров** – најпознат македонски ракометар, капитен и сегашен селектор на македонската ракометна репрезентација, интернационалец;
- **Филип Лазаров** – македонски ракометар, интернационалец;
- **Благојче Крстев** – поранешен капитен на младинската репрезентација на Македонија во ракомет;
- **Гордана Нацева** – поранешен капитен на женската репрезентација на Македонија во ракомет, како и на женскиот ракометен клуб Кометал, со којшто ја освои и Европската шампионска титула;
- **Гордан Здравков** – шампион во поранешна СФРЈ со ФК Вардар, Скопје и тренер во Прва македонска фудбалска лига.
- **Роберт Петров** – интернационалец и поранешен репрезентативец на фудбалската репрезентација на Македонија.

Со поддршка на Општина Свети Николе низ годините се поддржуваат и следниве веќе традиционални спортски манифестации:

- Летен Турнир во мал Фудбал
- Турнир во мал Фудбал – с. Мустафино
- Турнир во мал Фудбал – с. Ерџелија
- Турнир во кошарка 3x3
- Меморијален турнир „Александар Серафимов"

**Здравствена и социјална заштита**

Здравството претставува еден од основните чинители на квалитетот на живот на населението и продолжувач на животниот век, поради што има посебно место во социјалниот развој.
Здравстевениот систем во Општината Свети Николе го сочинуваат јавните здравствени установи и приватните здравствени установи.

**Јавни здравствени установи**

Во Општина Свети Николе функционира една јавна здравствена установа, Здравстен дом „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски.
Во Здравствениот дом се вработени 80 работници, од кои со високо образование се: 7 доктори по општа медицина, 8 доктори специјалисти, 3 доктори кои се во моментов на специјализација, 5 здравствени работници (медицински сестри, лаборанти и РТГ-техничари со високо образование), 3 здравствени соработници (биолози и хемичари) и 3 административни работници со високо образование и 1 со вишо; со средно образование се: 18 медицински сестри, 6 акушерки и 2 лаборанти, како и 3 административни работници и 8 техничари.
Здравствениот дом овозможува превентивна специјалистичко-консултативна здравствена заштита, има организирано итна медицинска помош, превентивна и здравствена заштита од областа на медицината и стоматологијата, а врши и лабораториски и рендгенолошки услуги. Исто така има организирано и породување со стручна помош во која се ангажира доктор гинеколог.
Специјалистичко-консултативните здравствени услуги ги обезбедува во областа на интерната медицина, офтамологијата, оториноларингологијата и невропсихијатријата. Во рамките на новата амбулантна зграда функционира хигиено-епидемиолошка служба како истурен пункт на Центарот за јавно здравје Велес, којашто ја следи здравствената состојба на населението во општината.

**Приватни здравствени установи**

Покрај во ЈЗУ, граѓаните медицински услуги добиваат и од следниве приватни здравствени установи кои се во најголем број просторно сместени во просториите на ЈЗУ Ѓорѓи Гаврилски:

- 10 ординации по општа медицина - Дејности на општа медицинска пракса;
- 1 - Дејности на специјалистичка медицинска пракса
- 8 стоматолошки ординации и ординации за стоматолошка протетика;
- 2 ординација за стоматолошка протетика;
- 5 аптеки.

Од податоците може да се увиде дека во Општина Свети Николе недостасува постојана Спцијалистичка услуга.

**Социјална заштита**

При одредување на социјалните фактори во општина Свети Николе се користени податоци добиени од ЈУ МЦСР – Свети Николе како би послужиле за мапирање на лицата од ранливи групи во општината и нивните потреби.
Според податоците од ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе, регистрирани се следните корисници на Права на парична помош од социјална заштита за 3 години, и тоа:

| | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Гарантирана минимална помош | 147 | 147 | 135 |
| Надоместок за помош и нега | 541 | 541 | 537 |
| Надоместок заради попреченост | 109 | 105 | 104 |
| Надоместок заради скратено работно време | 2 | 2 | 2 |
| Траен надоместок на родител на дете со попреченост | 0 | 0 | 0 |
| Посебен додаток | 54 | 54 | 50 |
| Еднократна парична помош | 11 | 11 | 18 |
| Социјална сигурност за стари лица | 23 | 23 | 20 |
| Гарантиран детски додаток | 87 | 73 | 69 |
| Посебен додаток | 54 | 54 | 54 |
| Право на здравствена заштита | 57 | 57 | 57 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лице и надоместок за сместување | 0 | 0 | 0 |
| Цивилна инвалидна | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **1085** | **1067** | **1046** |

Најголем број се лица кои користат паричен надоместок за помош и нега, а потоа гарантирана минимална помош и надоместок заради попреченост.
Општина Свети Николе, согласно законските надлежности преку Програмата за социјална заштита и заштита на деца доделува еднократна парична помош по категории согласно поднесени барања од жителите – мажи и жени, за 3 години, и тоа:

- Еднократна парична помош

| | **Социјална помош** | **Новороденче (подносители)** | **Семејно насилство** | **Самохрани родители** | **Стари и изнемоштени лица** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **202** | **78** | **3** | **31** | **0** |
| М | 93 | 16 | 0 | 6 | 0 |
| Ж | 109 | 82 | 3 | 25 | 0 |
| **2021 Вкупно** | **162** | **106** | **1** | **27** | **16** |
| М | 75 | 24 | 0 | 5 | 7 |
| Ж | 87 | 82 | 1 | 22 | 9 |
| **2020 Вкупно** | **146** | **107** | **0** | **27** | **0** |
| М | 75 | 23 | 0 | 5 | 0 |
| Ж | 71 | 84 | 0 | 22 | 0 |

- Исплатена еднократна парична помош на мажи и жени кои поднеле барања до Советот на општина Свети Николе

| | **Лекување** | **Непогода (опожарен дом, оштетен кров, поплава)** |
|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **5** | **5** |
| М | 2 | 4 |
| Ж | 3 | 1 |
| **2021 Вкупно** | **4** | **4** |
| М | 1 | 1 |
| Ж | 3 | 1 |
| **2020 Вкупно** | **6** | **4** |
| М | 2 | 3 |
| Ж | 4 | 1 |

- Социјални пакети за корисници на социјална помош

| | Социјални пакети | Социјални пакети - жители од рурална средина | Социјални пакети - жители од урбана средина |
|---|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **223** | **89** | **134** |
| М | 141 | 66 | 75 |
| Ж | 82 | 23 | 59 |
| **2021 Вкупно** | **217** | **86** | **131** |
| М | 142 | 67 | 75 |
| Ж | 75 | 19 | 56 |
| **2020 Вкупно** | **270** | **/** | **/** |
| М | / | / | / |
| Ж | / | / | / |

**Граѓанско општество**

На подрачјето на Општина Свети Николе постојан и активно работаат следните здруженија на граѓани:

| | |
|---|---|
| 1 | Здружение Доброволно ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО Свети Николе |
| 2 | СОЈУЗ НА БОРЦИ од Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945год.Општински одбор Свети Николе |
| 3 | Здружение ловечко друштво ЕРЕБИЦА Свети Николе |
| 4 | Здружение на ГЛУВИ И НАГЛУВИ СВЕТИ НИКОЛЕ Свети Николе |
| 5 | Заедница на ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ Свети Николе |
| 6 | Здружение на ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА ОПШТИНА Свети Николе |
| 7 | Здружение Организација на жените на општина Свети Николе-Свети Николе |
| 8 | Извиднички одред ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Свети Николе |
| 9 | Здружение Граѓанска иницијатива на жени ГИЖ Свети Николе |
| 10 | Здружение на производители и потрошувачи на органски производи ОВЧЕПОЛСКИ ЕКО ПРОИЗВОДИ с.Мустафино Св. Николе |
| 11 | Здружение кинолошко друштво БАЛКАНЕЦ 03 Свети Николе |
| 12 | Градско мандолинско друштво СВЕТИ НИКОЛА Свети Николе |
| 13 | Здружение на инвалиди на трудот |
| 14 | Здружение на граѓани Мото клуб МЦЦ |
| 15 | Здружение на бегалци од Егејска Македонија Беломорци |
| 16 | ЗГ Илинденски Марш – Поп Мартин 2007 |
| 17 | Центар за граѓански активизам Деница плус |
| 18 | Здружение градски фолклорен ансамбл Овчеполец Свети Николе |

Како и ОО на Црвен Крст Свети Николе, како спортски здруженија и Училишни спортски клубови. Општ заклучок е дека невладините организации повремено се активни. Нивната активност е тесно поврзана со финансиски средства (финансиска поддршка) за реализација на нивните програмски активности. Поради тоа потребно е да се обезбеди финансиска поддршка за реализација на програмските цели, согласно надлежностите и приоритетите на општината.

**Чуствителни/ранливи групи**

Во оппштина Свети Николе има **Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост** кој е отворен во 2010 година и истиот функционира како организациона единица на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Свети Николе, сместен во Детската градинка „Рахилка Гонева". Местоположбата допринесува за нормално и правилно фукционирање на центарот и условите ги задоволуват потребите на корисниците. Услугите на дневниот центар ги користат 13 корисници на возраст од 18 до 56 години, од кои 5 со тешка интелектуална попреченост, 5 со комбинирани пречки во развојот и 3 со умерена интелектуална попреченост. Во однос на полот 6 се женски и 7 машки.

Дневниот центар на корисниците им обезбедува дневно згрижување, организиран превоз и исхрана, стимулирање на развојот на индивидуалните способности, културно – хигиенски и работни навики, како и социјализација преку активности ориентирани преку заедницата. Подршката на родителите се обезбедува преку превземање и грижа за детето во одреден период на денот, стручно консултативна помош за одредени прашања поврзани со попреченоста, однесувањето или потребите на нивните деца. Со родителите се одржуваат постојани контакти и редовни средби и истите се вклучени во планираните редовни активности. Дневниот центар располага со три простори, занимална, кујна и сензорна соба и истиот е солидно опремен како технички, така и просторно и ги задоволува потребите на корисниците и вработените. Сензорната соба е сместена во посебна просторија и истата е скромно опремена со сензорно визуелни елементи, душеци и мека подлога, но со оглед на возраста и видот на попреченост на корисниците истата многу малку се користи.

Од стручни профили во Дневниот Центар се вработени Дефектолог и Социјален работник, како и двајца волонтери ангажирани преку проектот Општинско корисна работа.

Финансиските средства за функционирање на дневиот центар се обезбедени од Министерството за труд и социјална политика.

► Податоци поврзани со лица со попреченост

Состојбата на лица со попреченост (лица со интелектуална и телесна попреченост, телесни инвалиди, деца со аутизам, деца со говорни недостатоци, лица со комбинирани пречки, лица со оштетен вид и слух, лица со пречки во менталниот развој) во општина Свети Николе е следната и истата е добиена од податоци од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе.

| | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Лица со оштетен вид | 35 | 34 | 30 |
| Лица со оштетен слух | 30 | 31 | 33 |
| Лица со пречки во телесниот инвалидитет | 25 | 25 | 25 |
| Лица со интелектуална попреченост | 158 | 148 | 138 |
| Лица со умерени пречки | 22 | 22 | 20 |
| Лица со комбинирани пречки | 33 | 35 | 33 |
| Лица со пречки во вербална комуникација (глас, говор и јазик) | 4 | 4 | 4 |
| Лица со тешка телесна инвалидност | 13 | 12 | 15 |
| Аутистични лица | 4 | 3 | 3 |
| Лица со даунов синдром | 5 | 5 | 5 |

Од табелата може да се воочи дека најголем број имаме лица со интелектуална попреченост, а согласно податоците од Центарот за вработување – Свети Николе, во табелата подолу се податоци на невработени лица – инвалидни лица според вид на инвалидност, од која може да се согледа – за 2022 година вкупно евидентирани 18 невработени инвалидни лица од кои што 5 се жени.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Не постои згрижување на децата во градинки/центри за ран детски развој во руралните средини во општината | Треба да се отвораат установи за детско згрижување, посебно во руралните средини. |
| Намален број на ученици во основно образование | Задржување на младите во општината преку подобрување на условите за вработување. Потребно е стимулирање на млади бракови и раѓање во помлади години. |
| Намален број на ученици во средно образование | Отворање на стручни насоки во средното училиште за полесен пристап до пазарот на труд. |
| Недоволен број на културни манифестации во општината | Поддршка во одржување на постојните културни, традиционални и фолклорни манифестации и востановување нови манифестации |
| ЈЗУ не пружа медицинска услуга за бремени жени | Да се обезбеди соодветен кадар и опрема за давање на гинеколошка услога |
| Зголемен број на баратели на еднократна парична помош по основ на тешка финансиска состојба на семејствата | Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица приматели на социјална помош |
| Недоволна активност на невладините организации | Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината. |
| Немање на социјални услуги во домот | Воведување на нови социјални услуги |
| Немање на туристичка понуда | Мапирање на туристичките потенцијали |
| Немање на Младински центар | Започнување на процедурата за отварање на младински центар во градот |
| Намален број на женски спортски клубови | Поддршка низ проекти |

## Економски аспект

### БРОЈ НА АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Во Општина Свети Николе најразвиени стопански дејности се: прехранбената индустрија, текстилната индустрија, трговската дејност, услужната дејност, земјоделството и сточарството. Бројот на активните деловни субјекти во Општина Свети Николе варира во различни периоди.

| **Свети Николе** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Години | **Вкупно** | **Микро** | **мали** | **средни** | **големи** |
| **2018** | 788 | 625 | 156 | 7 | - |
| **2019** | 773 | 611 | 155 | 7 | - |
| **2020** | 745 | 576 | 162 | 7 | - |

***Табела: Број на активни деловни субјекти во Општина Свети Николе според големината, состојба од 31 декември***

| **2021** | **Вкупно** | **0** | **1-9** | **10-19** | **20-49** | **50-249** | **250 +** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Свети Николе** | 734 | 31 | 662 | 14 | 12 | 14 | 1 |

***Табела: Број на активни претпријатија по региони и општини, по класи на големина според бројот на вработени, од 2021 * по 2020 се менува методилогијата и активните препријатија се анализираат по број на вработени***

Од табелите погоре може да се согледа дека постои мала тенденеција на намалување на активните деловни субјекти на територијата на Општина Свети Николе, како и дека најголем број на активните деловни субјекти имаат од 1 до 9 вработени.

**СОСТОЈБАТА НА АКТИВНИ ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТ**

| Година | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 789 | 788 | 773 | 745 | 734 |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 325 | 319 | 297 | 283 | 273 |
| Б Рударство и вадење на камен | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| В Преработувачка индустрија | 63 | 64 | 70 | 65 | 63 |
| Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | / | / | 1 | 1 | / |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| Ѓ Градежништво | 28 | 33 | 34 | 32 | 38 |
| Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 177 | 168 | 162 | 162 | 165 |
| Ж Транспорт и складирање | 33 | 34 | 38 | 33 | 31 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 27 | 26 | 26 | 28 | 27 |
| Ѕ Информации и комуникации | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | / | / | / | / | / |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | 1 | 1 | 1 | - | 2 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 50 | 50 | 49 | 48 | 50 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 6 | 6 | 8 | 9 | 10 |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| М Образование | 14 | 14 | 13 | 12 | 11 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 21 | 23 | 21 | 21 | 23 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 7 | 6 | 9 | 7 | 5 |
| О Други услужни дејности | 25 | 32 | 33 | 34 | 24 |
| П Дејности на домаќинствата како работодавачи | / | / | / | / | / |
| Р Дејности на екстратериторијални организации и тела | / | / | / | / | / |

***Табела: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, на територијата на општина Свети Николе, по години, состојба 31 декември.***

Од табелите погоре може да се согледа дека најмногу активни субјекти има во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство, но и дека кај истиот има најголем пад на активни деловни субјекти 52. Како најзастапени се: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, Преработувачката индустрија и Стручни, научни и технички дејности.

**ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Во општината постојат мал број извозно ориентирани претпријатија, бидејќи претежно станува збор за индиректен извоз, т.е. лон-систем на производство. Категоријата на извозно ориентирани претпријатија ја претставуваат истовремено најуспешните фирми во општината:

- ☐ Прехранбена индустрија и земјоделие
    - **МИК Свети Николе** – компанија со најдолга традиција во месната индустрија во Македонија;
    - **Лион Д.О.О.** – производство на кондиторски производи;
    - **Друштво за производство трговија и услуги ШИТКАРСКИ ДООЕЛ Свети Николе** – производство на леб, бели печива и кондиторски производи;
    - **Агроглобал трејд (Коки Лукс)**– производство и трговија со брашно;
    - **Алгомак** – производство на леб, бели печива;
    - **ТД Андонов д.о.о.е.л.** – увоз и продажба на адитиви, репроматеријали за прехранбената индустрија, машини за месопреработувачка индустрија.
    - Млин ИВАНА ДООЕЛ увоз извоз Кадрифаково - производство и трговија со брашно, производство на леб, бели печива;
    - **Друштво за производство, трговија и услуги ГРАДИНАР** увоз-извоз АД Свети Николе
    - **Друштво за земјоделство,сточарство,трговија и услуги ПОЛЕДЕЛСТВО ЕРЏЕЛИЈА ДООЕЛ** с.Ерџелија Свети Николе
    - **Друштво за земјоделство,трговија и услуги БОНИЕР АГРО ДООЕЛ Свети Николе**
    - **Хемипром ДОО Свети Николе** – Млекара Николови
- ☐ Градежна индустрија
    - **Бим АД** – производство на битуменски и изолациски производи за градежништво;
    - **Фантастико** – изработка на ПВЦ прозорци и врати.
- ☐ Текстилна индустрија
    - **Мода АД**
    - **Камотекст**
- ☐ Трговија на мало и големо
    - **Астра**
- ☐ Метало преработувачка
    - **Друштво за производство,услуги и трговија ЛИДЕР-ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Свети Николе -** обработка на метал и метални конструкции
- ☐ **Изработка на мебел**
    - **Кист Мебел**

**СТРУКТУРА И БРОЈ НА ЗАНАЕТЧИИ ПО ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ**

| Опис на дејноста | Број на занаетчии |
|---|---|
| Калајџиско-казанџиска дејност | 5 |
| Бојаџиска дејност | 1 |
| Каменорежач | 1 |
| Изработка на металски работи | 2 |
| Столар | 5 |
| Бербер | 2 |
| Фризер | 10 |
| Производство на накит | 1 |
| Производство на мебел | 3 |
| Одржување и поправка на моторни возила | 4 |
| Автоперална | 2 |
| Преработка на млеко | 1 |
| Поправка на електрична опрема | 2 |

| Вкупно | 39 |
|---|---|

***Табела:Преглед на структурата и бројот на занаетчии по област на делување***

**ЗЕМЈОДЕЛИЕ РАЗВИЕНОСТ И РЕСУРСИ**

Овчеполието е познат земјоделско-сточарски регион. Луѓето од овој крај се занимавале со земјоделство бидејќи регионот изобилува со почва од повеќе класи, со посебна внатрешна вредност – бонитет, голем број сончеви денови и систем за наводнување. Со тоа се исполнети условите за одгледување на житни, индустриски и градинарски култури. Економското значење на земјоделството може да се види од неговото учество околу 38 % во структурата деловните субјекти во општината, што претставува стратешки фактор за развој на целокупниот економски живот.

Структура на земјишниот фонд во Општина Свети Николе - Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години, според НТЕС 2013:

| Свети Николе | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Земјоделска површина (ha)** | 30.503 | 30.648 | 30.471 |
| **Вкупна обработлива површина (ha)** | 11.364 | 11.509 | 11.423 |
| **Ораници и бавчи (ha)** | 10.219 | 10.404 | 10.343 |
| **Овоштарници (ha)** | 77 | 42 | 27 |
| **Лозја (ha)** | 594 | 589 | 579 |
| **Ливади (ha)** | 474 | 474 | 474 |
| **Пасишта (ha)** | 19.114 | 19.114 | 19.023 |

***Табела: Преглед на земјишната површина според НТЕС 2013 (извор: ДЗС)***

Од табелата може да се согледа дека е мала застапеноста на Вкупната Обработлива површина на сметка на земјоделската површина околу 35%, од што во огрмоен дел е Ораници и бавчи (околу 90% од Обработливата површина)

Преглед на површината и производството на лозја

| Свети Николе | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Родна површина хектари** | 594 | 589 | 579 |
| **Вкупен број пенушки во илјади** | 1915 | 1916 | 1876 |
| **Број на родни пенушки во илјади** | 1915 | 1915 | 1875 |
| **Вкупно производство во тони** | 3960 | 4301 | 4372 |
| **Кг по хектар** | 6667 | 7303 | 7552 |

***Табела: Табеларен приказ производството на лозја (извор: ДЗС)***

Од табеларниот приказ може да се забележи благо намалување на лозјето, но зголемување на производството, како и количината на КГ по хектар во последните 3 години.

**Преглед на овошни стебла и производство на овошје во Општина Свети Николе**

| Свети Николе | Вкупен број на стебла | | | Број на родни стебла | | | Вкупно производство во тони | | | Кг по стебло | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **Цреши** | 230 | 230 | 230 | 230 | 230 | 230 | - | - | 9 | - | - | 38 |
| **Вишни** | 35290 | 290 | 290 | 35290 | 290 | 290 | 62 | - | 4 | 2 | - | 12 |
| **Кајсии** | 1425 | 1425 | 1425 | 1425 | 1425 | 1425 | - | - | 15 | - | - | 11 |
| **Дуњи** | 234 | 234 | 234 | 234 | 234 | 234 | 2 | 2 | 4 | 7 | 7 | 18 |
| **Јаболка** | 1870 | 1870 | 1870 | 1870 | 1870 | 1870 | 10 | 9 | 30 | 6 | 5 | 16 |
| **Круши** | 1915 | 1915 | 1915 | 1915 | 1915 | 1915 | 10 | 8 | 25 | 5 | 4 | 13 |
| **Сливи** | 10000 | 10000 | 3500 | 9300 | 9500 | 3000 | 28 | 38 | 75 | 3 | 4 | 25 |
| **Праски** | 330 | 330 | 330 | 330 | 330 | 330 | 2 | - | 6 | 5 | - | 18 |
| **Ореви** | 536 | 536 | 536 | 536 | 536 | 536 | 4 | 3 | 13 | 8 | 7 | 25 |
| **Бадеми** | 250 | 250 | 250 | 250 | 250 | 250 | 1 | 1 | 5 | 5 | 5 | 20 |

Таб. бр. 13 Број на овошни стебла и производство на овошје во Општина Свети Николе НТЕС 2013 (извор: ДЗС)

Од самата табела може да се согледа дека најзастапени во овоштарството доколку се земе бројот на стебла се Сливите, Црешите, Крушите, Јаболката и Кајсиите, додека најголемо производство по тони има кај сливите, Јаболката и Крушите, но и дека по број на росни стебла има голем пад кај сливите.

**Површини и производство на Посеви по години во Општина Сети Николе**

| Свети Николе | Засеана површина во хектари | | | Ожнеана површина во хектари | | | Вкупно производство во тони | | | Кг по хектар | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **Пченица** | 2919 | 2952 | 3256 | 2919 | 2952 | 3256 | 9019 | 7804 | 6800 | 3090 | 2644 | 2088 |
| **Рж** | 125 | 141 | 132 | 125 | 141 | 132 | 273 | 233 | 186 | 2186 | 1652 | 1406 |
| **Јачмен** | 3494 | 3553 | 3420 | 3494 | 3503 | 3420 | 11403 | 11034 | 8800 | 3264 | 3150 | 2573 |
| **Овес** | 21 | 25 | 30 | 21 | 25 | 30 | 50 | 44 | 34 | 2400 | 1778 | 1122 |
| **Пченка** | 389 | 460 | 388 | 375 | 460 | 370 | 673 | 512 | 875 | 1795 | 1113 | 2364 |
| **Сончоглед** | 453 | 407 | 376 | 453 | 395 | 376 | 208 | 211 | 551 | 459 | 534 | 1467 |
| **Тутун** | 8 | 6 | 7 | 8 | 6 | 7 | 16 | 13 | 18 | 2000 | 2100 | 2557 |
| **Компири** | 14 | 13 | 16 | 14 | 13 | 16 | 25 | 25 | 28 | 1800 | 1950 | 1719 |
| **Кромид** | 24 | 30 | 19 | 24 | 30 | 19 | 36 | 41 | 34 | 1500 | 1350 | 1800 |
| **Лук** | 9 | 12 | 9 | 9 | 12 | 9 | 9 | 11 | 12 | 1000 | 900 | 1372 |
| **Грав-главен посев** | 64 | 65 | 41 | 64 | 65 | 41 | 67 | 62 | 32 | 1050 | 950 | 784 |
| **Грашок-зрно** | 1 | - | 2 | 1 | - | 2 | 1 | - | 2 | 750 | - | 800 |
| **Зелка** | 10 | 15 | 8 | 10 | 15 | 8 | 25 | 315 | 22 | 2500 | 21000 | 2713 |
| **Домати** | 32 | 23 | 11 | 32 | 23 | 11 | 212 | 500 | 23 | 6625 | 21739 | 2109 |
| **Пиперки** | 4 | 20 | 12 | 4 | 20 | 12 | 53 | 360 | 18 | 13150 | 18000 | 1467 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Краставици** | 1 | - | - | 1 | - | - | 24 | - | - | 24200 | - | - |
| **Бостан** | 155 | 125 | 129 | 155 | 125 | 129 | 445 | 2688 | 280 | 2871 | 21500 | 2172 |
| **Детелина** | - | 3 | - | - | 3 | - | - | 15 | - | - | 5000 | - |
| **Луцерка** | 574 | 577 | 587 | 574 | 577 | 587 | 1258 | 1668 | 1390 | 2191 | 2890 | 2368 |
| **Граор** | 6 | 6 | 2 | 6 | 6 | 2 | 5 | 5 | 2 | 800 | 900 | 900 |
| **Добиточен грашок** | 26 | 28 | 37 | 26 | 28 | 37 | 26 | 30 | 34 | 1000 | 1071 | 907 |

***Табела Површини и производство на посеви во Општина Свети Николе (извор: ДЗС)***

Од табелата може да се види дека најголем број на површини се користат за производство на Пченица, Јачмени и пченка кај житините култури, а кај Градинарските најзастапени се гравот, доматите и кромидот.

Од вкупната обработливата површина, со детална затворена каналска мрежа од главниот доводен (отворен) канал од хидросистемот Брегалница во Општина Свети Николе се опфатени околу 6.000 ха. Со оглед на тоа што последен Попис на земјоделството датир аод далечната 2007 година како и немањето на податоци по години на Општинско ниво во Овој дел немаме сет на податоци кои се однесуваат на податоци во врска со бројот на индивидауални земјоделски стопаснннства, домаќинсктва со шума, домаќинства со рибник, колку од земјоделското обработлива површина е во сопственост на индивидуалните земјоделски производители, податоци за структурата на сточниот фонд како и други податоци.

**ТУРИСТИЧКИ И ПРИРОДНИ ПОТЕНЦИЈАЛИ**

**ПРИРОДНИ БОГАТСТВА**
**Минерални води**
Истражувања на минерални и термоминерални води во Овчеполието досега не се извршени. Постојат индиции дека минерални води има во атарот на село Богословец во близина на река Брегалница, потоа во атарот на село Строиманци во месноста Киселица, како и во атарот на село Мечкуевци во месноста Смрдливец. Се претпоставува дека термоминерални води има и во атарот на село Ѓузумелци во месноста Топли дол и во атарот на село Горно Ѓуѓанци во месноста Благи дол.

**Природни (рудни) богатства**
Покрај шумите и водите од природните богатства најзначајни се рудните богатства. Појавата на рудните богатства бездруго се условени од геолошко – тектонската еволуција на Овчеполската котлина. Меѓутоа геолошко – рударските истражувања во котлината сеуште не се завршени. Едни од нив се јавуваат како енергетски извори, односно каустобилити (јаглен, парафински шкрилци, нуклеарни суровини), но во многу мал дел како и метали и неметали каде до скоро се еклоатираше азбест, а трети служат како градежен материјал кој е присутен низ повеќе локалитети особено Ѓуриште и село Макреш.

Покрај шумите и водите, од природните богатства најзначајни се рудните богатства. Појавата на рудните богатства бездруго се условени од геолошко-тектонската еволуција на Овчеполската Котлина. Меѓутоа, геолошко-рударските истражувања во котлината сè уште не се завршени. Присутни се енергетски извори, односно каустобилити (јаглен, парафински шкрилци, нуклеарни суровини), наоѓалишта на метали и неметали, каде што до скоро се експлоатираше азбест. Трети, пак, служат како извор на градежен материјал којшто е присутен низ повеќе локалитети, особено Ѓуриште и село Макреш. Чакали и песоци се експлоатираат во атарот на село Горобинци.

*Ѓуриште*
Ѓуриште е возвишение кое е дел од Градиштанската планина и се наоѓа во северозападниот дел од Општина Свети Николе. На Ѓуришкиот масив се потврдени многу археолошки локалитети, најстарите од кои се датирани дури во далечниот неолит. Ѓуриште е нарекувано „воздушна бања“ на Овчеполието. Возвишението активно се користи за излети, прошетки и кампувања. На Ѓуриште уште можат да се видат остатоци од ЈНА, цркви, села, а на еден од врвовите е сместена големата „топка“ – станица за хидрометеоролошки прогнозирања за целиот регион. Ѓуришкиот масив изобилува со лековити билки и растенија.

*Богословец*
Ридот Богословец и истоименото село се едни од најсниманите предели во историјата на македонската кинематографија. Највисокиот врв Свети Јован Богослов е висок околу 750 метри. Во атарот на селото се наоѓаат остатоци од стариот рудник „Македонија азбест“ кој работел во првите децени од втората половина на минатиот век. Во селото Богословец се наоѓа црквата Свети Јован Богослов од 19 век. На јужната страна од Богословец, во непосредна близина на Брегалница се наоѓа надалеку познатата „кисела вода“ која луѓето уште од многу одамна ја користат за лекување според народната медицина. За киселата вода постојат многу легенди, а овој извор е посетуван и ден денес преку земјениот пат од Богословец до Брегалница.

**ТУРИСТИЧКИ ПОТНЕЦИЈАЛИ**:
**ОУ Народен музеј – Свети Николе**
Општинската установа „Народен музеј“ постои веќе неколку децении и го претставува културното наследство на Општина Свети Николе. Музејот ги содржи следните постојани поставки: археолошка, етнолошка, историска, лапидариумот, како и просторот за повремени изложби и настани. Артефактите кои се наоѓаат во Музејот се датирани од праисторијата па до минатиот век. Највпечатлива е збирката од „Билазора“, во која се изложени артефакти од античкиот локалитет дополнети со современа макета – диорама на локалитетот. Музејот се наоѓа во објект кој бил изграден во далечната 1924 година и претставува официјално заштитено културно наследство.
„Народен Музеј“ Свети Николе има 450 евидентирани и околу 300 позајмени етнолошки предмети. Околу 500 археолошки предмети и околу 150 историски предмети. Музејот е сместен во објект споменик на културата заштитен со закон кој датира од 1924 година и се наоѓа во центарот на градот. Музејот има приземје, кат и поткровје.
Работното време за посетителите на Музејот е од Понеделник до Петок од 09:00 до 14:00 часот. Сабота и Недела за организирани групи.

**АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ БИЛАЗОРА**
**Билазора** — пајонски град од периодот на раната антика. Се наоѓа во Овче Поле; денес локалитетот се вика „Градиште“, кај селото Кнежје. Зафаќал површина од над 20 хектари.
Географската доминација во однос на околното опкружување му наметнува улога на комуникациски репер и раскрсница на патните правци од север кон југ и од исток кон запад, помеѓу границите на тогашна Дарданија, Тракија и Македонија. Античка Билазора како најголем и најзначаен град на Пајонија првпат ја споменуваат Полибиј и Тит Ливиј. Тие укажуваат на нејзината стратешка географска позиција и улога на чувар на северната граница на античка Македонија во одбраната од Дарданците.
Според стручњаците, два значајни датума во историјата на античка Македонија се поврзуваат со градот Билазора, 217 година п.н.е. кога македонскиот крал Филип V ја обновил нејзината фортификациска мрежа и 168 година п.н.е. кога македонскиот крал Персеј во фаза на подготовки за Третата македонско-римска војна успеал да договори воена помош од страна на Галите кои биле стационирани во близина на Билазора.
До локалитетот може да се стигне со автомобил или пеш преку асфалтниот пат и новоизградената пешачка патека.

**Храм „Свети Николај Чудотворец“**
Денешната црква е изградена во последните децении од минатиот век врз темелите на старата црква од 19 век. Старата црква која е вкопана под земја и датирана во далечната 1847 година. Од 2011 година е посветена на Свети Прохор Пчински кој потекнува од Овче Поле, а „горната“ – новата црква го задржа името Свети Никола. Во старата црква се наоѓаат импресивниот олтар од 19 век и многу стари икони. Изградбата на црквата во 1847 е поврзана со добивањето официјална дозвола за пазар и оформувањето на гратчето Свети Николе.

**Ѓуришкиот Манастир**
На местото од сегашната манастирска црква, постоела друга, која од страна на Турците, во 16 век била срушена. Сегашната манастирска црква, во помали димензии и без купола е возобновена 1920-1930 година. Иконите на иконостасот се од 19 век, а не е познато од кој зограф се. Со други податоци не располагаме.

**Останати цркви и манастири**
Во Општина Свети Николе постојат повеќе стари цркви ги привлекуваат посетителите и туристите. Освен црквите кои веќе ги споменавме, старите храмови градени во 15 и 19 век на темели од постари цркви кои се наоѓаат во денешната Општина Свети Николе се импресивни по својата големина, вид на архитектура и фрескопис. За најстара се смета црквата „Свети Никола“ во Буриловци, која потекнува од 9 век и е со зачуван фрескоживопис од 15 век. Црквата во Крушица е од 15 век. Многу зачувани фрески можат да се видат и во црквата „Свети Николај“ во Мечкуевци. Од 19 век се и црквите во Богословец, Кнежје, Преод, Сопот, и други села. Срушени цркви можат да се видат во селата Трстеник, Немањици, Строиманци, итн. Општина Свети Николе е вистински предизвик за сите љубители на старите македонски цркви.

**Манифестации**
Значителна предност за развој на туризмот во општина Свети Николе се и традиционалните манифестации која секоја година се организираат на локално ниво. Тука пред се се Меѓународниот фестивал - Тодорица и Свети Николај - Патрон на градот. На овие 2 манифестации секоја година присуствуваат голем број на посетители не само од општина Свети Николе и овчеполскиот крај, туку и од целата држава и пошироко од соседните земји.
**Меѓународниот фестивал - Тодорица** се организира од општина Свети Николе и неговите почетоци датираат уште од 1973 година кога општината била организитор на манифестацијата „Регионални фолклорни смотри“. Оваа манифестација ги опфаќала општините од Источниот дел на Р. Македонија и нудела презентација на чистите вредности на Македонската фолклорна ризница. Овој настан во годините кои следуваат прерасна во препознатлив Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“. Овој меѓународен фестивал е поврзан со верскиот празник „Тодорова Сабота“ и истиот се одржуба секоја година токму на овој празник. За време на фестивал се организира и тродневен панаѓур кој е посетен од огромен број на посетители - туристи од другите општини во Македонија, но и надвор од државата.

Инаку на Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“ секоја година учество земаат многу културно уметнички друштва од Македонија, Бугарија, Србија и други европски земји, што претставува одлична компетитивна предност за развој на туризмот во општина Свети Николе.

Празнување на „СВЕТИ НИКОЛА - патрон на градот“. Во организација на локалната самоуправа во Свети Николе традиционално се празнува 19 декември *Свети Николај*, патрон и заштитник на градот Свети Николе. На овој верски празник во црковниот храм* Свети Николај во Свети Николе се одржува Свечена утринска литургија на која присуствуваат голем број на граѓани. Со свечена литија и пресекување на празничниот колач пред споменикот на Свети Никола, во раните утрински часови, во центарот на градот, започнува прославата во чест на патронот на градот. Покрај големата празнична трпеза, богата со посни јадења и колачи подготвена од локалните фирми, институции, здруженија, градскиот плоштад е претесен да ги прими сите граѓани и гости кои

доаѓаат на прославата на Свети Никола. Во склоп на празнувањето се организира и Свечена академија“ на која се доделуваат признанија за најзаслужните граѓани од Свети Николе, за нивниот придонес за напредокот и промоцијата на Свети Николе

**ОСТАНАТО**

Општината има голем број на еколошки чисти подрачја и шумасти предели во кои има рановиден дивеч со можност за ловење и развој на ловниот туризам.

Вештачкото езеро Мавровица се наоѓа на само 9 километри од градот. Има целосна пристапност долж брегот и околу езерото има борова шума, која го збогатува и разубавува пејзажот. Езерото е богата со мрена, крап и сом, риболовот е дозволен и е редовна викенд дестинација за спортските риболовци од општината и регионот поблиску. Овде во летниот период традиционално се одржува меѓународен национален турнир во риболов крап.

За општина Свети Николе и целокупниот овчеполски регион карактеристични се голем број на традиционални јадење кои не можат да се најдат на друго место во државата, што во секој случај претставува уште една одлична предност за развој на туризмот во општината. Странските туристи секогаш кога доаѓаат во овчеполскиот регион остануваат восхитени од квалитетот на традиционалната храна, па оттаму тоа може да се искористи како компетитивна предност во развој на туризмот во општина Свети Николе.

Постоењето на традиционални обичаи и стари занаетчиски работилници се исто така значајни предности за развојот на туризмот во општина Свети Николе. Општината и нејзиното потесно опкружување изобилуваат со традиционални обичаи и стари занаети карактеристични за овчеполскиот регион кои истовремено претставуваат атракција за странските туристи кои го посетуваат регионот.

Општина Свети Николе не располага со податоци и анализа на туристичките потенцијали и поврзана инфраструктура – сместувачки и угостителски капацитети.

**КЛУЧНИ НАОДИ на секторската анализа – Економски аспект**

| ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ | ПОТРЕБИ И НАСОКИ |
|---|---|
| најголем број на активните деловни субјекти имаат од 1 до 9 вработени | привлекување на домашни и странски гринфилд и браунфилд инвестиции<br>споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на Општината, со фокус на жените и младите претприемачи |
| Најмногу активни субјекти има во секторот Земјоделство, шумарство и рибарство, но и дека кај истиот има најголем пад на активни деловни субјекти | споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка на замјоделието од страна на Општината, со фокус на жените и младите претприемачи |
| постојат мал број извозно ориентирани претпријатија | споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на Општината, со фокус на жените и младите претприемачи |

| | |
|---|---|
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини, но обработливоста е релативно слаба | Зголемување на обработливата површина преку помош за уредување на имотно-правните односи, создавање услови за производство на необработените површини, како и пренамена на дел од пасиштата, на начин кој е комплементарен со мерките за Економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства и Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој; |
| Слаба искористеност на туристичките потенцијали | Зголемена поддршка за заштита и промоција на традиционалните одлики и производи<br>Развој на руралниот туризам и спортскиот (лов и риболов) туризам, но и заштита и промоција на културните и другите знаменитости и традиционални обележја.<br>Мапирање на туристичките потенцијали. |

## Комунална инфраструктура и планирање

### УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Општина Свети Николе има изработено Генрален урбанистички план како и 37 Детални урбанистички планови како и 8 Урбанистилки планови за села и тоа за с.Амзабегово, с.Горно со Долно Црнилиште, с.Горобинци, с.Ерџелија, с.Кадрифаково, с.Мустафино, с.Преод и с.Трстеник.Од страна на заинтересираните правни и физички лица досега е извршена измена идополнување на помали делови од ДУП-овите, како и изработка на урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за одредени локалитети надвор од градежен реон.

**Индивидуално домување**

**Изградено градежно земјиште**

Индивидуалното домување, постоечко, односно изградено во Општина Свети Николе, во најголем процент е од типот на семејни куќи со дворна површина, а помал процент се од типот двосемејни куќи и куќи во низа.

Постоечкиот фонд на изградено индивидуално домување е покриено со планска документација, ДУП-ови од постар датум, изработени по метод на урбанистичко планирање со маркици, којшто не дозволува доградби и на поголеми градежни парцели што се со мал процент на изграденост.

Затоа се изградени голем број дивоградби, кои со Законот за легализација (Закон за постапување со бесправно изградени објекти), се во процедура на легализирање и стекнување правен статус на бесправно изградени објекти. Со развојот на приватниот сектор, се јавува потреба за поинтензивен развој за домувањето со мешана намена на објектите, т.е. деловно-станбени/станбено-деловни објекти, и можност за за брзо опслужување на физичките и правни лица за можност за изградба, доградба и надградба. Во новите ДУП-ови, односно на новите плацови на државно земјиште кои се продадени или се во процес на продажба, градежните парцели се поголеми, не се со маркица и се од типот на деловно-станбени/станбено-деловни објекти (главно кај сите се предвидени компатибилни намени што се застапени со одреден процент во согласност со законот).

**Неизградено градежно земјиште**

Најголем процент (95 %) од неизграденото градежно земјиште за индивидуално домување во Општина Свети Николе е во приватна сопственост и само околу 5 % во државна сопственост. Од ова може да се заклучи дека понудата на пазарот за инвестиции за градежно неизградено земјиште за домување во однос на покриеноста со ДУП-ови е добра. Со изградбата на автопатот Миладиновци - Свети Николе - Штип, се очекува зголемен интерес за изградба на куќи и Општината објави неколку огласи, а во план е пуштање нови огласи за продажба на градежни парцели за индивидуални куќи.

**Колективно домување**

Колективното домување во Општина Свети Николеможе да се согледа од следнава табела на колективни станбени згради.

| Улица | Година на градба |
|---|---|
| **Ленинова 61** | - |
| **Рахилка Гонева 29** | 1957 |
| **Рахилка Гонева 31** | 1957 |
| **Илинден 46/50** | 1958 |
| **Ленинова 1** | 1958 |
| **Илинден 5** | 1965 |

| | |
|---|---|
| **Ленинова 12** | 1965 |
| **Илинден 58/60** | 1967 |
| **Илинден 16** | 1968 |
| **4ти Јули 2** | 1973 |
| **Илинден 20** | 1973 |
| **Вељко Влаховиќ (Филип 2) 125/127** | 1974 |
| **Кочо Рацин 34** | 1974 |
| **Ангел Трајчев 28** | 1975 |
| **Вељко Влаховиќ (Филип 2) 154/156** | 1975 |
| **Вељко Влаховиќ (Филип 2) 158/160** | 1975 |
| **Јане Сандански 51,53,55,57** | 1975 |
| **Јане Сандански 77,79,81,83** | 1975 |
| **Кочо Рацин 43** | 1978 |
| **Кочо Рацин 70** | 1978 |
| **Вељко Влаховиќ (Филип 2) 2,4,6** | 1980 |
| **Вељко Влаховиќ (Филип 2) 30,32,34,36** | 1980 |
| **Ленинова 19** | 1980 |
| **Ленинова 21** | 1980 |
| **Ленинова 51** | 1980 |
| **Ленинова 53** | 1980 |
| **Маршал Тито 4** | 1985 |
| **Пионерска 17** | 1985 |
| **Ударничка 6** | 1988 |
| **Ударничка 4** | 1991 |
| **Пионерска 6б** | 2014 |
| **Скопска (Јане Сандански) 41** | 2018 |
| **Питу Гули (социјална Зграда)** | 2023 |
| **Питу Гули** | 2023 |

Изградено колективно домување

Во постоечките колективни згради на Општина Свети Николе, во сите 3 зони на градот, се изградени вкупно 873 станови. Дел од нив се од постар тип, но поголем број се во добра состојба. Побарувачката на станови во објекти за колективно домување е зголемена. Објектите се со решени односи во однос на сопственоста на становите, во тек е приватизација на земјиштето на кое се изградени зградите и кое станарите можат да го откупат од државата и сите се со решена инфраструктура. Во 2015 година се изгради нова зграда со 8 станови, од околу 60 м2 секој, а во тек е изградба и на уште една зграда, со 5 типа станови (тип А со квадратура 61,05 м2, тип Б со квадратура 62,25 м2, тип В со квадратура 65,70 м2, тип Г со квадратура 69,45 м2, тип Д со квадратура 111,10 м2). Се очекува со изградбата на автопатот Миладиновци – Штип, којшто поминува низ Свети Николе, градот да стане атрактивно место за живеење, ако се има предвид фактот што до Скопје ќе се стигнува за 20-ина минути.

**Планирано, но неизградено колективно домување**

Во планираната состојба на Општина Свети Николе со планска документација (ДУП-ови), покриеноста во однос на изградба на згради за колективно домување е добра.

**Индустриски зони**

Во Општина Свети Николе има 3 индустриски зони:

- Индустриска зона „Свети Николе“ - Оваа индустриска зона го опфаќа просторот од Земјоделското училиште кон Овче Поле, од двете страни на регионалниот пат Свети Николе - Овче Поле се до границите определени со ГУП. Инвеститорите кои ќе градат надвор од границите на ГУП се ослободени од трошоци за уредување на градежно земјиште, а истото треба да го направат сами и на своја сметка, но со претходно обезбедување на сите потребни согласности.

- Индустриска зона ,,Овче Поле,, - Оваа зона го опфаќа постојните капацитети на индустриски објекти кои се наоѓаат во делот помеѓу железничката станица и магистралниот пат М5 Штип –Велес , истите егзистираат и ново предвидените согласно Деталниот урбанистички план за индустриска зона ,,Овче поле,, Инвеститорите кои ќе градат надвор од границите на УП се ослободени од трошоци за уредување на градежно земјиште, а истото треба да го направат сами и на своја сметка, но со претходно обезбедување на сите потребни согласности.

- Зона „Мало стопанство” - Како посебен простор се појавува планираната Малостопанска а зона, која го опфаќа реонот помеѓу реката Периш, патот од „Југосуровина” до Здружението на возачите и автопатот Миладиновци – Штип.

Состојба на индустриските зони во општина Свети Николе[22]

1. Индустриска зона Овче Поле - во индустриската зона функционираат претпријатија од месната индустрија, фабрика за производство на битуменски изолациони материјали и фабрика за производство на сточна храна.

| | | |
|---|---|---|
| Локација | Индустриската зона Овче поле се наоѓа во КО Амзабегово | |
| Вкупна површина | 580,000 $m^2$ | |
| Процент на изграденост | 40 % | |
| Оддалеченост од центарот на општината | 9 km | |
| Сопственост | 100 % државна, 0% приватна | |
| Управувана | Општина Свети Николе | |
| Инфраструктура во зона | Водовод | Интерно водоснабдување со бунари |
| | Атмосферска канализација | Нема |
| | Фекална канализација | Нема |
| | Трансформатор | Има |
| | Пристапен пат | Има |
| | Осветлување | Нема |
| | Сообраќајница во зоната | Нема |
| Компании | Агриа – Овчеполка<br>БИМ<br>МИК | |

*Табела 2 Карактеристики на слободните парцели за градба во зоната*

[22] Податоците се земени од „Збирка на индустриски и туристички зони во Вардарскиот плански регион“ – Центар за Развој на Вардарски плански регион, 2015 година

| Површина на земјиште m² | Површина на градба во основа m² | Максимална висина на градба m | Почетна цена на земјиштето MKD/m² | Надоместок за уредување на земјиштето MKD/m² | Намена |
|---|---|---|---|---|---|
| **69407** | 48585 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **18236** | 12054 | 18 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **2831** | 623 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **2941** | 789 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **6967** | 2565 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **3766** | 2555 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **3990** | 2324 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **2105** | 1315 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **5673** | 3429 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **5349** | 2530 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **3784** | 2750 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **6446** | 4059 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **15864** | 11105 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **1691** | 10401 | 15 | 61.5 | 300 | Г2 |
| **10498** | 7348 | 5 | 61.5 | 300 | Г2 |



*Слика 1 Урбанистички план вон населено место Амзабегово за изградба на лесна и назагадувачка индустрија-индустриска зона Овче Поле, КО Амзабегово, Општина Свети Николе синтезен план*




*Слика 2 Индустриска зона Овче Поле*

1. Индустриска зона Југ

*Табела 3 Основни податоци за Индустриска зона Југ*

| | | |
|---|---|---|
| Локација | Индустриската зона Југ се наоѓа на ул. „Маршал Тито“ бб. | |
| Процент на изграденост | 60 % | |
| Сопственост | 100 % државна, 0% приватна | |
| Управувана | Општина Свети Николе | |
| Инфраструктура во зона | Водовод | Има |
| | Атмосферска канализација | Нема |
| | Фекална канализација | Има, но не е поврзано со колектор |
| | Трансформатор | Има |
| | Пристапен пат | Има |
| | Осветлување | Има |
| | Сообраќајница во зоната | Има |
| Компании | АД Мода; Доматти; Меѓународен Славјански универзитет Державин; Винекс; Млекара Николови; КАМОТЕКС ДОО увоз-извоз; Зона Трејд; Автосигурност; Цек Комерц. | |

*Табела 4 Сообраќајна поврзаност на индустриските зони од Општина Свети Николе*

| Сообраќајни врски | Индустриска зона Овче Поле | Индустриска зона Југ |
|---|---|---|
| Оддалеченост од автопати, експресни и магистрални патишта (km) | | |
| Миладиновци - Свети Николе - Штип | 1 | 2 |
| Оддалеченост од соседни општини (km) | | |

| | | |
|---|---|---|
| Општина Куманово | 41.7 | 41.7 |
| Општина Штип | 26.3 | 26.3 |
| Општина Велес | 34.3 | 34.3 |
| Општина Лозово | 15.6 | 15.6 |
| Оддалеченост од железничка станица од соседни општини (km) | | |
| Општина Свети Николе | 9 | 9 |
| Оддалеченост од аеродроми (km) | | |
| Меѓународен Аеродром Скопје | 65 | 65 |
| Аеродром Свети Апостол Павле-Охрид | 225 | 225 |
| Аеродром Белград, Србија | 453 | 453 |
| Аеродром Софија, Бугарија | 215 | 215 |
| Аеродром Солун, Грција | 234 | 234 |
| Аеродром Тирана, Албанија | 367 | 367 |
| Аеродром Приштина, Косово | 152 | 152 |
| Оддалеченост од пристаниште (km) | | |
| Пристаниште Солун, Грција | 214 | 214 |
| Пристаниште Драч, Албанија | 385 | 385 |
| Пристаниште Бургас, Бугарија | 580 | 580 |
| Оддалеченост од гранични премини (km) | | |
| Грција | 142 | 142 |
| Бугарија | 96.7 | 96.7 |
| Србија | 53.4 | 53.4 |
| Косово | 97.1 | 97.1 |
| Албанија | 242 | 242 |
| Оддалеченост од поважни градови (km) | | |
| Солун | 220 | 220 |
| Софија | 236 | 236 |
| Белград | 439 | 439 |
| Загреб | 828 | 828 |
| Љубљана | 966 | 966 |
| Виена | 1049 | 1049 |
| Будимпешта | 814 | 814 |

**Комунална инфраструктура**

**Водоснабдување**

Водоводната мрежа во Свети Николе има вкупна должина од околу 38 km (вклучувајќи ги и главните доводни цевководи во должина од околу 3,2 km). Снабдувањето со вода се врши преку пумпи.

Главен извор на вода е од хидросистемот „Злетовица“ Пробиштип. Дополнително е алтернативното водоснабдување од бунарите во м.в.„Дивјак“.

*Табела 4-1: Извори на вода*

| Назив | Апстракција | Испорака |
|---|---|---|
| Зафат на 3 од хидросистем „Злетовица“ | ~28–55 l/sec | Гравитација |
| Бунарско поле „Дивјак“ | ~2–7 l/sec | Пумпање/гравитационо |
| **Вкупен производен капациет** | **~28-62 l/sec** | |

Потрошувачката на преработена чиста вода за пиење за град Свети Николе во летниот период достигнува капацитет од 30 l/sec. до 55 l/sec., додека во зимскиот период достигнува капацитет од 22 l/sec. до 35 l/sec.
Теоретски максималниот капацитет во фабриката за преработка на чиста вода за пиење изнесува 70 l/sec.
Филтерната станица во м.в „Сивритепе“ располага со: два таложника од по 850 m3; пред таложниците има комори; агитатори на секој таложник со по една мешалка; дозир пумпи со мешалки на кади со полиакрил амид и стипса; три песочни филтри; два резервоари за чиста вода за пиење од по 500 m3; хлоринатско одделение; магацин за чување на хемиски средства - видео надзор
Под филтерна станица се и : пумпните станици Југо Тутун, резервоарите кај Амбуланта, пумпните станици во село Амзабегово, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Кнежје, Горобинци.
Водоснабдувањето на град Свети Николе се врши преку филтерната станица „Сивритепе“ и алтернатнивно преку филтер станица „Дивљак“. Во 7 села водоснабдувањето се врши преку сопствени бунарски ситеми, вклучувајќи го и с.Горобинци кое се приклучува на филтер станица „Дивљак“.

*Табела 4-2: Приклучоци за услуги за вода (корисници) на ЈКП „Комуналец'' Свети Николе*

| Име на населено место | Приклуч. за водоснабдување | | Приклуч. за собирање на отпадни води | | Приклуч. за пречистување на отпадни води | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Домаќинства | Комерцијал. и институции | Домаќинства | Комерцијал. и институции | Домаќин ства | Комерцијал. и институции |
| Свети Николе<br>Амзабегово<br>Ерџелија<br>Кадрифаково<br>Кнежје<br>Немањици<br>Мустафино<br>Горобинци | 4721 | 329 | 4142 | 325 | 3572 | 255 |
| **ВКУПНО** | 4721 | 329 | 4142 | 325 | 3572 | 255 |

Според последниот попис од 2021 година може да се на прави поделба на домаќинствата во општината според начинот нас на снабдување со вода за пиење и типот на населеното место

*Табела 5 Начин на снабдување со вода за пиење во Општина Свети Николе*

| **Начин на снабдување со вода за пиење во Општина Свети Николе** | **Вкупно домаќинства** |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **5120** |
| Вода во станот со приклучок на јавен водовод | 4021 |
| Вода во станот со приклучок на сопствен хидрофор | 67 |
| Чешма во дворот приклучена на јавен водовод | 18 |
| Улична чешма со вода од јавен водовод | 27 |
| Улична чешма со вода од посебен извор | 232 |
| Копан бунар | 220 |
| Дупчен (цевчест) бунар | 52 |
| Цистерна (резервоар со вода) со филтер | 4 |
| Цистерна (резервоар со вода) без фаарбасанци | 7 |

| | |
|---|---|
| Вода во шишиња | 472 |
| Непознато | - |

Водоводната мрежа во Свети Николе има вкупна должина од 30.140km (вклучувајќи ги и главните доводни цевководи – 3,190km). Дополнително, во 2021 година е извршена изградба на дел од водоводна мрежа во село Крушица со вкупна должина од 746 m.
Дистрибутивна мрежа во Општина Свети Николе според материјалот на цевките се состои од:

*Табела 6 Дистрибутивна мрежа*

| **Материјал** | **Должина (km)** | **%** |
|---|---|---|
| Поцинкувани, Дуктилно железо | 1516 | 5.03 |
| Азбест цемент | 16218 | 53.81 |
| Полиетилен (HDPE, MDPE) | 4682 | 15.53 |
| Поливинилхлорид | 7724 | 25.63 |
| **Вкупно** | **30140** | **100.00** |

**Одведување и пречистување на отпадни води**
Постојниот систем за собирање и третман на отпадни води во Свети Николе е воспоставен и бил во функција повеќе од 45 години.
Пречистителната станица за третман на отпадните води не е во функција од 2010 година.
Канализациона мрежа е долга 21,93km (18,73 км на главна и секундарна канализација) и се состои од санитарна, атмосферска и комбинирана канализациона мрежа. Канализационата мрежа потекнува од различен временски период и најчесто е изградена од бетонски цевки.

*Табела 7 Типови на канализациони мрежи за урбани отпадни води*

| **Бр.** | **Тип на канализациона мрежа** | **Должина (km)** | **(%)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Комбиниран систем за одведување на урбани отпадни води | 21.93 | 92.22 |
| 2 | Одвоен систем за фекални води | 18.73 | 77.63 |
| 3 | Одвоен систем за одведување на атмосферски води | 3.0 | 14.59 |

Канализациониот систем ги собира отпадните води од домаќинствата, вкупниот фактуриран волумен на отпадни води е помал од вкупниот фактуриран волумен од водата за пиење, поради тоа што сите домаќинства и индустриски објекти не се приклучени на канализациониот систем.

**Атмосферска канализација**
Атмосферската канализација не е застапена на територијата на градот Свети Николе, со исклучок на неколку парцијални решенија на пооделни локации што не ги задоволува потребите за зафаќање на атмосферските води и нивно одведување до водотеците.

**Наводнување и полевање**
АД „Водостопанство на РСМ“ – Скопје, Подружница „Свети Николе“ – Свети Николе испорачува вода за наводнување[23]. На теритиријата на делување на Подружница Свети Николе најзастапена наводнувана култура е луцерката која е засеана на површина од 1500 хектари, оризот кој по површина е на второ место со 580 хектари, пченката е застапена со 530 хектари, а лозовите насади се застапени со околу 430 хектари.

**Депонирање на отпад**

Депонирањето на отпадот се врши на градската депонија за цврст комунален отпад која се наоѓа во м.в „Љубичин Дол“ КП 4876/1 во КО с.Немањици со површина од 63000 $m^2$. Моменталната исполентост на депонијата е V = 45000 $m^3$, а Vmax = 180000 $m^3$. Моменталната исполнетост на депонијата е 35%-40%.

Сосотојба со отпадот

Согласно Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ“ бр. 68/04, 107/07, 102/08,143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16, 63/16), сите општини се должни да изработат општински план и програма за управување со отпадот во согласност со Националниот план за управување со отпад и Националната стратегија за управување со отпад. Овој план треба да ги даде општинските насоки за остварување на целите кои се утврдени на национално ниво. За таа цел изработен е План за управување со отпад со програма за општина Свети Николе за период 2019 –2024 година. Во Планот се дефинирани состојбите со секој вид на отпад, како и начинот на нивното управување од страна на општината.

Управувањето со отпад во општина Свети Николе се одвива преку Јавното комунално претпријатие „Комуналец” на ниво на целата општина.

Собирањето на отпадот во општина Свети Николе во летниот период се врши од 05ч -12ч, додека во зимскиот период собирање на комуналниот отпад се врши од 07ч - 14ч, секој ден во централното градско подрачје, додека во останатите населени места собирањето се одвива два пати неделно. Собирањето на отпадот се врши во контејнери со зафатнина од 1,1m3 со вкупен број 255 (парчиња), кои се наменети за домаќинствата и институциите и околу 2000 пластични канти за отпад.

Јавното Претпријатие „Комуналец – Свети Николе” располага со следниот возен парк:

Табела 26.Податоци од Јавното Комунално претпријатие Во Општина Свети Николе

| Број | Тип на возило | Број на возила |
|---|---|---|
| 1 | Специјални возила за подигање, транспорт и депонирање на отпад | 3 |
| 2 | Цистерна за миење на улици | / |
| 3 | Трактори | 3 |
| 4 | Цистерна за фекалии | / |
| 5 | Балирка за секундарни суровини - преса | / |
| 6 | Комбе | 2 |
| 7 | Пиагио | 1 |

Организираното собирање на отпад во општина Свети Николе се врши во пет од вкупно 36 населени места (сл.41). Тука спаѓаат следните населени места: градот Свети Николе, м.з. Немањици, м.з.Амзабегово, м.з.Ерџелија, м.з.Кнежје, м.з.Кадрифаково, м.з.Мустафино.




Слика 41. Население места во кои се врши организирано собирање на отпад

Во овие населени места од вкупното население со комуналата услуга опфатени се 16.827 жители. Со тоа вкупниот број на жители без комунална услуга изнесува 1.670. Количините на отпад кои се собираат дневно од страна на ЈКП „Комуналец – Свети Николе" изнесуваат 16 до 17 тони. Според овие податоци следува дека на годишно ниво на територијата на општина Свети Николе се генерира отпад во количина од околу 6.205 тони отпад. Во околината на градот поточно во 30 населени места на подигање на сметот работат приватни правни лица со склучен договор за собирање комунален отпад со општина Свети Николе. Комуналниот отпад од дел од населените места се одлага на депониjата во општина Свети Николе. Според степенот на создавање на отпадот од Националниот План за Управување со Отпад, следува дека:
- Број на жители 18,497 x 0.283 kg/ч/г = 5.234.651 t/г (степен на создавање на отпад според НПУО).

Според податоците за бројот на опслужено население, следува дека количините на создаден отпад во населените места каде што се собира отпадот изнесуваат 13.746 x
0,283 = 3.890 t/г, за градот Свети Николе, во другите 5 населени места кадешто се собира комуналниот отпад количината изнесува: 4.751 x 0,283 = 1.344 t/г додека во останатите населени места кои не ја добиваат комуналната услуга за собирање на отпад, количините на создаден отпад изнесуваат 1670 x 0,283 = 473 t/г.

Покрај основната дејност собирање, подигнување и транспорт на отпадот до депонија, останати активности коишто ги реализира ЈКП „Комуналец – Свети Николе" се: подигање и транспорт на комунален, разен неопасен технолошки отпад, депонирање на градежен шут, запленета прехранбена роба и роба со изминат рок на траење ЈКП врши и други дејности, како одржување на јавната чистота во градските и приградските населби, одржување на градските паркови, зеленило, парк-шуми, одржување и користење на пазари на големо и мало, дејност на објекти за спортски активности што се изведуваат на отворен или затворен простор, одржување и користење на јавниот простор за паркирање, украсување на населени места и уште многу други активности од комуналната сфера.

**Идентификувани проблеми**

- Појава на ѓубришта (диви депонии),
- Создавање на големи количини на биомаса која се одлага зедно со останатиот дел од отпадот;
- Непостоење на функционален систем за сепарирање nа отпад;
- -Недоволно канти за селекција на отпад;
- -Несоодветно сервисирање и санитарно-хигиенско одржување на контејнерите и пластичните канти за отпад;
- Недостаток на податоци за количини на отпад (пр. индустриски медицински на ниво на Општина);
- Ниска јавна свест кај населението;
- Неискористување на биоразградлив отпадот.

**Регионален систем за управување со отпад**

Во теке е реализација на проект кој претставува интегриран систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион. Предложениот систем се планира да опслужува население од околу 370,000 со генерирано количество отпад од 112,094 тони годишно. Собирањето на отпадот ќе се врши со примена на систем од две корпи – (1) корпа за сува фракција за рециклибилен отпад и (2) корпа за мокра фракција за мешан отпад. Градинарскиот отпад ќе се собира одделно и ќе се носи на компостирање. Отпадот ќе се собира на општинско ниво и ќе се транспортира на понатамошен третман. Системот ќе се состои од шест локални постројки за управување со отпад (ЛПУО) во Берово, М. Каменица, Виница, Штип, Ранковце и Куманово. Секоја ЛПУО ќе се состои од претоварна станица, мала постројка за компостирање и собирен центар (зелена точка) за собирање на останатите и посебните текови отпад од граѓаните. Откако отпадот се достави до ЛПУО, мешаниот отпад оди на преса (компактирање) додека рециклибилниот (метал, пластика, хартија/картон и стакло) оди на примарно класифицирање и сортирање. Компресираниот отпад понатаму се транспортира до Централната Постројка за Управување со Отпад (ЦПУО) која е предложено да биде лоцирана во општина Свети Никола во зоната на Мечкуевци -Арбашанци. ЦПУО ќе се состои од (1) постројка за третман (МБТ/био-стабилизација), (2) постројка за преработка на материјалите (МРФ), (3) мала постројка за компостирање и (4) нова санитарна депонија. Цртежите се претставени во Прилог 1.Предложената локација за ЦПУО се наоѓа во централниот дел на регионот на проектот на околу 15 километри североисточно од градот Свети Николе. Локацијата административно припаѓа на општина Свети Николе и се наоѓа во пограничната област помеѓу селата Мечкуевци и Арбасанци.

**Транспортна инфраструктура**

Покрај општина Свети Николе поминува новиот автопат Гоце Делчев А4  поминуваат два регионални патишта: Р1 и Р2, како и патните правци: А3м, кој се протега од Велес кон Штип и е на оддалеченост од градот Свети Николе 9,5 km низ Овчеполската рамнина, како и патниот правец Р1204 кој се протега од Куманово кон Штип, кој поминува низ град Свети Николе.
Регионалниот пат Р1:
- Р1204 Куманово – Свети Николе – Овче Поле – Кадрифаково – Штип

Регионалниот пат Р2:
- Р2236 Свети Николе – Мечкуевци – Пуздерци – Неокази
- Р2135 Свети Николе – Горобинци – Преод – Малино – Горно Коњаре.

На овие два патни правци се поврзани повеќе локални патни правци населените места во општината: - село Ерџелија – А4; - село Кадрифаково – А4 и А3м; - град Свети Николе – А4 и А3м; - село Црнилиште – Р1204 и А3м; - село Сарамзалино – А3м; - село Делисинци – А3м; - село Богословец – А3м; - село Немањици – А4 и Р2236; - село Пеширово – Р1204; - село Орел – Р1204; - село Ѓуѓанци – Р1204; - село Мездра – Р1204; - село Стањевци – Р1204; - село Павлешенци – Р1204;
- село Крушица – Р2135; - село Сопот – Р2135; - село Горобицни – Р2135; - село Преод - Р2135; - село Малино - Р2135.

Локална патна мрежа, Свети Николе, по години

| Свети Николе | **Вкупно** | **Асфалт и коцка** | **Макадам** | **Земјани** | **Непробиени** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2020** | 104 | 55 | 19 | 30 | .. |
| **2021** | 104 | 55 | 19 | 30 | .. |
| **2022** | 104 | 58 | 16 | 30 | .. |

Извор ДЗС

**Мостови на локална патна мрежа, Свети Николе, по години**

| | **Вкупно** | | **Постојани** | | **Привремени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Свети Николе** | **Број** | **Метри** | **Број** | **Метри** | **Број** | **Метри** |
| **2020** | 3 | 34 | 3 | 34 | .. | .. |
| **2021** | 3 | 34 | 3 | 34 | .. | .. |
| **2022** | 3 | 34 | 3 | 34 | .. | .. |

Извор ДЗС

Од овие показатели може да се види дека околу 80% од патиштата се асфалтирани или коцка што укажува на потребата да во иднина многу сериозно се пристапи во решавање на проблемот со уличната и патната мрежа на територијата на Општина Свети Николе. На локалните патишта има 3 мостови со вкупна должина од 34 м. Потребна е реконструкција или комплетна замена на мостот кај Отпад бидејки сопомала  ширина од коловозот на локалниот пат, како и во дел од руралните населби.

**Пазар**

Градскиот пазар во Свети Николе кој е лоциран во централното градско подрачје на граѓаните им нуди купување и продавање на стоки на организиран пазар.

Градскиот пазар во Свети Николе фунционира во склоп на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе. Пазарот е комбинација од отворен и затворен тип и истиот зафаќа вкупна површина од 4546 m$^2$. Од вкупната површина 3432 m$^2$ се од отворен карактер, а останатите 1114 m$^2$ се од затворен карактер.

Во затворениот дел од пазарот 600 m$^2$ се дуќани во приватна сопственост и канцеларии за вработените во Градскиот пазар, а во останатиот дел се сместени 40 метални тезги.

Во отворениот дел од пазарот  кој зафаќа површина од 3432 m$^2$ функционираат неколку дуќани, кои од 2016 година се во приватна сопственост и 100 нови поставени тезги. Во слоп на Градскиот пазар се  и градските тоалети.

Потребно е модернизирање на внатрешниот дел од Пазарот, замена на старите тезги во истиот, како и реконструкција на градските тоалети.

**Јавно зеленило**

За одржување на зеленилото е одговорно ЈКП Комуналец. Годишната програма за работа на ЈКП „Комуналец“ од Свети Николе е приказ на работните задачи и активности. Годишната програма е обврска произлезена од Законот за комунални дејности (член 7) каде комуналните дејности се вршат врз основа на развојните планови и програми, во кое комуналното претпријатие бара претходна согласност за годишната програма од Советот на Општина Свети Николе.

Под одржување на јавно зеленило се подразбира чистење, косење и собирање на трева, обнова, одржување и нега на дрвјата, одржување и кроење на украсни грмушки и жбунови, одржување и нега на сезонско и трајно цвеќе, одржување на поплочени и посипени со песок површини во паркови, фитосанитетска заштита на растенијата, депонирање на собраниот отпад, како и останати работни задачи потребни за одржување на јавно зеленило.

На подрачјето на град Свети Николе евидентирани се вкупно 160 878 м2 јавно зелени површини, од кои:

1. Парк “Александар Серафимов” со............................................22 908 м2
2. Градски Парк “Колишев Дол” со................................................67 243 м2
3. Скверови и зелени површини во потесно градско подрачје во кои спаѓаат Спомен Парк “Лазар Колишевски”, скверови пред општинска зграда, скверови пред ПТТ, скверови пред поранешна Стоковна куќа, скверови пред Општински суд, Градска Фонтана, зеленила пред сите колективни згради за домување и др. со..................................15 918 м2
4. Спортско – рекреативни површини (градски стадион кај Спортска сала “Цар Самоил” и нов градски стадиот кај Хотел Овче Поле) со...........................................................................................43 752 м2
5. Јавно – општински објекти со...................................................21 787 м2

**Вкупно:171 608 м2**

Зеленило пред колективни згради за домување во Свети Николе............................10 000 м2

**Електроенергетска инфраструктура**

Градот Свети Николе е поврзан на електроенергетската мрежа на Република С. Македонија. Во план е градот да биде поврзани на гасоводната мрежа во иднина.  Свети Николе не располага со централно градско греење.

На електроенергетската мрежа градот Свети Николе е поврзан преку 110 KV далекувод – Овче Поле. Во градот има една трафостаница за трансформација на електричната енергија за потребите на граѓаните.

Сите селски населби во општината се приклучени на дистрибутивната мрежа.

**Комуникациска инфраструктура**

Во Општина Свети Николе со комуникациската инфраструктура се опфатени: поштенскиот и телефонскиот сообраќај. Во општината постојат 4 (четири) ПТТ објекти, во Свети Николе, Горобинци, Амзабегово, Ерџелија.

Во овие објекти се вршат поштенски услуги: прием на писма, пакети, уплата и исплата на парични средства и сл.

Со телефонски приклучоци опфатени се корисници сите населени места. Расположивите капацитети се во рамките на потребните.

Водењето на телефонските водови во Општината Свети Николе е со подземни каблови и поставување на бетонски столбови, а од таму воздушно до телефонските претплатници.

**Интернет, радио, и ТВ покриеност**

Националните радио и ТВ сигнали ги покриваат сите населени места во Општина Свети Николе, преку повеќе земски национални мрежи (предаватели).

Покрај добивање на радио и ТВ сигналите преку земските национални мрежи, во општината постои и кабелска ТВ и интернет од повеќе оператори со кој е покриено поголем број на територијата на Општината.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Постојат само 8 урбанистички планови за села.<br>Мал е процент на населените места за кои има урбанистичка планска документација и истата е на ниво на општ акт. | Потребно е зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места заради побрз развој на заедницата. |
| ЈКП не ги има превземено сите водоводни системи во населените места не е искористена можноста за проширување на капацитетот на прочистителната станица за вода а со тоа и дистрибуција на третирана вода до рурланите населени места | Согласно закон ЈКП треба да ги превземе, управува и одржува водоводните системи заради обезбедување на квалитетна вода за пиење.<br>Како и да се зголеми |
| Нефункционирањето на Прочистителната станица (ПС) за отпадни води<br>Мала покриеност на населените места со канализациони системи.<br>Загрижувачко ниво на испуштање на непрочистена вода. | Потребно е изградба на канализациони системи во поголемите останатите места во општината, ставање во функција ПС каде постојат и изградба на нови ПС заради заштита/подобрување на квалитетот на водите во реципиентите со приоритет на Отпадните води на градот и индустриските зони. |
| Нема потребна патна мрежа во помалите рурални населени места со што отежнат е пристапот на граѓаните, во самите наслени места. Дел од постоечката патна инфраструктура е оштетена. | Изградба на нови улици во руралните средини. Реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените, децата, лицата со посебни потреби и стари лица. |
| Појава на ѓубришта (диви депонии), - Создавање на големи количини на биомаса која се одлага зедно со останатиот дел од отпадот; - Непостоење на функционален систем за сепарирање na отпад; -Недоволно канти за селекција на отпад; -Несоодветно сервисирање и санитарно-хигиенско одржување на контејнерите и пластичните канти за отпад; - Недостаток на податоци за количини на отпад (пр. индустриски медицински на ниво на Општина); - Ниска јавна свест кај населението; - Неискористување на биоразградлив отпадот. | Потребно е да с енаправи соодветен план на Отпад за Општина Свети Николе со главна цел намалување на дивите депониии, целосна покриеност со канти за отпад и селектирање на отпадот. |

**<u>Безбедност и сигурност во заедницата</u>**

**Процена на постенцијални ризици по заедницата**

**Проценка на загрозеност на територијата на Општина Свети Николе од природни непогоди и други несреќи и мерки за заштита и спасување** се ажурира постојано.

Документот ги дава следните проценки на загрозеност:

- Загрозеност од пожари,
- Загрозеност од полави,
- Загрозеност од Други опасности Екстремни временски појави (град, луња, суша, поројни дождови, снежни врнежи и наноси и мразеви), земјотрес, загадување (на почва, вода и воздух), заразни заболувања (кај луѓето и кај животните

**Планови за заштита**

Општина Свети Николе има неколку планови кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:

Заштита и спасување:

- План за за засолнување на населението, матријалните и културните добра;
- План за згрижување на настраданото и загрозеното население;
- План за радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- План за заштита и спасување од урнатини;
- План за заштита и спасување од поплави;
- План за заштита и спасување од пожари;
- План за заштита испасување од неексплодирани убојни средства;
- План за прва медицинска помош;
- План за заштита и спасување од животинско потекло;
- План за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло;
- План за Асанација на теренот;
- Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Свети Николе

**Пожари**

Пожарот претставува оган кој настанал надвор од контролираното огниште или оган кој го напуштил местото и способен да се понатаму развива со свои сили , при што нанесува материјална штета и опасност по здравјето и животите на лугето. Врз основа на податоците за настанати пожари кои се земени од ПО РЦУК Свети Николе, ПШС „Шумарство“ Свети Николе и ТППЕ Свети Николе, заклучуваме дека најкарактеристични за општина Свети Николе се пожарите на отворен простор, потоа следуваат шумските пожари и во помал обем на пожари на објекти.

Најчесто пожарите се јавуваат како:

- негрижа и невнимание на луѓето кои се присутни и претстојуваат во шумите поради сечење на дрва, собирање на шумски плодови, лов, излет итн.
- неисправни електрични инсталации, неисправни (неисчистени) или оштетени оџаци.

Во периодот од јануари 2012 до февруари 2023 година каде според бројот на настанати пожари доминираат пожарите на отворен простор кој изнесува 235 во однос на пожарите на објекти кои се 95, од кои пак покарактеристичен масовен пожар на објекти беше пожарот што се случи на 16 и 17 јули 2012 година во КО Пateтино, како и пожарите во повеќе села од кој најмногу во с. Орел и Немањици во 2024 година.

Во заштита и спасување од пожар на територијата на Општина Свети Николе формирани се следните институции и сили:

- Регионален центар за за управување со кризи - ЦУК;
- Координативно тело за заштита од пожари,

- ТППЕ (професионална единица),
- Доброволно противпожано друштво - Свети Николе
- ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО – ЈКП Комуналец, ЈП Погребални услуги
- ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ДРЖАВНО НИВО ЈП „Македонски шуми“ – подружница „Шумарство“ Свети Николе,
- ОО на ЦРВЕН КРСТ Свети Николе
- Штаб за заштита и спасување на Општина Свети Николе,
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - Подрачно одделение Свети Николе
- Центар за управување со кризи
- Месни заедници како и Локалното население.

**Поплави**

Поплавата претставува плавење на потесен или поширок комплекс на земјиштето, излевање на водата од речните корита, како и преливање на водата од акумулациите. Иако територијата на општина Свети Николе претставува сушно подрачје, со суви и со мали количини на вода во речните корита, при пообилни врнежи од дожд досега се покажа дека постои опасност од поплавување на земјоделски и градежни површини и на објекти. Како поголеми поплави со излевање на реките и поплави од порои во општина Свети Николе се евидентирани во февруари 2015 година, февруари 2013 и декември 2010 година, а додека поплава од брана е евидентирано во 1984 година.

Според извршените анализи подрачјето на општината Свети Николе може да биде изложено на:

- поплава од излевање на водотеците
- поплава од излевање на пороите
- поплава од висок водостој или оштетување на брана „Мавровица“.

Најчесто како потенцијални извори за настанување на опасноста од поплави се следните:

- обилните врнежи на дожд,
- нагло топење на снегот,
- излевањето на водите од коритата на реките и пороите,
- не апсорбирање на атмосферската вода во одводни ситеми,
- неисчистените речни корита и одводни канали,
- оштетување на заштитните појаси-насипи на реките како и од зголемен водостој и оштетување на брана „Мавровица“.

Опасноста од поплавување може да ја предизвикаат реките Мавровица, Карараш, Периш, Светиниколска и Буриловска река.

Во изминатиов период постојано се реконструира направено за отстранување на причините за настанување на поплавите.

**Служби за цивилна заштита**

Во Општина Свети Николе постои Просторен штаб за заштина и спасување за успешно да се справува со одредени причини за загрозување на безбедноста и сигурноста во заедницата и последиците од истите, кој е потребно да превзема активности во насока на:

- Ажурирање на персоналниот состав, со оглед дека некои лица стекнале услов за пензионирање, други лица се иселиле од општината итн.,
- Покрај потребата од ажурирање на персоналниот состав на силите за заштита, неопходна е соодветна обука како на лицата во состав на единицата, така и на лицата во координативното тело за справување со елементарни непогоди,
- Обезбедување на целата опрема за заштита и спасување по број и вид.

Може да заклучиме дека во моментов силите на Просторниот штаб не се во можност со полн капацитет да се справат со ризиците по безбедноста и сигурноста во заедницата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОКРИЕНОСТ**

Институции во општина свети николе задолжени за безбедноста и сигурноста во заедницата се:

- Општина Свети Николе / Просторен штаб за кризи
- ЈКП Комуналец
- ЈП Погребални услуги
- СОУ Кочо Рацин – Интернат
- ТППЕ Свети Николе
- ЈЗУ Центар за јавно здравје - Свети Николе
- ЈЗУ Здравствен дом “Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски”
- Министерство за внатрешни работи – Полициска станица Свети Николе
- Центар за управување со кризи – Подрачно одделение Свети Николе
- Дирекција за заштита и спасување – Подрачно одделение Свети Николе
- Министерстсво за одбрана – Подрачно одделение Свети Николе
- ЈП Македонски Шуми, поддружница Шумарство Свети Николе
- Агенција за храна и ветеринарство – Подрачна единица Свети Николе.

**ПРОТИВПОЖАТНА ЗАШТИТА**

**ТППЕ Свети Николе**

Од 1935 откако е формирано Доброволното противпожарно друштво (првата противпожарна единица воопшто во Свети Николе), до 1975 г. се под покровителство на Противпожарниот сојуз на Македонија . Во 1975 година со одлука на собранието на тогашна СФРЈ сите противпожарни друштва поминуваат под буџет на Републиката односно преминуваат во МВР како Територијални Противпожарни Единици (ТППЕ). Во вакква формација единицата се до 2005 година егзистира под МВР каде од 01.07.2005 година со спогодба поминува во Единицата за локална самоуправа Свети Николе со законско решение каде единицата ги покрива територијата на општините Свети Николе и Лозово.

Противпожарната единица на општина Свети Николе е една од 19 републички единици. Согласно член 5 став 4 од Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) “, ТППЕ Свети Николе ги покрива териториите на Општина Свети Николе и Општина Лозово.

Територијална противпожарна единица Територијална противпожарна единица ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- Гаснење на пожари на подрачјето на Оштината, односно подрачјето што го покрива
- Отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар
- Спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загорзен од пожари и експлозии
- Укажување на техничка помош при опасни ситуации
- Извршување на други работи при несреќи и непогоди
- Врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став
- Заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РСМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РСМ заради оперативно делување при гаснење големи пожари на целата територија на РСМ
- Давање помош кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави
- Водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена метологогија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општина Свети Николе
- Периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица
- Тековна поправка и одржување на механиката

- Давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи
- Соработува со општините чии подрачја ги покрива, едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање други активности
- Други работи што ќе бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**ДОБРОВОЛНО ПРИТОВПОЖАРНО ДРУШТВО**

Круцијалниот момент за формирање на ДПД е големиот пожар во 1928 година што го зафатил северниот дел од градот, поточно во така нареченото „ѓорчеванско маало“, при што истиот предизвикал огромни материјални штети на граѓаните: изгорени куќи, племњи, штали и други добра.

Повторно пожар со поголем интензитет е евидентиран во 1934 година, исто така предизвикувајќи големи материјални штети, но за среќа во двата големи пожари не се регистрирани човечки жртви. Увидувајќи ја потребата од организиран пристап за справување со пожарите, тогашната напредна младина, трговци, занаетчии и земјоделци, иницираат собрание на 15.04.1935 година за формирање на ДПД.

За прв претседател е избран поп Томо Павиќевиќ, секретар Миле Костов – срески писар, а прв Командир Миле Шаќиров. Идејата за организиран пристап за локализирање на пожарите, справување со поплави, земјотреси и останати елементарни непогоди, превземање на соодветни превентивни акции за опасностите при настанувањето на сообраќајните несреќи, со цел изградба на модерен, стабилен и одржлив противпожарен систем во општина Свети Николе и пошироко на територијата на Република Македонија, како и подигнувањето на јавната свест на граѓанството, а посебно на младата популација за опасностите од пожарите, останатите елементарни непогоди и сообраќајните несреќи се главни двигатели на активностите на ДПД до денес.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Персоналниот состав на силите за ЦЗ (просторен штаб) не е ажуриран | Редовно да се ажурира персоналниот состав на силите на Просторниот штаб |
| Не се реализирани потребните обуки на лицата за успешно справување со ризиците | Редовно да се спроведуваат обуки на силите за Просторниот штаб за сили |
| Недостасува потребна опрема за успешно справување со ризиците | Да се опремат силите на Просторниот штаб со потребна опрема по вид и број |
| Подобра меѓусекторска соработка | Вклучување на општината во дигиталната платформа за Е-Процена (на ЦУК) со цел за унифициран пристап во анализата и евалуацијата на ризиците, како и подобрено донесување на одлуки, координација и комуникација на локално ниво. |
| Непсотоење на посебен опфат на ранливите категории и лицата со посебни потреби. | Зајакнување на јавната свест и знаењето на граѓаните за справување со ризиците и опасностите со посебен осврт на потребите и способностите на ранливите категории на граѓани (реализирање на кампањи и едукативни настани во соработка со експерти и здруженија на граѓани). |

## Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливи изворина енергија

**Заштита на животната средина**

Заштитата на животната средина претставува еден од клучните сегменти за локалниот развој на заедницата. Нејзините карактеристики се придобивки на заедницата кои ги наследува, користи, но и отстапува на наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е значаен фактор кој го унапредува квалитетот на живеење како на сегашните, така и наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е во функција на развој на економијата, посебно на туризмот. Со користење на обновливи извори на живот се постигнува урамнотеженост на енергетскиот биланс и перспективите во областа на економијата, а со тоа и на вработувањето.

Природното наследство содржи развојна и културно - морална димензија.

Нагласените човекови активности во периодот од 2018-2024 година на територијата на Општина Свети Николе, доведоа до значителни влијанија во животната средина. Со цел да се одредени степенот на тие промени од клучна важност е воведувањето системски процени на состојбата со животната средина. Една од најефикасните рамки за системска процена е рамката ДСПИР која може да помогне да се идентификуваат зависностите, критичните фактори и детерминантите во планирањето на акции за намалување на влијанијата. Според рамката ДПСИР, постојат низа причинско-последични врски почнувајќи од „движечките сили“ (сообраќај, индустрија, урбанизам), преку „притисоците“ (емисии, отпад, бучава), до „состојбите“ (физички, хемиски и биолошки) и „влијанијата“ врз екосистемите, и здравјето и функциите на луѓето, што конечно водат до политички „одговори“ (приоретизација, поставување на целите, индикатори). Опишувањето на причинско-последичниот синџир од движечките сили и проблемите и помага во процесот на донесување на одлуки преку заедничко разгледување на економските, социјалните и прашањата од областа на заштитата на животната средина.

Дефинирањето на проблеми од областите на животната средина претставува извлекување на заклучоци од оцената на состојбата на животната средина. Проблемите се дефинирани во 5 одделни тематски области на животната средина:

1) вода,
2) воздух,
3) почва и искористување на земјиште и
4) природа и зеленило.

**1) Вода**

**Состојба со водите во општина Свети Николе**

**Состојба со површинските води**

Во хидролошки поглед, Овчеполските води припаѓаат на сливот на р. Брегалница. Најголем воден тек претставува Светиниколска река (Азмак). Таа се состои од три крака: Мавровица, Карataш (Црн камен) и Периш. Извориштето на Мавровица се наоѓа во близина на с. Макреш на надморска височина од 727 m. Карataш се формира во близина на с. Павлешенци на надморска височина од 389 m. Периш извира во атарите на с. Малино и с. Алакинци на надморска висина на 380 m. Овие три реки се соединуваат на средишниот дел на котлината кај Свети Николе и од таму течат во меридијански правец како Светиниколска река.

Светиниколска река во Овчеполската котлина прима неколку притоки. Од левата страна Буриловска река со Немашница, од десната страна Горобинска река (Поток), Кнежевска река и Ѓузумелска река. Сите имаат карактер на буици.

Овчеполските реки во летните месеци Јули и Август поради големото испарување и намалувањето на атмосферскиот талог наполно пресушуваат. Во котлината нема природно езеро. На реката Мавровица во местото Алин Дол изградена е акумулација Мавровица со

површина од 7 $km^2$ со зафатнина од 2.700.000 $m^3$. Акумулацијата се користи за водоснабдување на Свети Николе.

Природните и вештачките водотеци, делниците на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води, чии води според намената и степенот на чистотата се распоредуваат во класи, согласно Уредбата за категоризација на водите, се делат на пет категории. Главни видови на загадување на водотеците потекнуваат од комуналните отпадни води од населените места и загадувањата од земјоделско-сточарските активности, кои не се со интензивен карактер.Квалитетот на површинските води на ова подрачје е нарушен од емисии од индустриски активности. Во отсуство на податоци за квалитетот на водите во Општината, во продолжение е даден осврт на состојбите со квалитетот на водите на реката Брегалница, како основен хидрографски ентитет во регионот. Квалитативните карактеристики на водата на река Брегалница се следат на две мерни места:

- Крупиште (Долен Балван) - Проценетиот квалитет е со вредности за III класа.
- Убого - Проценетиот квалитет е со вредности за III – IV класа.

**Состојба со подземните води**

Во Овчеполската котлина, честа е појавата на слаби извори. Нив ги има во многу села и во нивните атари. Овие извори се хранат со вода од мали издани формирани во површинските слоеви. Нивните водени жици се слаби. Споменатите извори ги има само во зоните на бреговито земјиште и на котлинскиот оквир составен од цврсти карпи.

Во групата на појаки извори спаѓаат неколкуте ретки извори на допирот на различните геолошки творби. Такви извори во областа се: Глава и Староселски извор во атарот на с. Богословец, потоа изворот Три чешми во с. Трстеник, изворот Домузбунар во атарот на с. Горно Црнилиште. Еден таков извор избива и во Свети Николе, северно од градот (покрај Горобинска Река).

**Загадување**

Согласно Планот за сливот на река Брегалница во кој е Светиниколска река, главниот извор на загадување се отпадните води од домаќинствата, но и од добитокот и живината кои се чуваат околу куќите. Загадувањето може да биде од дифузно или точкесто. Околу 78% од населението е приклучено на канализацискиот систем со кој раководи ЈКП Комуналец. Околу 4% од комуналните отпадни води се пречистуваат во пречистителни постројки. Фосфорот е главниот загадувач што предизвикува загрижување кога се имаат предвид отпадните води од домаќинствата. Тој главно стигнува во отпадните води преку изметот на луѓето. Исто така, во близина на местата каде што се испуштаат отпадните води може да се забележи зголемена побарувачка на биолошка и хемиска потреба од кислород (БПК и ХПК).

Идентификувани притисоци во однос на водите во општина СВЕТИ НИКОЛЕ се

- Недоизграденост на системот за одведување на комунални и атмосферски води;
- Застарена водоводна мрежа;
- Недоволно количество на вода за пиење во одредени зони ;
- Злоупотреба на системот за дистрибуција на вода за пиење како техничка вода и вода за останати потреби;
- Недостаток на податоци за количеството на вода која се користи во техничко – технолошки процеси, нејзина повторна употреба и количество и квалитет на отпадни води за секоја инсталација;
- Недостиг на податоци за обезбедени дозволи за користење на вода и испуштање на отпадни води кај физички и правни лица што вршат активности на црпење и испуштање;
- Неодржување на зоните на отворените канали за одводнување или заштита од поплави кои се преполни со отпадоци, кои како такви негативно влијаат врз животната средина;

- Некоординираност со други институции во делот на надзорот и контролата на спроведувањето на обврските за животна средина од страна на субјектите на територијата на Општината;
- Непостоење на подземен катастар
- Можности од поплави заради неуредени речни корита на реките
- Отсуство на предтретман станици како и функционална прочистителна станица за отпадната вода
- Зголемување на еолската ерозија како резултат на уништиување на полезаштитните појаси во земјоделските површини
- Недостиг на јавна свет кај жителите.

**2)Воздух**

Утврдување на состојбата

За одредување на загадувачките материи во амбиентниот воздух неопходен е долготраен мониторинг на индикатори-параметри преку кои се одредува состојбата, односно квалитетот на амбиентниот воздух. Мониторингот претставува основа за преземање на мерки за заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот. За да се следи состојбата на квалитетот на воздухот потребно е да се врши мониторинг на загадувачките супстанци и истите да се идентификуваат квалитативно и квантитативно.

На територијата на Свети Николе во 2021 година инсталирани се 5 мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот во градот за ПМ10 и ПМ2,5 честици на следниве локации

- Дом на Култура „Крсте Мисирков“
- Здравствен дом Г.Гаврилски
- СОУ Кочо Рацин
- ООУ Гоце Делчев
- Шелтер центарот кај Агенцијата за вработување

Податоците и мапите на мерните станици се јавно достапни и се прикажани на мобилната апликација „Мој воздух“ или AirCare или директно на следниов линк https://maps.sensor.community/#16/41.8626/21.9439 но веќе подолг период истите не функционираат.

Имено,во РСМ мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух го вршат МЖСПП, кое управува со Државниот автоматски систем за квалитет на воздух кој се состои од 17 мерни станици. Оваа станица не е дел од Државниот автоматски систем за квалитет на воздух.

Главните извори на загадување на воздухот може да се поделат во две големи групи во: Стационарни; и Мобилни.

Во групата на стационарни извори спаѓаат индустриските објекти и ложиштата во индустријата, домаќинствата и административните објекти. Во зимскиот период, повеќе од 90% од населението во општината се затоплува со дрва, додека многу мал дел со струја или нафта. Тоа резултира со зголемена концентрација на јаглерод моноксид како последица на непотполно и несоодветно согорување на фосилните горива. Иако минимални, емисиите во воздухот можат да опфатат фугитивни емисии (прашина) и други загадувачки материи заради присуство на градежна механизација (мобилни извори на емисии).

Една од причините за загадување на воздухот во општината е сообраќајот. Во близина на подрачјето опфатено со планот поминува магистрална сообраќајница којашто го поврзува источниот дел на Р Македонија со главниот град.

Во издувните гасови на бензинските мотори како загадувачи доминираат јаглеродниот диоксид и јаглеродниот моноксид, а кај дизел моторите јагленоводородите, азотните оксиди, саѓите и органските киселини. Загадувањето на воздухот од сообраќајот е резултат на користењето на течни енергенси, при чие согорување се емитираат: азотни оксиди (NOx), сулфур диоксид (SO2),

јаглероден моноксид (CO), јаглероден диоксид ($CO_2$), прашина, алдехиди, олово (РБ) и органски киселини.
Нивото на емисиите во воздухот, од мобилните извори, не зависи само од степенот на активност, туку постои и директна поврзаност со квалитетот на горивата што се користат, како и старосната структура на возниот парк.
Фугитивните емисии се дефинирани како емисии кои се испуштаат во атмосферата, од извори во кои не спаѓаат димните оџаци, процесните отвори или вентилациони излези и други отвори од кои има т.н. насочена или контролирана емисија на загадувачки супстанции во воздухот. Изабри на футитивни емисии можат да бидат надворешни или внатрешни погонски активности (при транспорт, манипулација, утовар, истовар и сл., отворени складишни простори, бензински станици и сл.).
Фугитивните емисии можат да предизвикуваат незначително нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината и околината на планскиот опфат.

Идентификувани притисоци во однос на воздухот во општина СВЕТИ НИКОЛЕ се:

- Емисија од резиденцијални извори -домашни ложишта;
- Емисии од мобилни извори- транспорт;
- Фугитивни емисии на загадувачки супстанции во воздухот- испарувања од возила, бензински пумпи;
- Емисија на прашина од градилишта:
- Индустрија;
- Спалување на секаков вид отпад;
- Урбанизација и надминување на еколошкиот капацитет;
- Природни предиспозиции.

Квалитетот на амбиентниот воздух го одредуваат емисиите на загадувачки материи чие потекло е од различни извори.

**3)Почва и користење на земјиште**
Идентификувани притисоци врз почвите во Општина Сеети Николе Како резултат на движечките сили, се јавуваат следниве притисоците врз почвите, кои се презентираат преку директните антропогени притисоци и импликации врз животната средина и тоа:

- Интензивно земјоделство, користење ѓубрива и пестициди;
- Недостиг на ефикасен систем за следење/мониторинг како и податоци за квалитетот на почвата и за степенот на деградација предизвикана од индиректна контаминација од воздухот, водата, сточарските фарми, употребата на пестициди, минерални ѓубрива и сл.;
- Недоволна информираност на населението и низок степен на јавна свест во областа на заштита на почвата;
- Непокриеност на руралните подрачја со фекална канализациска мрежа, односно загадување на почвата со фекални води;
- Климатски промени.

Доминантни типови на деградација на почвата во котлината се: ерозија, засолување и алкализација и преоптоварување на почвите со хранливи материи, опасни материи и цврст отпад.
Главната причина за деградација на земјиштето во Овчеполската рамнина е континуираното долгорочно прекумерно пасење. Сточарството, главно овчарство, било главната продуктивна дејност низ вековите. Споредбените податоци на национално ниво покажуваат дека само пред неколку децении бројот на добитокот бил видно поголем од денес.
Интензивното земјоделско производство со примена на големи количини на минерални ѓубрива и ѓубриво, нерешениот третман на комуналните и индустриските отпадни води како и

цврстиот отпад дава можност за сегашна и идна контаминација на почвите во Овчеполската рамнина со хранливи материи и опасни материи.
Иако просторот покриен со ХМР Брегалница е прилично мал, сепак како резултат на специфичната геоморфологија и орографија има специфични климатски услови.
Овчеполската долина е дел од најсушниот централен дел на државата (сушен регион). Овче Поле е изложено на негативното влијание на судирот на медитеранската и континенталната клима, што резултира со суви климатски услови кои според Ланг факторот и индексот на сушност се едни од најсушните региони во државата. Сушината е дополнително засилена со силен и чест ветер, кој ја засилува евапотранспирацијата што предизвикува брзо губење на влагата во почвата. Силниот ветер предизвикува и ветрова ерозија и ширење на соли на пошироко подрачје. Во текот на годината има два значително различни периоди во однос на нејзините климатски услови: топол и сув летен период и студен и влажен период (октомври-март).

**4) Пределска и биолошка разновидност**
Како резултат на движечките сили, се јавуваат притисоци врз биодиверзитетот, и тоа:

- Континуирана пренамена на јавно зеленило и обработливи површини за сметка на урбан и инфраструктурен раст на општината;
- Непочитување на Законот за урбано зеленило;
- Недоволно одржување и заштита на постојните и новоподигнатите зелени површини;
- Појава на непродуктивно земјиште – напуштени места и парцели затрупани со отпад;
- Ниска свест за природното наследство;
- Непостоење на зелен катастар;
- Неодржливо земјоделство и нецелосна канализациска мрежа во руралните делови;
- Загрозеност на зелените површини од сеча и деградација од страна на несовесни граѓани;
- Фрагментација на живеалишта.

Една од посериозните причини за загуба на зеленилото во Општина Свети Николе е интензивното земјоделство.
Притисоците на кои секојдневно е изложен биодиверзитетот можат да доведат до следниве состојби:

- Загрозување на здравјето на луѓето и целиот жив свет;
- Загрозување на психофизичкото здравје на луѓето;
- Намалување на видовите флора и фауна;
- Промена на квалитетот на површинските и подземните води;
- Загадување на почвата со пестициди и хемикалии;
- Нарушено струење на воздухот;
- Нарушени визуелни аспекти;

**ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
Може да се каже дека во Општина Свети Николе бројот на градби со енергетска ефикасност е многу мал. Тоа се должи пред се заради постоечките изградени градби во главно до 1995 година кога немаше законска регулатива за изградба на енергетско-ефикасни градби. Последните години при реконструкција на постари објекти се поставуваат енергетско-ефикасна столарија и фасади, но нивниот број е релативно мал.
Во контекст на кажаното, за подобрување на постојната состојба потребно е да се обезбедат грантови за подобрување на енергетската ефикасност на градбите. Подобрување на енергетската ефикасност на градбите ќе придонесе кон намалување на потрошувачката на енергенси (дрва, нафта) за затоплување на градбите, а со тоа значително ќе се редуцира емисијата на $CO_2$ во атмосферата.

**Обновливи извори на енергија**

Во општина Свети Николе постои голем потенцијал за искористување на енергија од сонце и ветер како обновливи извори на енергија.

На подрачјето на Општина Свети Николе веќе постојат електроцентрали на обновлива енергија, во месноста Богословец има изградено и е во функција ветерен парк со инсталирана моќност од 36 MW, односно постојат 8 ветерници секоја со моќност од 4,5 MW, во атарот на село Амзабегово во функција се фотоцентрали со инсталирана моќност на производство повеќе од 100 MW.

Може да се каже дека можностите за искористување на обновливите извори на енергија (ветер, сонце) не се целосно искористени во општината, односно потенцијалот за можноста на нивно искористување е голем.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Загадувањето на почвата се случува поради дивите депонии и непрочистените отпадни води и канали | Неопходна е санација на дивите депонии и изградба на ПС |
| Нема соодветни податоци за концентрации на загадувачки материи во водухот | Потребно е да се воведе соодветен мониторинг и активен однос кон заштитата на воздухот со поставување на барем една мерна станица интегрирана во националната мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот, поднесување на иницијатива. |
| Незаштитени шумски екосистеми | Неопходна е редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва. |
| Енергетската ефикасност на објектите е на ниско ниво | Унапредувае на енергетска ефикасност со субвенционирање. |
| Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку субвенционирање |
| Немање на податоци за загадувачи на воздухот на територија на општина Свети Николе | Изработка на катастар на загадувачи на амбиенталниот воздух во Општина Свети Николе |
| Немање на алтернативни начини на снабдување со електрична енергија во локалните установи и Општината | Подобрена енергетска ефикасност на јавните објекти во сопственост на општините, локалните установи и ЈКП. |
| Немање на документација поврзана со климатските промени и справузање со таков вид на ризици | Системски пристап кон развивање на отпорност, кој значајно ја интегрира климатската адаптација, преку решавање на празнините во клучните услови за овозможување и клучните системи на заедницата со изработка на соодветен стратешки документ. |